# НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**ЗА**

**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРЕН ПАРК „ВЕЦ ГРОМОВНИК“ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО МОЌНОСТ НАД 10 MW, КО ДОЛАНИ, КО ДРАГОЕВО, КО ШТИП-ВОНГРАД, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП**

*Октомври 2025*

G-CONSULT

| | |
|---|---|
| Клиент: | ВИЕНТО ЕНЕРГЕТИКО ДООЕЛ Скопје |
| Предмет: | СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА |
| Локација: | ОПШТИНА ШТИП |
| Изработил: | Г- Консалт ДООЕЛ Скопје |
| Одговорно лице за изработка на документот: | М-р Мартина Блинкова Дончевска<br>*Магистер по биологија* |
| Број на лиценца за СОЖС: | *12-3383/2* |
| Внатрешна контрола: | Марко Ацевски<br>*Дипломиран инжењер по биологија* |
| Број на лиценца за ОВЖС: | 12-3382/2 |
| Соработници: | Ники Петрески<br>*Дипломиран инжењер по екоинженеринг и екоменаџмент*<br><br>*М-р Петар Ѓорѓиоски*<br>*Магистер за животна средина*<br><br>*Елена Китевска*<br>*Дипломиран инжењер по екоинженеринг и екоменаџмент*<br><br>*М-р Стефанија Ивановска*<br>*Магистер од областа на градежништвото*<br><br>*Проф д-р Иван Блинков*<br>*Експерт за деградација на почви* |


## G-Consult ltd.

Компанија за консултантство во животна средина

бул.8ми Септември 3-4/3, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

+39870/ 443-054

www.gconsult.mk

info@gconsult.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број 12-3383/2
Датум: 08-08-2025 година

# УВЕРЕНИЕ

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

**Блинкова Дончевска Иван Мартина** родена на 01.10.1987 година во Скопје, магистрирала на ден 07.10.2020 на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје на Природно-математички факултет, студии по екологија и таксономија, го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден 31.01.2017 година и се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина,** ги исполнува условите утврдени во член 85 став 2 од Законот за животна средина, а со тоа се стекнува со правото да биде вклучен во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
Izet Mexhiti

М.П

Централен Регистар 9/19/2025

**/електронски издаден документ/**

# Тековна состојба

Дигитално потпишан од: Dragana Bahchovanovska
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 19.09.2025 во 11:22
Издавач на сертификатот: Makedonski Telekom CA
Сертификатот е валиден до: 20.06.2026
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

| | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | **7442254** |

| | |
|---|---|
| **Целосен назив на Субјектот на Упис:** | Друштво за менаџмент, консалтинг, инжинеринг и дизајн Г-КОНСАЛТ ДООЕЛ Скопје |
| **Кратко име:** | Г-КОНСАЛТ ДООЕЛ Скопје |
| **Седиште:** | Ул. БУЛЕВАР" 8-ми СЕПТЕМВРИ" Бр.4/3-4 СКОПЈЕ - КАРПОШ КАРПОШ |
| **Вид на субјект на упис:** | ДООЕЛ |
| **Акт:** | Изјава : Пречистен текст на Изјава за основање на ДООЕЛ од 27.08.2025 година |
| **Датум на основање:** | 8/19/2020 |
| **Времетраење:** | Неогрничен |
| ***Вид на сопственост:** | Приватна сопственост |
| **Единствен даночен број:** | 4057020551298 |
| **Потекло на капиталот:** | Домашен |
| **Големина на субјектот:** | мал |
| **Организационен облик:** | 05.4 - доoел |
| **Надлежен регистар:** | Трговски Регистар |
| **Деловен статус:** | Активен |

## Основна главнина

| | |
|---|---|
| **Паричен влог MKD:** | 309,000.00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 0.00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 309,000.00 |
| **Вкупно основна главнина MKD:** | 309,000.00 |

## Сопственици

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 0809987450189 |
| **Име:** | **МАРКО АЦЕВСКИ** |
| **Адреса:** | Ул. МАНАПО Бр.7/1-51 СКОПЈЕ - КАРПОШ КАРПОШ |
| **Тип на сопственик:** | Основач/сопственик / Основач |
| **Паричен влог MKD:** | 309,000.00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 0.00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 309,000.00 |
| **Вкупен влог MKD:** | 309,000.00 |

## Дејности

| | | |
|---|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 70.200 | Дејности на советување во врска со работењето и останато управување |
| **ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС** | | |
| **Евидентирани се дејности во надворешниот промет** | | |

## Овластувања

### Управител

Централен Регистар 9/19/2025

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 0809987450189 |
| **Име:** | **МАРКО АЦЕВСКИ** |
| **Адреса:** | Ул. МАНАПО Бр.7/1-51 СКОПЈЕ - КАРПОШ КАРПОШ |
| **Овластувања:** | Управител, ВСС |
| **Тип на овластување:** | Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет |

## Подружници

| | |
|---|---|
| **Подброј:** | 7442254/1 |
| **Назив:** | **Друштво за менаџмент, консалтинг, инжинеринг и дизајн Г-КОНСАЛТ ДООЕЛ Скопје, Подружница Градежна лабораторија и лабораторија за животна средина Г-ЛАБ Скопје** |
| **Тип:** | Подружница |
| **Адреса:** | Ул. ГОЦЕ НИКОЛОВСКИ Бр.64 СКОПЈЕ - КАРПОШ КАРПОШ |
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра** | 71.120 Инженерски дејности и поврзано техничко советување |

### Овластени лица на подружницата

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 0809987450189 |
| **Име:** | **МАРКО АЦЕВСКИ** |
| **Адреса:** | Ул. МАНАПО Бр.7/1-51 СКОПЈЕ - КАРПОШ КАРПОШ |
| **Овластувања:** | Раководител на подружница |

## Дополнителни Информации

| | |
|---|---|
| **КОНТАКТ:** | |
| **E-mail:** | gconsultsk@gmail.com |

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

**Верификација**
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/87CE48CA50657D35E22707349D0AE1CA1678782F24D8E1106914AABAE2C644BD

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.*

Страна 2 од 2

*Предговор*

*Во процесот на донесување на стратешки плански документи, задолжително се изработува Стратегиска оцена на животната средина чија цел е предвидување на можните влијанија, како и превентивни мерки кои овозможуваат заштита на животната средина и здравјето на луѓето.*

*Овој нацрт извештај за Стратегиска Оцена на животната средина се спроведува врз основа на склучениот Договор помеѓу Г-КОНСАЛТ ДООЕЛ Скопје и ВИЕНТО ЕНЕРГЕТИКО ДООЕЛ Скопје, за подготовка и изработка на нацрт извештај за СОЖС за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „Громовник" (со капацитет над 10 MW) на катастарските општини Долани, Драгоево, Штип-вонград и Ново Село Штип, во Општина Штип.*

*Изработката на извештајот е согласно обврската на Изготвувачот на планскиот документ за спроведување на постапка за стратегиска оцена на животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, дадена во глава X (Оцена на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина) од Законот за животна средина.*

*Согласно точка 13 член 3 од Уредбата за стратегии, планови програми, вклучувајќи и нивните промени, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, изработката на урбанистички план е плански документ за кој задолжително се врши стратегиска оцена на влијанија. Целта на овој извештај е да изврши идентификација и анализа на влијанијата врз животната средина од имплементацијата на предвидениот плански документ уште во фазата на неговата подготовка и да предложи соодветни мерки за спречување, контрола и/или компензација на влијанијата.*

*Нацрт извештајот е изработен согласно содржината пропишана во Уредбата за содржина на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 153 од 20.12.2007 год.).*

## Содржина

1. ВОВЕД ... 10
2. ВОВЕД ВО СТРАТЕГИСКАТА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (СОЖС) ... 12
2.1 Стратегиска оцена на животната средина – дефиниција и цел ... 12
2.2 Координација меѓу планскиот документ и СОЖС ... 14
2.3 Процес на ОВЖС ... 16
2.4 Правна рамка за СОЖС постапката ... 17
3. РЕЗИМЕ/ КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА, ГЛАВНИТЕ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ, И ВРСКАТА СО ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ/ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ ... 20
3.1 Плански опфат ... 21
3.1.1 Плански опфат, граница и површина ... 21
3.2 Намена на земјиштето ... 23
3.3 Сегашна состојба на предметниот простор ... 23
3.4 Усогласеност со Просторниот план и соседни урбанистички планови ... 28
4. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОСТОРОТ И СОСТОЈБА СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ... 31
4.1 Карактеристики на просторот ... 31
4.1.1 Местоположба на проектната локација ... 31
4.2 Социјално-економски карактеристики ... 32
4.2.1 Основни карактеристики на населението ... 32
4.2.2 Стопански развој ... 33
4.3 Природни карактеристики ... 35
4.3.1 Геолошки, геоморфолошки,педолошки и сеизмички карактеристики ... 35
4.3.2 Хидрометоролошки и климатски карактеристики ... 39
4.3.3 Хидролошки карактеристики ... 40
4.3.3.1 Подземни води ... 41
4.3.4 Климатски промени ... 43
4.3.5 Биодиверзитет ... 44
4.3.6 Пределска разновидност ... 47
4.3.7 Користење на земјиште ... 49
4.4 Опис на сегашната состојба со животна средина ... 51
4.4.1 Квалитет на амбиентен воздух ... 51

4.4.2 Водени ресурси и квалитет на води ........ 52
4.4.3 Управување со отпад ........ 52
4.4.4 Бучава ........ 53
4.5 Културно наследство ........ 53
5. ОБЛАСТИ КОИ СЕ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ДИВИТЕ ПТИЦИ И ХАБИТАТИТЕ ........ 55
6. ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ........ 59
6.1 Корелација на целите на планскиот документ со цели на Стратегиската оцена на животната средина ........ 61
6.2 Корелација на целите на планскиот документ со други релевантни планови, програми/плански документи ........ 67
7. АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ ........ 82
8. ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ........ 85
8.1 Влијание врз квалитетот на воздухот ........ 85
8.2 Влијанија врз микроклима ........ 86
8.3 Влијание врз водите ........ 87
8.4 Влијание врз почвата ........ 88
8.5 Влијанија врз биодиверзитетот и природното наследство ........ 88
8.6 Влијание врз пределот ........ 89
8.7 Влијание врз културно-историско наследство ........ 89
8.9 Управување со отпад ........ 90
8.10 Влијание врз населението и социо-економските услови ........ 91
8.11 Влијание врз човековото здравје ........ 92
8.12 Кумулативни влијанија ........ 93
8.13 Влијанија од несреќи и хаварии ........ 97
9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И УБЛАЖУВАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ ........ 99
9.1 Мерки за намалување на влијанието врз квалитетот на воздухот и микроклима ........ 99
9.2 Мерки за намалување на влијанието врз водите ........ 100
9.3 Мерки за намалување на влијанието врз почвата ........ 103
9.4 Мерки за намалување на влијанието врз биодиверзитетот и природното наследство ........ 104
9.5 Мерки за намалување на влијанието врз пределот ........ 105

9.6 Мерки за намалување на влијанието врз културното наследство ........ 106
9.7 Мерки за намалување на влијанието од зголемено ниво на бучава ........ 107
9.8 Мерки за намалување на влијанијата предизвикани од управувањето со отпадот ........ 108
9.9 Мерки за намалување на влијанието врз населението и социо-економските услови ........ 110
9.10 Мерки за намалување на влијанието врз човековото здравје ........ 110
9.11 Мерки за намалување на кумулативни влијанија ........ 111
9.12 Мерки предвидени за заштита од несреќи хаварии ........ 112
10. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ ВРЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ........ 115
11. ЗАКЛУЧОК ........ 119
12. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ ........ 122
13. ИЗВЕШТАЈ ОД ЈАВНА РАСПРАВА ........ 125
14. ПРИЛОЗИ ........ 126

## КРАТЕНКИ И АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| ГУП | Генерален урбанистички план |
| ДУП | Детален урбанистички план |
| УПВНМ | Урбанистички план вон населено место |
| СОЖС | Стратегиска оценка на животната средина |
| ЕУ | Европска унија |
| ЛЕАП | Локален акционен план за животната средина |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и  просторно планирање |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство , шумарство и водостопанство |
| НЕАП | Национален акционен план за животна средина |
| ОИЕ | обновливи извори на енергија |
| ПП | Просторен План на Република Македонија |
| УП | Урбанистички план |
| УЗ | Урбана заедница |
| УБ | Урбан блок |
| ЈП | Јавно претпријатие |
| ЗЗП | Закон за заштита на природата |
| ПП | Парк на природата |

# 1. ВОВЕД

Согласно Зеленото сценарио за Декарбонизација, на Република Северна Македонија, до 2040 година е потребно намалување на емисиите на стакленички гасови за најмногу 61,5% во однос на 2005 година, истовремено значително зголемувајќи го користењето на обновливи извори на енергија (ОИЕ) и на одржлив начин достигнувајќи нивно учество од 45% во бруто потрошувачка на финална енергија. Стратегијата, исто така, ја нагласува потребата за промовирање на користењето на ОИЕ на начин кој обезбедува одржлив енергетски развој. Во таа насока ветерните електроцентрали ќе бидат најбрзорастечки технологии за производство на електрична енергија. Оттаму произлегува и основната цел на планскиот документ **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „Громовник“ (со капацитет над 10 MW) на катастарските општини Долани, Драгоево, Штип-вонград и Ново Село Штип, во Општина Штип**, т.е. поттикнување на користење на обновливи извори на енергија, конкретно енергијата од ветерот како дел од националните напори за транзиција кон чиста и одржлива енергетика. За изработка на Урбанистички план добиено е позитивно мислење од општина Штип (арх.бр.18-4624/2 од 18.06.2025 дадено во Прилози).




**Слика 1. Локација на Ветерен парк Громовник**

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип предвидува планирање на површини за градба на објекти со поединечна намена Г3.7 – ветерни електрани (мали плантажи до 10 ветерници), пристапен пат до истите, подземен електричен вод и оптички кабел (сл.1).

Со имплементација на овој план се очекува придонес кон намалување на емисиите на стакленички гасови и зголемување на уделот на електрична енергија од обновливи извори. Производството на електрична енергија од ветер, за разлика од традиционалните фосилни горива, директно придонесува за намалување на емисиите на $CO_2$ и намалување на зависноста од увозни енергенси.

Планот предвидува поставување ветерни електрани, нивно меѓусебно поврзување преку патна инфраструктура, изградба на подземни електрични и комуникациски инсталации, како и приклучување на мрежа преку соодветна трафостаница. Овие активности се предвидени во рамките на дефинираниот плански опфат, со цел ефикасна реализација и интеграција на ветерниот парк во постојната електроенергетска мрежа.

Урбанистички план претставува основен развоен документ и има крајна цел да ги пропише општите и посебни услови за градење, преку параметри, кои се потребни за изработување соодветна понатамошна проектна документација за изградба преку:

- рационално користење на земјиштето,
- почитување и заштита на правото на човекот на работа,
- почитување и надградување на пејсажните вредности,
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,
- вградување мерки за заштита и спасување,
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- почитување на законските прописи за дадената намена,

Во концептот на просторната организација, неопходни се промени на неколку урбаноморфолошки нивои:

- неопходно е дефинирање на површините за градење, со што ќе може да се обезбеди рационален процент на изграденост, како и рационален коефициент на искористеност на земјиштето.
- Да се дефинира намена на просторот и пропратните содржини.

Реализацијата на овој урбанистички план ќе придонесе кон зголемување на енергетската независност на Република Северна Македонија и исполнување на националните и меѓународните обврски во доменот на климатските промени, обновливите извори на енергија и одржливиот развој.

Согласно Директивата 2001/42/ЕС за стратегиска оцена на животната средина и Законот за животната средина („Сл. Весник на РМ", бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22 и 03/25);, плановите кои може да имаат значително влијание врз животната средина се предмет на спроведување на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС). Подготовката на овој нацрт Извештај претставува составен дел од постапката за СОЖС за Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за ветерен парк „Громовник".

# 2. ВОВЕД ВО СТРАТЕГИСКАТА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (СОЖС)

## 2.1 Стратегиска оцена на животната средина – дефиниција и цел

Стратегиска оцена на животната средина (**СОЖС**) е систематски и партиципативен процес што се спроведува за да се анализираат влијанијата врз животната средина, животот и здравјето на луѓето, како и социјалните и економските аспекти поврзани со спроведувањето на одреден плански документ во овој случај *“***Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип***”.*

Целта на постапката за СОЖС е да осигура дека информациите за значајните влијанија врз животната средина од планскиот документ се собрани и се достапни до донесувачите на одлуките, во текот на подготовката на планскиот документ и пред неговото донесување. Постапката се спроведува уште во фазата на планирање со цел сите идентификувани влијанија, односно соодветните мерки за елиминирање или контрола на влијанијата да се предвидат во најраната фаза на подготовка на документот.

| |
|---|
| Цел на нацрт Извештајот за СОЖС за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изведба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, општина Штип, е навремено да ги вклучи целите на заштита и унапредување на животната средина на подрачјето опфатено во целите на планскиот документ. |

Заради тоа, СОЖС е клучна компонента во одржливиот развој, фокусирана на заштитата на животната средина. СОЖС има за цел да обезбеди рамка за дејствување врз процесот на одлучување уште во најрана фаза кога планските документи (кои пак најчесто предвидуваат индивидуални проекти) се подготвуваат.

Главни цели на СОЖС се:

- Обезбедување на механизам за идентификација, опис, проценка и известување за влијанијата од спроведувањето на плански документ;
- Спречување, намалување и неутрализирање на негативните влијанија врз животната средина, односно примена на најважните ограничувања во врска со животната средина, природните ресурси и климатските промени поврзани со имплементација на плански документ;
- Консултации и вклучување на заинтересираните страни, одговорни тела, органи на власта и јавноста уште во раната фаза на подготовка на плански документ;

- Обезбедување на мислење од јавноста и земање во предвид на тие мислења во конечната верзија на плански документ.

Специфичните цели на СОЖС се дефинирани согласно националната и меѓународна легислатива и се прикажани преку состојба на здравјето на луѓето, квалитетот на водата, воздухот и почвата, биолошката разновидност, материјалните добра, културно наследство и пределот, како што се:

- Заштита на животната средина со имплементација на Урбанистичкиот План;
- Подобрување на квалитетот на воздухот;
- Зачувување на квалитетот на водата;
- Интегрално управување со комуналниот отпад и неговата селекција, транспорт и рециклирање, а со тоа и минимизирање на депонираниот отпад;
- Минимизирање на појавите од несреќи и хаварии;
- Зачувување на ИУВ на природното и културното наследство;
- Идентификување области каде со планираните активности ќе се подобрат економските услови, квалитетот на живеењето и зголемување на животниот стандард;
- Зачувување на карактеристиките на пределот и животната средина.

Со постапката за СОЖС се интегрираат прашањата од областа на животната средина при носењето на одлуки за обемот и начинот на спроведување на планскиот документ. Притоа органот надлежен за спроведување на Планот, при неговото ревидирање и финализирање, ќе го земаат предвид следното:

- ✓ Состојбите и трендовите на областите и активностите во животната средина, што може да имаат влијание на локално и глобално или да бидат засегнати од спроведувањето на планскиот документ;
- ✓ Целите на животната средина и индикаторите за нивно постигнување при спроведувањето на планскиот документ;
- ✓ Веројатните значајни ефекти врз животната средина што може да настанат како резултат од спроведувањето на планскиот документ;
- ✓ Мерките за избегнување, намалување или ублажување на негативните влијанија;
- ✓ Ставовите, потребите и информациите обезбедени од засегнати страни (вклучително и од надлежни органи), во државата и во прекуграничен контекст.

Преку навремено спроведување на постапката за стратегиска оцена на животната средина се обезбедува идентификување на сите можни негативни и позитивни влијанија на целите на планот, програмата или стратегијата врз животната средина, а исто така, се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина. Националното законодавство сугерира процесот на стратегиската оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел целите на животната средина навреме да се земат во предвид при дефинирање на целите на самиот плански документ. Постапката за стратегиска оцена на животната средина

треба да обезбеди високо ниво на заштита на животната средина, спроведување на насоките од релевантните стратешки и плански документи и интегрирање на целите на животната средина во подготовка и усвојување на стратегии, планови и програми (плански документи), а во насока на промовирање на одржливиот развој.

## 2.2 Координација меѓу планскиот документ и СОЖС

Стратегиска оцена на животната средина во согласност со Законот за животната средина („Сл. Весник на Република Македонија “бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22 и 03/25) се изработува напоредно со изработката на планскиот документ. Овие два процеси, ќе овозможат соодветно вградување на целите за заштита на животната средина и мерките, но и за намалување на влијанијата врз изработката на Урбанистичкиот план.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Со реализација на планскиот документ се предвидува оптимално искористување на просторот наменет за ветерниот парк, обезбедување на најсоодветни решенија за пристапната и внатрешната сообраќајна инфраструктура (патишта за пристап и сервисирање), како и максимално усогласување со постојните природни и технички вредности на просторот, нивно интегрирање и функционално оформување на парцелите за поставување на придружните објекти.

Подготовката на нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина се базира врз основа на спроведување на истражувања, проценки и аналитички пристап кој се состои од следните чекори:

- Преглед и анализа на сегашната состојба на животната средина на и во околината на предложената локација;
- Запознавање со предлог планскиот документ за предметната локација, Условите за планирање на просторот, документациона основа и планската документација и графичките прилози;
- Идентификација на веќе дефинираните цели за заштита и унапредување на животната средина во постоечките стратешки документи на локално, национално и меѓународно ниво.




**Слика 2.Интеграција на процесите за Изготвување на урбанистички план со СОЖС (извор: Упатства за поддршка на примената на Протоколот за стратегиската оцена на животната средина, Економскта комисија на Обединетите нации за Европа, предлог за разгледување од реда**

## 2.3 Процес на ОВЖС

Постапката за стратегиска оцена на животната средина се состои од неколку фази чие што реализирање го олеснува и прави подетален процесот спроведување на стратегиската оцена: Постапката за СОЖС се спроведува во неколку фази/чекори:

**Проверка:** утврдување дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина и дали е потребно спроведување на СОЖС. Оваа фаза претставува изготвување на одлуката за спроведување на СОЖС (Прилог 1).

**Определување на обемот:** определување на обемот на информации и нивото на детали кои ќе бидат содржани во Извештајот на СОЖС.

**Извештај за СОЖС** е главниот механизам за известување во врска со описот и евалуацијата на значителните влијанија (позитивни и негативни) врз животната средина од имплементација на планскиот документ, како и активностите за спречување, намалување и колку што е можно повеќе, неутрализирање на значителните негативни влијанија. Извештајот за СОЖС треба да содржи информации, кои се точно дефинирани во Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ“ бр. 153/07).

**Консултација со јавноста:** опфаќа консултација со страните и засегнатата јавност во текот на определувањето на обемот на СОЖС, нацрт Извештајот за СОЖС и ставање на истите на јавен увид (објавување). Овој чекор подразбира изработка на план за вклучување на засегнатите страни во процесот. Начинот на учество на јавноста во овој процес е точно пропишано во Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови програми од областа на животната средина („Сл. Весник РМ“, бр. 147/08).

**Прифаќање:** обезбедување информации за одобрениот плански документ, односно колку од коментарите добиени во текот на консултациите биле земени во предвид и методите за мониторинг на значителните влијанија од имплементација на планските докуемнти.

**Мониторинг:** следење на имплементацијата на активностите, можните влијанија врз животната средина и социјалните аспекти во рана фаза за да им се овозможи на одговорните власти да превземат мерки за подобрување во текот на имплементацијата на планските документи.




**Слика 3.Дијаграм на постапката за СОЖС**

## 2.4 Правна рамка за СОЖС постапката

При подготовка на нацрт Извештајот за СОЖС, земена е во предвид и Директивата 2001/42/ЕС за оцена на влијанијата на одредени планови програми врз животната средина, која е транспонирана во националното законодавство.

Задачата на Директивата за СОЖС (Strategic Environemntal Assessment - SEA) е да ги воведе целите на животната средина во процесот на креирање на политиките во различни сектори. Нејзината цел е да обезбеди високо ниво на заштита на животната средина и да се придонесе за вклучување на проблемите поврзани со животната средина во подготовката и усвојувањето на плановите и програмите со цел промоција на одржлив развој. Со одредени исклучоци, СОЖС мора да се изготви за сите планови и програми што се подготвуваат во областа на земјоделието, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, транспортот, управувањето со водите, управувањето со отпад, телекомуникациите, туризмот, градските и регионалните планови или употребата на земјиштето, а кои ја поставуваат рамката за идните согласности за развивање проекти од Прилог I и II од Директивата за EIA или проекти што би можеле да имаат ефект врз природните живеалишта (Директива 92/43/ЕС).

Транспонирањето на главните обврски од директивите на ЕУ за животната средина во националните закони започна во 2003/2004 година со подготовка за Законот за животна средина („Сл. Весник на РМ“, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22 и 03/25), каде што се транспортирани основните принципи на СОЖС постапката и каде што се дадени правните основи за донесување на подзаконските акти од сите поединечни фази на СОЖС постапката. Закони кои ја регулираат постапката за СОЖС се:

- Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ", бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22 и 03/25);
- Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ", бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18, 151/21 и 03/25);
- Закон за води („Сл. Весник на РМ", бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16, 151/21 и 03/25);
- Закон за управување со отпад („Сл. Весник на РМ", бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 82/09, 124/10, 09/11, 47/11, 51/11, 163/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16, 31/20 и 03/25);
- Закон за управување со пакување и отпад од пакување („Сл. Весник на РМ", бр. 161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 06/12, 39/12, 09/13, 218/21 и 03/25);
- Закон за квалитет на амбиентен воздух („Сл. Весник на РМ", бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 100/12, 04/13, 10/15, 146/15, 151/21 и 03/25);
- Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ", бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15, 151/21 и 03/25);
- Закон за безбедност и здравје при работа („Сл. Весник на РМ", бр. 92/07, 136/11, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15, 30/16 и 18/20) и сите правилници кои произлегуваат од Законот.

Подзаконски акти кои ја регулираат постапката за СОЖС се:

- Уредба за стратегиите и програмите, вклчуваjќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ", бр. 153/07 и 45/11);
- Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ", бр. 144/07);
- Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ", бр. 153/17);
- Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ", бр. 147/08 и 45/11);
- Правилник на начинот на спроведување на прекугранични консултации („Сл. Весник на РМ", бр. 110/10);
- Правилник за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена („Сл. Весник на РМ", бр. 122/11).

Меѓународни договори релевантни за СОЖС постапката. Најрелевантните меѓународни договори кои се релевантни за оваа СОЖС постапката се:

- Конвенција за заштита на светското културно и природно наследство („Службен Весник на СФРЈ” 56/74). Конвенцијата е ратификувана со акт за сукцесија од СФРЈ во 1977 година.
- Конвенција за оцена на влијанието врз животната средина во прекугранichен контекст (Еспо, февруари 1991);
- Протоколот за стратегиската оцена на животната средина, усвоен врз основа на Конвенцијата Еспо и потпишан во 2003 година во Киев, Украина);
- Архуската Конвенција за пристап до информациите, учество на јавноста при донесувањето одлуки и пристап до правдата за прашања од животната средина (јуни 1998);
- Протоколот за регистрите на загадувачи и пренос на загадувачките материи (Киев, 21 мај 2003).

Содржината на нацрт Извештајот на СОЖС е дефинирана во Уредбата за содржината на извештајот за СОЖС и Директивата за СОЖС:

- Краток преглед на содржината, главни цели на Планскиот документ, поврзаност со други релевантни планови или програми;
- Информации за моменталната состојба на животната средина и што најверојатно би се случило без имплементација на Урбанистичкиот План;
- Веројатни значајни влијанија врз животната средина, вклучувајќи и прашања, како што се биолошка разновидност, население, човеково здравје, фауна, флора, климатски фактори, материјални добра, културно наследство, вклучувајќи архитектонско и археолошко наследство, предел, како и меѓузависност на овие фактори;
- Мерки за заштита, намалување и колку што е можно повеќе, неутрализирање на значајните негативни влијанија врз животната средина од имплементацијата на Урбанистичкиот План;
- Опис на предвидени мерки во врска со мониторингот, а во согласност со законските обрвски;
- Преглед на причините за избор на алтернативи и опис на начинот на спроведување на оцената, вклучуваќи и каква било потешкотија (како што се технички потешкотии или недостаток на знаење/вештини) при собирање на потребните информации;
- План за мониторинг на животната средина, чија главна цел е следење на резултатите од применетите мерки за ублажување во текот на спроведувањето на планскиот документ и дали во текот на имплементација на планските цели, се имплементирани и целите за заштита на животната средина и соодветното делегирање на надлежностите;
- Извештајот за стратегиска оцена ги содржи заклучоците од оцената на можните значителни влијанија врз животната средина од предложениот Урбанистички План.

# 3. РЕЗИМЕ/ КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА, ГЛАВНИТЕ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ, И ВРСКАТА СО ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ/ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ

Планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип опфаќа дел од повеќе катастарски општини на територија на Општина Штип и тоа КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип и зафаќа површина од **541947 m² или 54,19 ha.**

Основна цел на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип е планирање на површини за градба на објекти со поединечна намена Г3.7 - ветерни електрани (мали плантажи до 10 ветерници), пристапен пат до истите, подземен електричен вод и оптички кабел. Предметната локација е поволна за изградба на ветерен парк според податоците од Global Wind Atlas (сл.4) каде се предвидува дека просечната брзина на ветрот во најветровитиот дел е нешто над 6,9 m/s, а најдоминантни правци на ветрот се север и југ. Ветерниот парк ќе произведува електрична енергија 108.28 GWh на годишно ниво.




**Слика 4.Global Wind Atlas мапа**

Планскиот период за планирање на просторот со овој план изнесува 10 (десет) години и истиот по правило се изработува во една фаза, како предлог план, согласно член 21 и 22 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“ бр.32/2020).

Централата за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија, со капацитет над 10MW се планира да се изведува на терен на предметниот плански опфат од 541947 m² или 54,19 ha. При изведбата на ветерната електрана и изработката на техничката документација целосно ќе се почитуваат условите на локацијата односно поставеноста и ориентацијата на истата и барањата доставени во проектната задача од страна на Инвеститорот. Електричната енергија (еднонасочен напон и струја), генерирана во ветерните турнини, ќе се пренесува кон инверторот кој еднонасочниот напон и струја ги претвора во наизменични величини. Инверторите се опремени со заштитни уреди и модуларни места, па не е потребно изведба на DC заштитна склопна опрема помеѓу стринговите и инверторот. Од инверторот, наизменичните компоненти на електричната енергија (напон и струја), се пренесуваат до мали AC ормари кои се состојат од еден трополен осигурач. Понатаму, од овие AC ормари, електричната енергија се пренесува до разводен ормар РО во кој е монтиран раставувач со ножести осигурачи, AC одводник на пренапон и сите останати неопходни елементи. Ормарите и инверторите ќе се поставаат на соодветно место кое ќе биде претходно договорено со инвеститорот, под услов задоволување на сите технички и сигурносни прописи. Разводните ормари треба да бидат поставени на минимално растојание од самиот инвертор.

Проектираните разводни ормари треба да бидат изработени од изолациски материјал, односно мораат да имаат степен на заштита од IP65 или IP66 во зависност од типот на просторијата во која се наместени. Заради појавата на кондензација препорака е да бидат изведени од полиестер. Од разводниот ормар АЦ електричната енергија се предава на главната разводна табла на објектот ГРО, а потоа до нисконапонската страна на новопроектираниот напоен трансформатор, преку проводник. Произведената електрична енергија ќе се поврзе со трафостаница надвор од планскиот опфат која ќе дистрибуира ел.енергија до реципиент на МЕПСО.

## 3.1 Плански опфат

### 3.1.1 Плански опфат, граница и површина

Планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип опфаќа дел од повеќе катастарски општини на територија на Општина Штип и тоа КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип и зафаќа површина од 541947 m² или 54,19 ha. Периметарот на проектниот опфат изнесува **25133 m’**.

Пристапот до ветерниот парк е обезбеден преку локален пат, кој е непосредно поврзан со потпатникот на експресниот пат А4, преку кој се врзува со регионалниот пат Р1204, како и со крак од експресниот пат А4. Овој пристапен пат е проектиран да овозможи безбедно и ефикасно поврзување со државните патишта, обезбедувајќи соодветни услови за транспорт и пристап до

ветерните турбини. Со тоа се овозможува непречено функционирање и одржување на ветерниот парк, како и безбедно движење на возила од сите категории.

_




**Слика 5.Граници на плански опфат**

Границата на планскиот опфат (Слика 5) е прикажана со црвена линија која што ги поврзува сите прекршни точки. Инсталација на осум ветерници е со вкупно над 57,6 MW.

## 3.2 Намена на земјиштето

Со изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип треба да се овозможи планско решение за изградба на ветерна електрана со капацитет над 10 MW, да се дефинираат сите архитектонско-урбанистички параметри, нивната функционалност, диспозиција и капацитет, максимално користење на просторот од сите аспекти.

Просторот во рамките на планскиот опфат ќе се планира со следните намени:

- Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА
- Г3 – Производство на енергија од обновливи извори
- Г3.7 - Ветерни електрани (Мали плантажи до 10 ветерници)
- Е - ИНФРАСТРУКТУРА
- Е1 - Сообраќајна, линска и друга инфраструктура
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури

Во текот на изработка на урбанистичкиот план може да се јави потреба од други намени во рамките на планскиот опфат кои ќе бидат употребени како што се:

- Г4.5 – градби за чување и складирање енергија
- Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија
- Е1.8 – Трансформаторска станица
- Е1.9 – Телекомуникациски водови

Комплементарни и компатибилни намени, ќе бидат утврдени во самиот урбанистички план, а согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25). Применувањето на системот на немени да е во согласност со Член 80, 81 и Член 83 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25).

## 3.3 Сегашна состојба на предметниот простор

Локацијата на ветерниот парк се наоѓа на следните катастарски парцели:

**Табела 1.Класификација на парцели**

| КП број | КО | Сопственост | Култура |
|---|---|---|---|
| **347/1 , 348, 349, 355/1** | Драгоево | Република С. Македонија | Нива |
| **347/3** | Драгоево | Република С. Македонија | Јавни Пат. |
| **24, 285, 315, 318, 44, 550/1, 562, 564/1, 565** | Долани | Република С. Македонија | Пасишта плодни земјишта |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **28, 45, 316, 333, 559, 560** | | | Нива |
| **30** | | | Лозје |
| **47** | | | Камењар |
| **53, 553, 557** | | | Шума |
| **561** | | | Дол |
| **563/2** | | | Природни неплодни земјишта |
| **320, 1567, 1571,** | | | Некат. Пат |
| **1568, 1572** | | | Градежни неплодни земјишта |
| **311/1,** | | Приватна сопственост | Нива |
| **3991, 3993, 4122, 4156, 4181, 4182, 4189** | Штип Вонград | Република С. Македонија | Лозје |
| **3946, 3970, 3992, 4109, 4121, 4133, 4148, 4180, 4183, 4188, 4192,** | | | Пасиште плодни земјишта |
| **3966, 3971, 4157, 4234** | | | Овоштарници плодни земјишта |
| **3978/1,** | | | Шуми |
| **3994, 4120, 4235** | | | Нива |
| **4676, 4677** | | | Градежно изградено земјиште |
| **3987, 4114, 4162** | | Приватна | Лозје |
| **3988** | | | Шуми |
| **4163** | | | Овоштарници |
| **522/1, 899** | Ново Село Штип | Република С. Македонија | Земјиште под зграда, Пасишта |

Имајќи во предвид дека ветерниците (ветерните турбини) се надземни објекти кои припаѓаат на инфраструктурните системи и се составен дел од системот за производство на електрична енергија и се поставуваат над земјината површина, со оваа планска документација нема да се планираат градежни парцели. Наместо тоа, планската документација ја опфаќа линиската инфраструктура и површините за градба за ветерните турбини, со цел обезбедување функционална и технички усогласена подлога за изградба и оперативно одржување на ветерниот парк.

Оттаму, градбите од Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип,

Општина Штип, за кои не се предвидуваат градежни парцели, како што се електрични инсталации, патишта, платформи, градби за ветерници, оптички кабел и сл., претставуваат една градежна целина од линиска инфраструктурна градба.

*Водостопанство и водостопанска инфраструктура*

Површинските води се најзначајни за подмирување на потребите од вода, но нивната распределба на територијата на Републиката е нерамномерно. Потенцијалот на површинските води е диктиран од појавата, траењето и интензитетот на врнежите. ВП „Средна и Долна Брегалница", каде се предвидува изградбата на ветерниот парк, спаѓа во подрачја кои се сиромашни со вода. Специфичното истекување за сливот на реката Брегалница изнесува од 11,8 л/сек/км$^2$ кај мерното место „Берово", додека на водомерните станици „Очи Пале" изнесува 5,9 л/сек/км$^2$ и „Штип" изнесува 4,1 л/сек/км2. Изградбата на ветерниот парк каде ќе се користи ветерот како обновлив ресурс за производство на електрична енергија, во подрачје кое е сиромашно со хидроенергетски потенцијал, ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на регионот во согласност со принципите на еколошко и одржливо искористување на природните ресурси.

На просторот каде се предвидува изградбата на ветерниот парк има регистрирани времени водотеци. При изработката на документацијата и нејзината реализација да се избегнува деградирање на сливот на реката преку сечење на дрва, уништување на вегетацијата, менување на пејсажот и сл. што би можело да предизвика појава на ерозија, порои и лизгање на земјиштето. За наводнување на обработливите површини во ВП „Средна и Долна Брегалница" изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 25.758ха. За планскиот период се предвидува во ова водостопанско подрачје да се наводнуваат вкупно 49.069 ха. При изработка на документацијата да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и одводнување на обработливите површини и соодветно на тоа да се преземат мерки за нивна заштита и непречено функционирање. Низ дел од просторот поминува планиран регионален водоснабдителен систем Црна Река за кој при изработка на документацијата да се утврди планираната инфраструктура и соодветно на тоа да се преземат мерки за нивна заштита и непречено функционирање.

*Енергетика и енергетска инфраструктура*

Локацијата за изградба на ветерен парк "ВЕЦ ГРОМОВНИК" за производство на електрична енергија од обновливи извори, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип вон град, КО Ново Село Штип, Општина Штип, нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови. Поставувањето на ветерен парк за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.

*Јавни функции*

Локацијата за изградба на ветерен парк "ВЕЦ ГРОМОВНИК" за производство на електрична енергија од обновливи извори, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип вон град, КО Ново Село Штип, Општина Штип, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

*Сообраќајна инфраструктура*

Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- А4 (М-6) - (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија-ГП Ново Село);
- Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на регионални патишта "РГ и е со ознака:
- Р1204 - (Куманово-врска со А2-Свети Николе-Овче Поле-врска со А3- Кадрифаково-Штип-Софилари-врска со А4);
- Предметната локација се наоѓа во заштитната зона на карго аеродром Штип.

*Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа*

Локацијата за изградба на ветерен парк "ВЕЦ ГРОМОВНИК" за производство на електрична енергија од обновливи извори, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип вон град, КО Ново Село Штип, Општина Штип, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.

Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

*Заштита на природно наследство*

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот за изградба на ветерен парк "ВЕЦ ГРОМОВНИК" за производство на електрична енергија од обновливи извори, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип вон град, КО Ново Село Штип, Општина Штип, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

*Заштита на културно наследство*

Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарските општини Долани, Драгоево, Штип и Ново Село Штип има регистрирани и евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.

При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.

Согласно мислењето на  НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Штип  и извршениот теренски увид на дадената локација се констатира дека на просторот од предметниот урбанистички план постои евидентирано културно наследство во КО Долани, Општина Штип.

Евидентираното културно наследство е археолошкиот локалитет Јеребичова Вода-4-832-012/73 ЕНД. Во Археолошката карта на Република Македонија, том II, Скопје од 1996 година е заведен како водовод од доцноантичко време. На 400м источно од селото покрај чешмата, М. Ангелов открил керамички тубули од водовод кој веројатно бил поврзан со утврдената населба од локалитетот Кале, Градиште.

Според горенаведенето на дел од КПП 44, КО Долани, КО Штип во текот на спроведување на проектниот опфат Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк "ВЕЦ Громовник" за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 KW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип се наложува задолжително присуство на овластен археолог конзерватор, кој ќе врши археолошки конзерваторски надзор при почеток на изведување на градежните активности.

Вториот археолошки локалитет е Градиште Петокрака. Овој локалитет се наоѓа на запад од црквата Свети Илија, на висок рид со надморска височина од 580м. Локалитетот претставува мало уврдување на врвот на зарамнетото плато на ридот Градиште кај селаните познат како Петокрака. По површината на теренот има остатоци од бедем.

Според горенаведеното на дел од КП 44, КО Долани, КО Штип пред почетокот на спроведување на проектниот опфат Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк "ВЕЦ Громовник" за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 KW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип се наложува задолжително вршење на археолошки истражувања согласно член 55 од Закон за заштита на културно наследство (службен весник на РМ бр.20/04, 115/07, 18/11 20/19).

Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно- историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

*Туризам и организација на туристички простори*

Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Брегалнички туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 29 туристички локалитети.

Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.

*Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи*

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот со намена за изградба на ветерен парк “ВЕЦ ГРОМОВНИК” за производство на електрична енергија од обновливи извори, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип вон град, КО Ново Село Штип, Општина Штип, се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства и во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување

Согласно Просторниот План на Република Македонија, со намена за изградба на ветерен парк “ВЕЦ ГРОМОВНИК” за производство на електрична енергија од обновливи извори, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип вон град, КО Ново Село Штип, Општина Штип, се наоѓа во потенцијална зона на свлечишта. Доколку на предметната локација се потврди веројатноста за настанување на свлечишта, да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно законската регулатива.

Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

## 3.4 Усогласеност со Просторниот план и соседни урбанистички планови

При планирање на просторот во рамките на планскиот опфат треба да се имаат во предвид заклучните соглесувања од:

Услови за планирање на просторот издадени од Агенција за планирање на просторот со тех.бр. Y23025 од мај 2025год., а за кои од страна на Министерството за животна средина и просторно

планирање е издадено Решение за Услови за планирање на просторот со број 15-2465/2 од 13.06.2025 година и Решение за исправка на техничка грешка на Решение за услови за планирање на просторот со арх.бр. 15-2464/2 од 13.06.2025 година.

Услови за планирање на просторот издадени од Агенција за планирање на просторот со тех.бр. Y06721 од јуни 2021год., а за кои од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање е издадено Решение за Услови за планирање на просторот со број УП 1-15 819/2021 од 15.06.2021 година и Услови за планирање на просторот издадени од Агенција за планирање на просторот со тех.бр. Y24523 од август 2023год., а за кои од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање е издадено Решение за Услови за планирање на просторот со број УП 1-15 1771/2023 од 17.08.2023 година.

Просторниот развој треба да цели кон хармонизација на просторот, што треба да се уреди со посебните плански одредби. Планирањето на големината на површините за градба, висините на градбите, процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, одредувањето на потребен број места за паркирање како и останатите урбанистички параметри да бидат во согласност со важечките стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, но одредени според специфичноста на планскиот опфат. Основа за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип, треба да бидат:

- Услови за планирање на просторот издадени од Агенција за планирање на просторот со тех.бр. Y23025 од мај 2025год., а за кои од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање е издадено Решение за Услови за планирање на просторот со број 15-2465/2 од 13.06.2025 година и Решение за исправка на техничка грешка на Решение за услови за планирање на просторот со арх.бр. 15-2464/2 од 13.06.2025 година ;

- Услови за планирање на просторот издадени од Агенција за планирање на просторот со тех.бр. Y06721 од јуни 2021год., а за кои од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање е издадено Решение за Услови за планирање на просторот со број УП 1-15 819/2021 од 15.06.2021 година;

- Услови за планирање на просторот издадени од Агенција за планирање на просторот со тех.бр. Y24523 од август 2023год., а за кои од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање е издадено Решение за Услови за планирање на просторот со број УП 1-15 1771/2023 од 17.08.2023 година.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во Просторниот план на Република Северна Македонија, а во согласност со истиот.

Во рамките на планскиот опфат навлегуваат делови од следните проектни документации:

- Проект за инфраструктура за измена и дополна на проектот за инфраструктура на државен пат А4 делница Штип - Радовиш од км 7+413.49 ДО КМ 37+198.88 од км 7+413.49 ДО КМ 28+000 одобрен со Потврда за заверка од Министерство за транспорт и врски архивски број 71-2294/4 од 06.04.2021 година, изработен од Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје со тех.бр. 272-В/19 од декември 2020 година

- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична плантажа со моќност до 5MW на кп бр. 304 и 306 и изведба на среднонапонски кабел до најблиската прилучна трафостаница, КО Долани, Општина Штип со решение за одобрување бр. 18-1999/12 од 30.12.2021 година и е добиен Извод со број: 18-4833/2 од 26.06.2025 година од Општина Штип

Важечки проекти кои се во близина на планскиот опфат:

- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на пристапен пат и подземни електрични 35кВ водови за приклучок на фве до постоечка трансформаторска станица „ТС Штип 2“ 110/35/10кВ, Општина Штип одобрен со Потврда бр. 67-973/1 од 04.04.2025 година за кој е издаден извод бр.23/2025

Важечки планови кои со дел граничат со планскиот опфат:

- Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на Ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци, донесен со одлука на Владата на Република Северна Македонија број 50-5846/15 од 17 јуни 2025 година објавена во („Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/25) за кој е издаден Извод од план бр. 56/2025 од Министерство за транспорт.

Условите за планирање претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија, по сите области релевантни за планирањето во планскиот документ, обработени во Просторниот план на РМ и во согласност со истиот.

Во Условите за планирање на просторот, произлезени од Просторниот План на РМ акцент се става на бонитетот на земјоделското земјиште, на економските основи за просторен развој, на водостопанска инфраструктура, енергетска и комуникациска инфраструктура, сообраќај и врски, на заштитата на животната средина, заштита на природното и културното наследство, како и на заштитата и спасувањето од елементарни непогоди, несреќи и хаварии.

# 4. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОСТОРОТ И СОСТОЈБА СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## 4.1 Карактеристики на просторот

Планскиот опфат , кој е предмет на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „Громовник“ (со капацитет над 10 MW) на катастарските општини Долани, Драгоево, Штип-вонград и Ново Село Штип, во Општина Штип се наоѓа на надморска висина од 500-600 метри

### 4.1.1 Местоположба на проектната локација

Географска положба и население Општината Штип се наоѓа во централниот источен дел на Р.С. Македонија, сместен по должината на двата брега на суводолицата Отиња. Општината лежи на надморска височина од 300 m и се простира на површина од 893 km2 и зафаќа 3,1% од територијата на Р.С. Македонија. Општината вклучува 41 населено место и се граничи со седум општини и тоа: Радовиш, Конче, Неготино, Градско, Лозово, Свети Николе и Карбинци. Подрачјето на Општина Штип има претежно планинска и ридска местоположба, со исклучок на Кочанската, Овчеполската и Лакавичката котлина со долините на реките Брегалница и Лакавица. Површината на градот Штип изнесува 13,5 km2.



**Слика 6.Местоположба на на општина Штип**

### Урбанистичко и просторно планирање

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење е план кој се изработува во согласност со Просторниот план на Р.М. и служи за негово спроведување и разработка, а се донесува за подрачја и градби од државно значење кои не се опфатени и не може да се уредуваат со урбанистичките планови од локално значење, односно тоа се подрачја и градби, инфраструктури

и супраструктури од меѓународна, републичка, регионална и повеке општинска природа и стратешко значење за државата кои се опишани во член 17 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр.32/2020) и член 47 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25).

Земјиштето во границите на планскиот опфат се наоѓа на територија на општина Штип. Во 2022 е усвен Генерален урбанистички план (ГУП) на град Штип за плански период до 2029. Со ГУПот, генерално се утврдува идната урбанистичка и инфраструктурна изградба до 2029, се утврдува наредната градежна активност, изградбата на целокупната инфраструктура што ќе се спроведува во дадениот период и ќе биде основа за натамошните детални урбанистички планови (ДУП). Генералниот урбанистички план го детерминира идниот урбанистички развој на Штип и неговото проширување кое според сегашните опции повеќе е насочено кон север, односно во правец на Овчеполието, каде што веќе функционира ТИР зоната и индустриските зони Пребег и зоните од левата страна на експресниот пат од Штип кон Радовиш, каде веќе има неколку индустриски капацитети кои само со 10 насто го исполнуваат овој простор предвиден за идниот индустриски развој.

## 4.2 Социјално-економски карактеристики

Просторен опфат на планот се совпаѓа со територијата утврдена со административните граници на општина Штип согласно актуелната административно-територијална организација на Република Северна Македонија.

### 4.2.1 Основни карактеристики на населението

Вкупниот број на население во општината според Пописот од 2021 изнесува 44866 жители. Природното движење на населението искажано преку индикаторите за наталитет, морталитет и природен прираст, покажува тенденции на постојано намалување на стапките, што резултира со релативно посмирен процес на репродукција на населението. Механичкиот прираст на населението е со негативно салдо. Кај старосната структура на населението присутна е тенденција на опаѓање на учеството на помладите возрасни групи, за сметка на работоспособното население и групите над таа возраст. Присутна е и тенденција на намалување на просечниот број членови на домаќинствата. Околу 70% од населението спаѓа во категоријата работоспособно, а околу 71% од нив е активно население. Во оваа општина карактеристичен е висок процент на неземјоделско население (96,4%), што е повисок од Републичкиот и од другите општини во регионот на источна Македонија.

Општина Штип, како и во повеќето општини во Република Северна Македонија каде Македонците се доминантна етничка група, во селата има се помалку млади, а она население кое е останато (не мигрирале) се повеќе старее. Таквата состојба доведува до ситуација каде селата се населени со возрасни лица кои се во поодминати години и се со висок степен на социјална ранливост бидејќи живеат или сами или во домаќинство од двајца, односно со својот брачен другар, без помладите наследни генерации во непосредна близина.

## 4.2.2 Стопански развој

Текстилното производство е главен белег на стопанството во Штип и истиот учествува со околу 70% во вкупните остварувања на индустријата во општината. Активни се до 50-тина приватни конфекциски претпријатија, кои се организирани од стручниот кадар од претходно големите текстилни фабрики. Повеќето претпријатија имаат ЛОН производство, т.е продажба само на работна рака, без поголема додадена вредност на текстилните производи. Водечки фирми во овој сектор се: Беас, Модена, Линеа, Вивенди, Штиптекс, Ларс, Грација, Мавис, Албатрос, ВаБо, Елена и тн. Прехранбено-преработувачката индустрија е исто една од позначајните во Штип. Постојат капацитети за кондиторска индустрија, производство на масло, производство на безалкохолни пијалаци, преработка и конзервирање на овошје, како и неколку винарски визби. Во кожарската индустрија, за производството на чевли, позначајна да се спомне е фабриката Баргала, основана 1945. Најголем работодавец во градежништвото е АД „Бетон”-Штип, кој има преку 200 вработени. Во метало-преработувачката индустрија типични производи за Штип се: земјоделска механизација, опрема за наводнување, механички дигалки, алуминумска браварија, ковани огради, решеткасти конструкции за хали, соларни колектори и комплет соларни системи, метален мебел и галантерија, опрема за електроенергетски системи, сообраќајни знаци и општи услуги од металскиот сектор.

Структурата на деловните субјекти според националната класификација на дејности по стопански сектори во општина Штип и нивната бројност, даваат податоци за реалната економија во општината.

**Табела 2. Активни деловни субјекти по сектори на дејност според во Општина Штип**

| Состојба на 31.12.2018 | Штип |
|---|---|
| **Вкупно** | **1839** |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 73 |
| Рударство и вадење на камен | 2 |
| Преработувачка индустрија | 289 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 4 |
| Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 6 |
| Градежништво | 86 |
| Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли | 568 |
| Транспорт и складирање | 162 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 104 |
| Информации и комуникации | 28 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 4 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 25 |
| Стручни, научни и технички дејности | 182 |
| Административни и помошни услужни дејности | 22 |
| Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување | 6 |
| Образование | 30 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 86 |
| Уметност, забава и рекреација | 31 |
| Други услужни дејности | 131 |
| Дејности на домаќинствата како работодавачи, дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | 0 |
| Дејности на екстратериторијални организации и тела | 0 |

Од податоците прикажани во табелата погоре може да се забележи дека најголем број деловни субјекти во општина Штип вршат дејност на трговија на големо и мало, како и поправка на моторни возила, потоа следат преработувачка индустрија, стручни, научни и технички дејности, транспорт и складирање итн. Во општина Штип просечниот број на жители по компанија е 26,5 додека на национално ниво, просечниот број на жители на една компанија изнесува 29,5. Овие бројки всушност го изразуваат нивото на присуство на претприемништвото во засегнатата општина, односно подготвеноста да се преземе ризик. Повисок просечен број значи поголема зависност на населението од приходи како плата / пензија, а тоа значи и поголем ризик од социјална ранливост доколку се изложени на привремена или трајна загуба на приходот.

Земјоделство

Географските карактеристики на општината овозможуваат релативно висок степен на искористеност на достапните земјоделски капацитети. Иако урбаната населба, градот Штип, не е

значително ангажирана во земјоделски активности, сепак, во руралните населени места населението својот главен извор на средства за живеачка го остварува во земјоделието. Користеното земјиште во Штип според податоците во 2017 година се состои од пасишта (74,30%), бавчи и ораници (23,53%), лозја (1,25%), овоштарници (0,54%). Во 2017 година, според податоците на Државниот завод за статистика, во општина Штип имало засеано пченка на 157 ha, додека пак пченица била засеана на 11183 ha земјиште, јачмен бил засеан на 1182 ha. Детелина била застапена на 23 ha, луцерка на 516 ha, додека компир бил засаден на 35 ha. Гледано според бројот на единици домашни животни во земјоделските стопанства, најзастапена се: овци со 31283 единки, живина со 17601 единки, пчелни семејства со 3672, свињите со 3886 единки итн. Наводнувањето како земјоделска активност со цел да се подобри производството е доста застапено во општината. Бројот на индивидуални земјоделски стопанства кои вршат наводнување изнесува 1108, со наводнувана површина од 813ha. Во општина Штип најмногу се наводнуваат површини со жита (369ha), фуражни култури (140ha), зеленчук (93ha) итн. Исто во општина Штип, за време на пописот на земјоделие во 2007 година биле регистрирани 7 домаќинства кои што имале рибници на вкупна површина од 1.46 ha (0.40ha пастрмка и 0.71ha крап).

## 4.3 Природни карактеристики

### 4.3.1 Геолошки, геоморфолошки,педолошки и сеизмички карактеристики

***Геолошки и геоморфолошки карактеристики***

Територијата на Република Македонија има четири геотектонски региони или единици: Западно-македонска зона, Пелагониски масив, Вардарска зона и СрбскоМакедонски масив. Општина Штип припаѓа на Српско – Македонскиот масив и Вардарска зона. Штипската котлина и левиот брег на река Брегалница имаат хомоген релјеф со рамни површини и благи падини од притоките на река Брегалница. Високите ридови и терени се шират во јужните делови на Штипската рамнина кои преминуваат кон река Брегалница и се наоѓаат во подножјето на планината Плачковица.

Доминантни видови на почва во оваа област се алувијалните почви во ниските делови од коритото на река Брегалница, колувијални почви на неуредните терени и вертисоли кои покриваат повеќе од 35 % од областа. Овој подвид опфаќа склони ридски терени.

Во Вардарската зона предоминанти се кластичните седименти за разлика од компактните карпи кои формираат планинска рамка околу долините кои спаѓаат во оваа зона. Геолошкиот материјал на долината во оваа зоне е повеќе хетероген за разлика од другите зони и се состои од еоценкси и миоценски седименти и алувијални и пролувијални депозити. Има многу седименти од Палеогенот и Неогенот кои литолошки се многу хетерогени и воглавно се карбонати. Дел од нив се се богати со риолит додека поголемиот дек е богат со монтморилонит.

Во групата на некохерентни материјали се класифицирани и слабо гранулираните прашинести чакали од групата GFs кои се застапени во терасните и плиоценските седименти, како и добро гранулираните чисти чакали и песоци од групата GW/SW, кои се застапени во алувијалните наноси. Чакалестите материјали се карактеризираат со добри физичко – механички параметри од аспект на носивост и деформабилност, тие се средно до добро збиени и претставуваат релативно солидна геотехничка средина.

***Педолошки карактеристики***

На подрачјето и непосредната околина се среќаваат неколку почвени типа– флувисоли (алувијални почви вдолж реките и колувијални во долните делови од пороите), регосоли на ридовите и понекаде кромичен лувисол.

Алувијалните почви (флувисоли) се современи (рецентни) речни наноси на слоеви. Суспендираниот материјал од кој се образуваат овие почви има хетероген минералошко-петрографски состав. Според механичките својства, тоа се лесни почви. Макроструктурата е слабо изразена и затоа физичките својства зависат од механичкиот состав. Имаат добар воден, воздушен и топлотен режим. Тоа се многу плодни почви и на нив се одвива интензивно земјоделско производство. Застапени се како самостоен почвен тип по течението на реките. КОлувијалните почби зависат од механичкиот состав. Може да се корстат за земјоделско роизводство. Регосолите се карактеризираат со тоа што се млади, слабо развиени и им недостасува или е поплиток од 5 цм камбичен B - хоризонт. Нивниот минимален развој е резултат на фактори како што е новонанесен или нестабилен материјал, што овозможува малку време за формирање на почвен хоризонт. Тие може да имаат тенок А хоризонт или О хоризонт од акумулација на органска материја. Овие почви обично се наоѓаат на стрмни падини ко во ова подрачје или поплавни рамнини, и можат да се појават во широк спектар на климатски услови и под различни типови вегетација. Силно се подложни на ерозија. Хромичен Лувисол (циметна почва) се карактеризира со црвеникаво-кафеава боја, значителна акумулација на глина во подповршинскиот хоризонт (Bt хоризонтот) и умерена до висока заситеност на базата. Тие се формираат под шума и се наоѓаат во умерени и полусуви региони, при што клучен процес на формирање на почвата е преместувањето на глината од горните слоеви во Bt хоризонтот, што доведува до збогатување со глина таму.

**Деградација на почвата**

ЕЕА (Европска агенција за животна срдеина) препознава 3 основни облика на деградација на почвата: ерозија на почвата, хемиско загадување, запечатување/ завземање. Во ова подрачје нема никакво хемиско загадување со оглед на тоа што доминира тревни површини кои се користат за напасување, и понекаде има мали групи од црнборови култури. Што се однесува до завземање/запечатување, со градабата на ветерниот парк ке дојде до ваков процес но тоа нема големо значење. Единствен реален проблем е ерозијата (сл.7).

Геолошкиот состав, слабата вегетациска покривка и неправилното користење на земјиштето условуваат голем дел од Општината да е зафатен со ерозивни процеси. Вкупно се регистрирани 39 поројни текови од кои 12 припаѓаат на I, II и III категорија. Ерозивните процеси зафаќаат значителен

дел од површината на Општината, а ги зафаќаат просторите источно од река Брегалница, западните падини на Плачковица, сливот на река Отиња, ободните страни на Криволакавичка долина и поголем дел од просторот низводно од Штип.




**Слика 7.Карта на ерозијата**

Ветерниот парк се наоѓа на подрачјето од с. Долани преку мв Забница се до КЛисер Баир во една српеста површина. Видливи се процеси на силна површинска но и јаружеста ерозија.

Според интенсзитет, дефиниирани се процеси од II (силна) и III (средна ) категорија на ерозија. Само на мали локалитети каде што има борова шума има слаба ерозија. Генерално продукцијата на ерозивен материјал изнесува повеќе од 1000 $m^3/km^2$ годишно или над 10 t/ha, а достига до 3000 $m^3/km^2$ или 30 t/ha. Еродираниот материјал лесно се тарнспортира надолу па падините до хидриграфската мрежа и низводно се до крајниот реципиент.

Подрачјето е ранливо на суша при што се дефинирани двете највисоки категории - I (многу ранливо) на мали локалитети и II (ранливо) во најголемиот дел од работното подрачје (сл.8).




**Слика 8.Карта на ранливост на суша и карта на регион подложен на опустинување**

Со оглед на сите природни услови сообено климатските, поширопкиот регион спаѓа во подрачје ранливо на опустинување. Постојната вегетација го потврдува тоа особено присуство на драката но и дртуги видови.

***Сеизмолошки карактеристики***

Во согласност со досегашните сеизмолошки истражувања, Општината припаѓа на терени подложни на чести и постојни земјотреси предизвикани од поодалечните епицентрални жаришта. Јачината на досега случените земјотреси на подрачјето на Општина Штип биле со интензитет од VIII-IX степени по МЦС. Епицентрите од случените локални земјотреси на подрачјето на Општината изнесуваат VIII степени по МЦС, за најголемиот дел, а само за мал дел и тоа источно од правецот Аргулица-Радање (со толеранција од 10 km) IX степени по МЦС. На следната слика е дадена сеизмичката карта на Република Северна Македонија.



**Слика 9. Сеизмичка карта на Р. М.**

### 4.3.2 Хидрометоролошки и климатски карактеристики

Климата на овој простор е условена од следните услови: реката Брегалница, планината Плачковица и од ветровите. Просечната годишна температура на воздухот изнесува 13,0℃. Просечен годишен минимум од 11,7℃ и просечен годишен максимум од 14,3℃. Најтопол месец е јули со 24 °С, а најстуден јануари со 1,3℃. Апсолутен максимум на температурата на воздухот е забележан на 24-07-2007 година од 43,5℃, апсолутен минимум на температура на воздухот е забележан на 26-01-1954 година од -22,7℃, апсолутно годишно колебање од 66,2℃. Просечната зимска температуре изнесува 2,6℃, пролетната температура изнесува 12,6℃, летната просечна температура изнесува 23,2℃ и просечна средна есенска температура изнесува 13,6℃. Есенските температури се повисоки од пролетните. Просечен последен пролетен мраз е на 28.03, апсолутен последен пролетен мраз бил на 28-04-1984год. Просечен прв есенски мраз е на 6-11, а апсолутно последен есенски мраз бил на 16-10-1961 год. Мразниот период просечно трае 142 дена.

Просечната годишна сума на врнежите изнесува 473,3 mm и тоа најмногу во мај со 56,0mm, а најмалце во февруари 29,8mm, додека апсолутниот максимум на врнежите е забележан на 06-08-2007 година од 77,9mm или 1/m2. Зимскиот период паѓаат просечно 34mт по месец или вкупно за зимскиот период просечно 101,9mm, пролетниот период просечно пабаат 42,7mm или вкупно за 3, 4, и 5 месец просечно паѓаат 128,2mm, летниот период просечно паѓаат 37,2mm или вкупно за 6, 7 и 8 месец 111,6mm, а во есенскиот период просечно во месеците септември, октомври и ноември паѓаат по 44,3mm или вкупно за сите месеци просекот е 132,9mm. Годишен просек на влажноста на воздухот изнесува 67%. Број на денови со снег годишно има 19, денови со град има 35, годишен број на денови со магла е 12, просечната снежна покривка изнесува 9,7cm. Просечна должина на траење на периодот со снег е 95 дена. Просечен број на ведри денови е 87, просечен број на облачни денови е 194 дена и просечен број на тмурни денови е 84.

- Ветер

Во Штипската котлина најчест ветер е од северозападниот правец кој дува со честина од 196%., брзина од 3,6m/s и јачина до 10 бофори што е и најсилен ветер заедно со југоисточниот ветар кој е втор по честина од 179%. и со брзина од 3,8m/s што е најголема брзина. Ветер со најмала честина е источниот со честина од 18% 2,9m/s и јачина од 8 бофори. Честината на време без ветар - тишина е 395%, што значи дека повеќе од третина од денонокието е без ветар. Податоците се од мерната станица Штип. Според глобалниот атлас на ветер, март и април се месеци со највисок индекс на ветрови во Штип.




**Слика 10. Ружа на ветрови и индекс на брзина на ветрови во Штип по месеци (извор: [https://globalwindatlas.info/en/](https://globalwindatlas.info/en/) )**

## 4.3.3 Хидролошки карактеристики

Сиромаштвото со извори, кратки и мали водотеци и изразени поројни текови, во хидролошка смисла, Општината Штип ја подредува меѓу хидролошки посиромашните подрачја во Републиката. Најголем воден потенцијал претставуваат водите на реката Брегалница.Општината целосно припаѓа на сливот на реката Брегалница, која поминува низ нејзиниот централен дел и ги прибира сите помали речни текови од нејзината територија. Хидрографската мрежа во Општината ја сочинуваат Брегалница со нејзините притоки: Плачковица, Козјачка, Сува Река, Отиња, долниот тек на Злетовка, долниот тек на Лакавица и долниот тек на Св. Николска.




**Слика 11. Карта на сливното подрачје на река Брегалница со нејзините површински водни тела (извор: План за управување со слив на река Бреганица, Август 26, 2016)**

На просторот каде се предвидува изградбата на ветерниот парк има регистрирани времени водотеци.

### 4.3.3.1 Подземни води

Во сливот на река Брегалница, идентификувани се 5 подземни водни тела. Воглавно, може да се каже дека аквиферите во сливот на Брегалница се од алувијално и делувијално потекло, неконсолидирани и релативно плитки. Подлабоките делови од аквиферите се во делувијалните подножја на седиментите и се користат како извор за водоснабдување на некои градови вклучувајќи го и Кочани. На следната слика е дадена хидрогеолошката карта на сливното подрачје на река Брегалница.




**Слика 12. Карта на аквиферите во сливното подрачје на река Брегалница (извор: План за управување со слив на река Брегалница, Август 26, 2016)**

Според геолошкиот состав, подрачјето на Општината е сиромашна со издани со поголем капацитет. Од вкупно регистрирани 120 извори, 108 се со издашност до 1 л/секунда. Со издашност од 1–5 л/сек има 8 извори, од 5–10 л/сек 2 извори, и од 10–15 л/сек 2 извори.

Во Општината има извори на термо минерални и минерални води, од кои особено внимание заслужуваат локалитетите: Кежовица, Љуботен и Јагмуларци. Овие води, според своите карактеристики, се доста лековити. На просторот каде се предвидува изградбата на ветерниот парк има регистрирани времени издани.

Геолошкиот состав, слабата вегетативна покривка и неправилното користење на земјиштето условуваат голем дел од Општината да биде зафатен со ерозивни процеси. Вкупно се регистрирани

39 поројни текови, од кои 12 припаѓаат на I, II и III категорија. Ерозивните процеси зафаќаат значителен дел од површината на Општината, а ги опфаќаат подрачјата источно од р. Брегалница, западните падини на Плачковица, сливот на р. Отиња, ободните страни на Криволаковичката долина и поголем дел од просторот низводно од Штип.

Површинските води се најзначајни за подмирување на потребите од вода, но нивната распределба на територијата на Републиката е нерамномерно. Потенцијалот на површинските води е диктиран од појавата, траењето и интензитетот на врнежите. За наводнување на обработливите површини во ВП „Средна и Долна Брегалница” изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 25.758ха. Водостопански Подрачје „Средна и Долна Брегалница”, каде се предвидува изградбата на ветерниот парк, спаѓа во подрачја кои се сиромашни со вода. Специфичното истекување за сливот на реката Брегалница изнесува од 11,8 л/сек/км2 кај мерното место „Берово“, додека на водомерните станици „Очи Пале” изнесува 5,9 л/сек/км2 и „Штип” изнесува 4,1 л/сек/км2.




**Слика 13. Водостопански подрачја во планскиот опфат (извор: Просторен план на РМ)**

Низ дел од просторот поминува планиран регионален водоснабдителен систем Црна Река.

### 4.3.4 Климатски промени

Република Северна Македонија влегува во редот на земји кои не спаѓаат во Анекс I, односно во земји кои немаат квантифицирани обврски за редукција на емисиите на стакленички гасови, меѓутоа како земја кандидат за членство во ЕУ ќе мора да биде вклучена во заедничките европски напори и цели во врска со климатските промени. Република Северна Македонија изработи национален инвентар на антропогени емисии според извори и понори на сите стакленички гасови (GHG). Целта на инвентарот е да се идентификуваат главните извори и понори на стакленички гасови со поголема сигурност и усогласување на целите и информирање на донесувачите на одлуки. Инвентарот опфаќа база на податоци за шест директни гасови: CO2, CH4, N2O, PFCs, HFCs и SF6, и четири индиректни гасови: CO, NOx, NMVOC и SO2. Петте најголеми клучни категории на извори на емисии во Македонија се:

- Емисии на CO2 од индустриите за енергетика (јаглен, лигнит) (49,5%);
- Емисии на CH4 од депониите за цврст отпад (11,7%);
- Емисии на CO2 од мобилни извори, вклучувајќи ги и патните моторни возила (11,6%);
- Производствените индустрии и градежништвото (8,8%); и
- Емисии на CH4 од ентеричната ферментација на домашните животни (3,9%).

Анализата на клучните извори на емисии по подкатегории покажува дека подсекторот енергетски индустрии е најдоминантниот извор на емисии во целиот период на инвентаризацијата, потоа следува потсекторот градежништво. Емисиите од потсекторот производство имаат тренд на опаѓање, емисиите од потсекторот патен сообраќај имаат значителен пораст во однос на севкупните национални емисии во периодот 1990-2012 година. Слично на тоа, емисиите од потсекторот за одлагање на цврст отпад значително се зголемени во периодот 1990-2012 година, поради зголемувањето на населението, што допринесува за поголема потрошувачка и создавање на отпад. Во категоријата на користење на земјиштето и промените во користењето на земјиштето и шумарството, емисиите се релативно непроменети, освен во 2007, 2008 и 2012 година кога јаглеродните понори се значително намалени, поради големите шумски пожари. Во земјоделскиот сектор, најголем дел од емисиите на CH4 (89 %) се произведени со ентерична ферментација на домашните животни и овие емисии се во постојано опаѓање паралелно со намалувањето на популациите на добиток. На емисиите од арско ѓубре отпаѓаат 8% од емисиите на стакленички гасови, додека останатите емисии доаѓаат од оризовите полиња и горењето на остатоците. Во согласност со Првиот двегодишен ажуриран Извештај за климатските промени, вкупните емисии на стакленички гасови ќе се зголемат од 9,030 kt во 2012 година на 18,340 kt во 2035 година, односно за 100 %, според сценариото без мерки.

За намалување на емисиите на стакленички гасови, кои потекнуваат од различни сектори, во Четвртиот национален план за климатски промени (2023) предвидени се мерки за намалување и направена е анализа на емсии на стаклечнички гасови. Најзначајно учество во емисиите има енергетскиот сектор, со 75,4% во 2019 година, потоа земјоделството (без секторот за шумарство и друга намена на земјиштето) со 12,1%, индустриски процеси и употреба на производи (IPPU) со 6,8%

и секторот за отпад со 5,6% учество. Агрегатните емисии и отстранување на стакленички гасови (нето емисии) во 2019 година се проценуваат на 12.902 Gg CO2 -eq (вклучувајќи го секторот за шумарство и друга намена на земјиштето). Табелата 11 ги прикажува временските серии на емисии и отстранувања (дадени во Gg CO2 -eq) од 1990 до 2019 година. Има значителни флуктуации во нето емисиите во 2000, 2007, 2012, 2017 и 2019 година, каде што може да се забележат зголемени емисии во секторот за шумарство и друга намена на земјиштето (наместо отстранување) поради засилените шумски пожари/ пожари. Нето емисиите на стакленички гасови во 2019 година се зголемени за 18,7% во споредба со 1990 година, или 48,2% во однос на 2016 година, главно поради тоа што наместо да се прочистуваат, емисиите се појавуваат во шумарскиот сектор.

### 4.3.5 Биодиверзитет

Во просторот доминираат ридски пасишта претставени со суви ливади со големо антропогено влијание, на делови деградирани благун-габерова шума,повремени водотеци и обработливи површини.

ПРИРОДНИ ХАБИТАТИ – пасишта, шумски хабитати и повремени водотеци

Ридските пасишта се секундарни хабитати, кои се развиваат на места каде примарно се развиваат шумски екосистеми, на височина до 1200 m. Затоа, во хабитатот на ридските пасишта, може да се забележат различни сукцесиски стадиуми-од отворени пасишта, сѐ до силно деградирани шуми (благун-габерови и плоскачево-церови). Овие хабитати се карактеризираат со големи дневни и сезонски амплитуди на температурата на воздухот и почвата и пониска влажност (особено изразена во тек на летниот период). Ваквите еколошки услови се причина за специфичниот спектар на животни форми т.е. поголемата застапеност на терофитните растенија. Во рамките на подрачјето од интерес, повеќето тревести површини се всушност напуштени ниви и ливади кои сѐ уште немаат типични карактеристики на ридски пасишта. Фауната на овие хабитати изобилува со карактеристични видови, при што од влекачите најкарактеристични се *Coluber caspius, Ablefarus kitaibelli, Vipera ammodytes, Podarcis taurica, P. erhardii rivetti*, од птиците *Anthus campestris, Lanius collurio, Lanuus minor, Lanius senator, Carduelis cannabina*, и др.

Деградирани благун-габерови шуми (*Querco Carpinetum orientalis*) Благун-габеровите шуми припаѓаат на дабовата шумската заедница Querco Carpinetum orientalis macedonicum Rud. 39 apud Ht. 1946. Дабот благун (Quercus pubescens) и источниот (бел) габер (Carpinus orientalis) се главни едификатори во овие шуми. Деградираните благун-габерови шуми се одликуваат со мала застапеност на листопадни дрвја (Carpinus orientalis, Quercus pubescens, Fraxinus ornus и други) како резултат на нивно прекумерно искористување во минатото, поради што физиономијата на хабитатот е изменета. Овој хабитат се карактеризира со добро развиен тревест кат што се должи на присуството на отворени места и чистини помеѓу грмушките, потоа плитко еродирана почва, систем на густи клисури, помали или поголеми голи карпи и друго. Најзначајни растенија во катот на дрвјата се: Quercus pubescens, Paliurus spinachristi, Fraxinus ornus, Juniperus oxycedrus и Pyrus amygdaliformis. Тревестиот кат се состои од: *Minuartia glomerata, Euphorbia myrsinites, Ajuga*

*laxmanii, Knautia orientalis, Tunica illyrica, Althea sp*. и други. Фауната е типична за дабовите шумски задници. Од **цицачите** чести видови се: ежот (*Erinaceus concolor*), шарениот твор (*Vormela peregusna*), јужна полјанка (*Microtus guentheri*), а исто така се среќаваат: Apodemus flavicolis, A. agrarius, Rattus rattus, Mus macedonicus, Lepus europeus, Canis lupus, Vulpes vulpes, Mustela nivalis, Meles meles, Felis sylvestris, Sus scrofa**. Птиците** се претставени со Passer hispaniolensis, Hippolais pallida, Sylvia spp., Lanius collurio, L. minor, L. senator, како и некои видови од родот Emberiza карактеристични за брдските пасишта. Овој хабитат обезбедува поголем диверзитет на микрохабитати, еколошки ниши и места за гнездење на птиците. Бројот на птици кои се гнездат е поголем отколку во добро зачуваните благун-габерови шуми, но има помалку жители. Од **влекачите** присутни се: обичната желка (Eurotestudohermanni), зелениот гуштер (Lacerta viridis), ѕидниот гуштер (Lacerta erhardii riveti), балканскиот зелен гуштер (Lacerta trilineata), а од змиите се среќаваат ескулапов (шумски) смок (Elaphe longissima), џитка (Coluber najadum) и поскок (Vipera ammodytes). Најкарактеристични видови **водоземци** се: обичната жаба (Bufo bufo), зелената жаба (Bufo viridis), европската дрвна жаба (Hyla arborea) итн. Од инсектите карактеристични видови се Cerambyx cerdo и Morimus funereus, а се среќаваат и Carabus convexus, Calosoma sycophanta, Cymindis axillaris, Brachinus explodens, B. crepitans, Calathus fuscipes, C. melanocephalus. Од **пеперутките** најчесто се среќаваат следните видови: Colias crocea, Lybithea celtis, Nymphalis polychloros, Pararge aegeria, Vanessa atalanta.

**<u>Повремени водотеци</u>**

Во овие водни текови вода има само во текот на влажниот период од годината. Во рана пролет, нивото на водата е високо, додека во останатиот дел од годината водните корита на потоците се суви. Тоа е причината поради која овие водотеци немаат голема важност како водни екосистеми. Дното е главно покриено со *Cladophora glomerata u Spirogyra* spp. што овозможува добар слој за епифитички раст на диатомски видови. Диатомската композиција главно се состои од видови толерантни на еутрофикација како претставниците од родовите *Nitzschia u Navicula*. Од **водоземците** во овој хабитат присутни се: жолтиот мукач (*Bombina variegata*), обичната крастава жаба (*Bufo bufo*) и зелената крастава жаба (*Pseudepidalea viridis*). Чести видови **пеперутки** за овој хабитат се: *Carcharodus flocciferus, Pygus alveus, P. sidae, Spialia orbifer, Parnassius mnemosyne, Zerynthia cerisy, Apanthopus hyperantus, Arethusana arethusa, Lasiommata petropolitana, Pyronia tithonus, Vanessa atalanta* и други. Близината на земјоделските површини, септичките јами од околните куќи како и темпоралнот карактер на потокот условува да макрозообентосот е претставен пред се од толерантни видови на загадување *Hirudinea* и диптерски ларви.

<u>АНТРОПОГЕНИ ХАБИТАТИ – Земјоделски површини и урбани подрачја</u>

Обработливите површини плантажите какомонокултури имаат помало значење за биолошката разновидност отколку индивидуалните полиња. Монотипните култури на заедницата, еколошките услови контролирани од човекот и употребата на значителни количини пестициди и вештачки ѓубрива го одредуваат развојот на биоценозата со мало видово разнообразие. Одредени комбинации од полиња и градини значително ја зголемуваат вредноста на биолошката разновидност на овие типови биотопи.

**Фауна**

Полињата и нивите се поволно живеалиште за многу видови **цицачи**, како што се: кртот (*Talpa europea*), обичната полјанка (*Microtus rossiaemeridionalis*), јужната полјанка (*Microtus guentheri*), слепото куче (*Nannospalax leucodon*), шумскиот глушец (*Apodemus sylvaticus*), блатниот глушец (*Apodemus agrarius*), обичниот полв (*Glis glis*), домашниот стаорец (*Rattus rattus*), македонскиот глушец (*Mus macedonicus*), дивиот зајак (*Lepus europeus*), лисицата (*Vulpes vulpes*), невестулката (*Mustela nivalis*) и јазовецот (*Meles meles*). Овде постојано живеат три вида **птици** (*Perdix perdix, Miliaria calandra и Galerida cristata*), а десетина видови се гнездат.



**Слика 14. Дел од вегетацијата во с. Долани**

Останатите птици доаѓаат во полињата и нивите по храна. Се среќаваат само два вида **водоземци**: обичната жаба (*Bufo bufo*) и зелената крастава жаба (*Pseudepidalea viridis*). Овој хабитат се одликува со богатство на **влечуги**, а видовиот состав е многу сличен на брдските пасишта и напуштените ниви. Овој хабитат не е поволен за **пеперутки**. Сепак, спорадично можат да се сретна видови од фамилијата Pieridae. Што се однесува до т**ркачите**, структурата на заедницата се карактеризира со присуство на поголем број од видови кои се исхрануваат со култивирани растенија, особено со посеви: *Amara aenea, Amara ovata, Zabrus tenebrioides, Harpalus rufipes, H. serripes, Acinopus picipes, Ophonus azureus, Dixus obscurus и Dixus eremita.* Покрај овие, се среќаваат и други видови **тврдокрилци**: *Calathus melanocephalus, Chlaenius vestitus, Pterostichus niger итн.* Има 15 вида на **правокрилци**: *Polysarcus denticauda, Tettigonia viridissima, Tettigonia caudata, Decticus verrucivorus, Oecanthus pellucens, Acheta deserta, Omocestus ventralis, Chortippus loratus, Euchortippus declivus stichai, Dociostaurus brevicollis, Aiolopus strepens, Acrotylus insubricus, Calliptamus italicus, Oedipoda germanica и Forficula auricularia.*

Ниви со рудерална вегетација

Напуштањето на обработливите површини е доста чест процес во последните децении во државата. Како резултат на природната сукцесија на овие хабитати се појавуваат некои дрвенести и грмушести видови, а плевелите и рудералните растенија се типични за овој хабитат. Значењето за биодиверзитетот на нивите е многу мало, за разлика од нивното економско значење.

Флора

Од тревестите видови се среќаваат: Anthemis arvensis, Arctium lappa, Cynodon dactilon, Lolium spp., Hordeum vulgare, Hyosciamus niger, Cichorium intybus, Xantium spinosum, Taraxacum officinale, Malva sylvestris, Achillea millefolium, Vicia cracca, Bromus spp., Cirsium spp. и други.

Во однос на фауната, цицачите се претставени со ежот (Erinaceus concolor), кртот (Talpa europea), јужната пољанка (Microtus guentheri), дивиот зајак (Lepus europeus), како и некои видови глодари. Од птици најдоминантни видови се: Perdix perdix, Melanocorypha calandra, Coturnix coturnix, Alauda arvensis, Anthus campestris и други, додека фауната на водоземци и влечуги е слична на таа од соседните хабитати.

### 4.3.6 Пределска разновидност

Предел претставува топографски дефинирана територија што се состои од карактеристичен мозаик на меѓусебно зависни типови екосистеми, кои можат да бидат или биле предмет на специфични човекови активности. Пределот главно се дефинира како дел од земјиште што може да се опфати со еден поглед. Тој претставува хетерогено и динамично ниво на организација на еколошките системи.

Развојот на пределот е под влијание на природни и/или антропогени фактори, или комбинација од двата. Еден пределски тип може да поседува целосно природни карактеристики, или пак да биде целосно изменет од човекот и да не опфаќа ниту еден природен екосистем. Затоа, токму пределот е ниво на еколошка организација што ги вклучува луѓето и нивните активности во еколошките системи.

Преку пределот се проучува функционирањето на односите човек-природа и се дефинираат причините за моменталниот изглед и распоред на екосистемите во просторот.

**Овче Поле (Овчеполска Котлина)**

Овчеполска Котлина со Штипско и Лакавица е простор, кој, по различни критериуми зафаќа мошне разновиден морфолошки и морфогенетски релјеф. Зафаќа три засебни просторни целини. На една страна се издвојува типичната Овчеполска Котлина, која е ограничена со водоразделот на Градиштанска Планина, Манговица и ридестите простори на: Богословец, Иланџа и Велешко, со широка отвореност кон штипскиот крај, односно, непосредното сливно подрачје на реката Брегалница околу градот Штип и Лакавичкото Поле, кое обично го зафаќа сливното подрачје на реката Лакавица ограничено со водоразделот по Конечка, Смрдеш и разгранците на планината Плачковица. Во целина зафаќа 1685,6 $km^2$ од кои како рамничарски простор во хипсометрискиот појас од 150 до 300 m се издвојуваат околу 290 $km^2$. За оваа морфолошки и морфоструктурно

комбинирана котлинска просторна целина е карактеристично и тоа што на релативно ниска надморска височина се наоѓаат над 850 $km^2$ ридест простор од кои најголемиот дел (околу 90%) се до 500 m надморска височина.

Урбаниот предел во рамките на анализирано подрачје е претставен со урбаниот карактер на градот Штип што може да се види на следната слика. Кој е сместен во крајните јужни делови на Овчеполската Котлина и на крајните северо-западни падини на планината Плачковица. Карактерот на пределот го определува доминантното учество на урбана површина и индустриски и комерцијални центри што значи матриксот во урбаниот предел е претставен од станбени и други објекти. Освен во централните градски подрачја каде што можат да се забележат станбени висококатници, во останатиот дел од градот преовладуваат семејни куќи. Коридорите во најголем дел се претставени со асфалтни патишта и појаси од антропогени широколисни појаси од дрвја. Петна од помала површина под вегетација можат да се забележат во централното градско подрачје (паркови) или во периферните градски подрачја каде семејните куќи имаат поголема дворна површина (градини или природна вегетација). Речните корита во урбаниот предел се силно изменети, а речните текови се со силно нарушени структурни и функционални карактеристики. Од тука, улогата на реките и крајречната вегетација како коридор е незначителна. Ново Село е населено места со последователно стекнат урбан карактер и урбанизацијата е помалку изразена. Тука, поизразено е присутвото на појаси од антропогени широколисни дрвја и петна од природна вегетација.

Покрај типично урбаните карактеристики, пределот во неговите граници поседува и одредени рурални карактеристики на што укажува значителното присуство хетерогено земјоделство и суви брдски пасишта. Се среќаваат и помали површини под природна и полуприродна вегетација. Земјоделските предели главно се протегаат на просторот на широките рамнини и плавини. Поради поволните природногеографски карактеристики (поволна геоморфологија, поволни педолошки и хидрографски карактеристики и поволна клима), во овчеполската котлина преовладуваат пространи површини под обработливи полиња и ниви. Антропогените активности во овој дел со векови наназад биле насочени кон модифицирање на природната вегетација во насока на земјоделска експанзија. Сепак, фрагментацијата и алтерацијата на површините под природни станишта (блата, мочуришта, влажни ливади и крајречни шуми) била најинтензивна во втората половина на минатиот век. Денеска главно обележје на овој дел од брегалничкиот слив се пространите површини од интензивно обработувано земјоделско земјиште. Основната карактеристика на руралните предели претставува просторот обликуван од населението кое локално, со векови наназад ги обликувало природните екосистеми за да ги прилагоди на своите потреби. Руралниот предел, онака како што денес визуелно го восприемаме, ги рефлектира традиционалните практики на стопанисување, навиките, верувањата, традициите и вредностите на луѓето и континуирано се обликува под нивно влијание.

## 4.3.7 Користење на земјиште

Една од планските определби утврдено со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општестената оправданост за зафаќање на предложената површина на планскиот опфат.

Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.




**Слика 15. Користење на земјиштето**

Почвата на територијата на Општина Штип, е плодна и поволна за одгледување на земјоделски производи. Степенот на загаденост и деградацијата на плодниот слој на почвата со сигурност не може да се потврди, бидејќи во Република Македонија не постои постојан мониторинг на почвата. Голем ризик во однос на деградација на почвата претставува интензивната

урбанизација, транспортната инфраструктура, дивите депонии, загаденоста на воздухот и примената на пестициди и други агротехнички мерки што се акумулираат во почвата. Подрачјето на Општината располага со релативно голем фонд на обработлива земја во чија структура преовладува плодно земјиште. Вкупната расположлива површина се користи за различни активности како земјоделие, сточарство, овчарство, шумарство, објекти за добиток и живина итн. Согласно Corine Land Cover 2012, на локацијата е застапено не обработливо земјиште со површина од околу 160.83ha што може да се види од следната слика.

## 4.4 Опис на сегашната состојба со животна средина

### 4.4.1 Квалитет на амбиентен воздух

Главен извор на загадување е индустријата која во екосистемот емитира, гасови, пареи, чад магла, прашина и ареосоли. Загадувањето на воздухот најповеќе е резултат на преработка на сулфидни концентрации на обоени метали, како и на согорување на кокс и други карбофилни горива во индустријата и домаќинствата. На загадувањата на воздухот многу влијае топографијата на теренот, висината на индустриските оџаци и атмосферските услови. Најкритично загадување е во услови на отсуство на хоризонтално и вертикално струење на воздухот, особено кога е истото проследено со температурни инверзии. Најрационален и ефикасен начин за заштита на животната средина од штетните влијанија врз воздухот е превентивното делување и спречување на продукција на штетни емисии во самите извори на нивно создавање.

Квалитетот на воздухот најмногу го нарушува присуството на гасови, прашини и други штетни материи кои негативно влијаат врз здравјето на луѓето, екосистемите и природните создадени вредности. Општина Штип е веројатно еден од ретките простори во Републиката кој може да се пофали со чист воздух. Основна причина за ова е непостоење на тешка индустрија која е еден од основните извори на аерозагадување. Постојаното присуство на ветар, од друга страна обезбедува перманентна аерација, така да дури и смогот е многу ретка појава. Меѓутоа, постојаното зголемување на бројот на моторни возила секако е и потенцијална опасност по квалитетот на воздухот, поради емисија на чад и издувни гасови, особено во централното градско подрачје. Интензивниот развој на сообраќајот, високофреквентните сообраќајници и другите сообраќајно прометни места, особено во критичните периоди на денот се висок потенцијален ризик, кој упатува на потребата од будно следење на состојбата што е предуслов за брзо реагирање во случај на влошување на состојбата. Една од мерките за реализација на превентивниот пристап во заштитата на воздухот е обезбедување на солидно согорување во огништата на разните горивни инсталации и добра карбурација на горивата во моторите со внатрешно согорување. Исто така, значајни мерки кои придонесуваат за надминување на проблемот со загадување на воздухот се:

- изградба на широки улици кои овозможуваат брзо проветрување;
- зголемување на површините со зелени насади и дрвореди;
- подобрување на коефициентот помеѓу изградените и слободните површини;

– подигање зелени појаси околу индустриските зони, производните капацитети, резервоарите за вода и др.

### 4.4.2 Водени ресурси и квалитет на води

Главни загадувачи на водите во сливот на река Брегалница е испуштање на комуналните отпадни води од населените места и индустриски капаците без претходен третман, загадувањата од земјоделско-сточарските активности, несоодветно управување со отпад и сл. Во отсуство на податоци за квалитетот на водите во Општината, во продолжение е даден осврт на состојбите со квалитетот на водите на реката Брегалница, како основен хидрографски ентитет во регионот. Квалитативните карактеристики на водата на река Брегалница се следат на две мерни места: - Крупиште (Долен Балван) - Проценетиот квалитет е со вредности за III класа. - Убого - Проценетиот квалитет е со вредности за III – IV класа.Во согласност со податоците од Условите за планирање на просторот, планскиот опфат припаѓа на Водостопанското подрачје (ВП) „Средна и Долна Брегалница". Ова ВП го опфаќа сливот на реката Брегалница од браната Калиманци до вливот во реката Вардар.

### 4.4.3 Управување со отпад

Во општина Штип се генерираат следните видови на оптад:

- Неопасен отпад:
  - комунален отпад (вклучувајќи и комерцијален отпад);
  - биоразградлив;
  - отпад од пакување и кабаст отпад;
  - инертен отпад – градежен шут.
- Опасен отпад:
  - индустриски отпад;
  - текстилена индустрија;
  - прехрамбена индустрија;
  - посебен отпад (отпадни масти и масла, отпадни масла за јадење, отпадни гуми, батерии и акумулатори, електрична и електронска опрема, искористени возила).

Комуналниот отпад е најзастапен во вкупните количини отпад создадени во општината. Тој го вклучува отпадот кој е собран од домаќинствата, отпадот собран при одржување на јавната хигиена и одржувањето на јавните парковски површини, комерцијалните објекти и институциите. Третманот на органскиот отпад, односно на органската фракција од комуналниот цврст отпад на територијата на општина Штип се сведува на негово собирање, транспортирање и депонирање заедно со други фракции од комуналниот цврст отпад.

Собирањето на комуналниот цврст и технолошки отпад ќе се врши во специјални садови и тоа: 550 контејнери со запремнина од 1,1м3 распоредени на територијата на градот и приградските населби. 70 контејнери со запремнина од 5м3 распоредени на територијата на градот во индустриските зони и урбаните заедници 8ми Ноември, Баби, Сењак. Канти за отпад од 80 и 120 л.

Распоредени претежно во населбите со индивидуални стамбени објекти. Собирањето на КЦО ќе се врши на следниов начин • Собирање на мешан комунален отпад • Собирање на комерцијален отпад • Собирање на хартија (трговски објекти и јавни институции) • Собирање на Пет амбалажа ( трговски објекти, јавни институции, јавни површини) • Собирање на стакло (специјални контејнери распоредени на јавни површини) • Пет амбалажата и хартијата ќе се селектира, балира и пресува во собирниот центар на ЈП Исар, по што ќе се продава на овластени откупвачи.

### 4.4.4 Бучава

Една од негативните последици на техничко-технолошкиот развој е бучавата. Нејзиното влијание е присутно во сите сфери на човечкото живеење и сè повеќе претставува проблем на кој треба да му се обрне целосно внимание. Општината Штип, сама по себе, не е поштедена од оваа појава, туку напротив, трендот на нивото на непријатна бучава постојано се зголемува. Најчеста причина за појава на штетна бучава, т.е. бучава над максимално дозволено ниво (МДН), се сообраќајните средства и производните и услужните машини и алати. Исто така, се почести се случаите на енормно гласна музика од ресторантите и кафулињата, што воопшто не се санкционира од страна на надлежните органи. Со зголемување на бројот на населението и пренаселеноста на градовите, брзото темпо на индустрискиот развој, модернизацијата и автоматизацијата на животните услови, луѓето од ден на ден се повеќе се соочуваат со проблемот на бучавата. Кога зборуваме за бучава во градот се мисли на т.н. еколошка бучава, односно комунална бучава. Еколошка бучава е бучава која ја перципираат луѓето надвор од домаќинствата и работните места.

Бучавата произлегува од урбаните активности и тоа:

- Сообраќај,
- Производни и деловни процеси,
- Бучава од ентериерно потекло (станбени згради, трговско-деловни центри и сл.),
- Бучава од угостителски објекти.

Планскиот опфат за изградба на ветерната електрана се наоѓа надвор од населено место, на поголемо растојание од најблиските станбени објекти, поради што не се очекуваат значителни негативни влијанија од аспект на бучава.

## 4.5 Културно наследство

Согласно Законот за заштита културното наследство („Сл. Весник на РМ” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели. Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во руралните населби и ридско-планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење. Културни и археолошки карактеристики на територијата и во близина на село Долани се:

Археолошки наоѓалишта

- Дива Топола - населба од доцноантичкото време;
- Ерџелија - населба од доцноантичкото време;
- Јаребичова Вода - водовод од доцноантичкото време;
- Кале - Градиште - утврдена населба од доцноантичкото време;
- Кутлевец - населба од римското време;
- Рамниште - населба од римското време;
- Ќерамидница - населба од доцноантичкото време; и
- Чука - населба и некропола од доцноантичкото време.

Цркви

- Црква „Св. Симеон Столпник“ - главна селска црква; и
- Црква „Св. Илија“ - главна манастирска црква.

Манастири

- Долански манастир - манастир во селото, кој во минатото бил женски манастир, но нема податоци од кога потекнува.

Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарските општини Долани, Драгоево, Штип и Ново Село Штип има регистрирани и евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.

Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно- историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

# 5. ОБЛАСТИ КОИ СЕ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ДИВИТЕ ПТИЦИ И ХАБИТАТИТЕ

Согласно дописот бр.11-2747/2 од 22.05.2025 година од Секторот за природа, Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање известено е дека планскиот опфат не влегува во граници на заштитени подрачја утврдени со закон и истиот не е во границите на Емералд подрачје и идентификуваните Натура 2000 подрачја во Република Северна Македонија.

**Заштитени подрачја со Национална заштита**

Планскиот опфат не влегува во граници на заштитено подрачје според национално законодавство. На 15 километри од проектната локација се наоѓа заштитеното подрачје Орлово Брдо кој е заштитен како Споменик на природата кое исто така е евидентирано и како Емералд Подрачје. Значаен флоралистички локалитет е прогласен за споменик на природата. На овој простор се среќава степолика вегетација, а од посебно значење за науката е присуството на растителни видови кои се македонски ендемити. Во овој регион постои богатство на голем број видови лековити и ароматични растенија, шумски плодови, семиња, печурки и др. Останати најблиски заштитени подрачја релевантни за предметниот опфат се: Заштитен предел “Осоговски планини” (лоциран околу 22 km северно од предметниот опфат) и Споменик на природата “Караслари” (лоциран околу 27 km источно од предметниот опфат).




**Слика 16.Национално заштитени подрачја**

**Идентификувани подрачја со Меѓународна заштита**

Евидентно е дека подрачјето на сливот на река Брегалница е од големо меѓународно значење заради присуството на меѓународно значајни подрачја кои релевантни за проектната локација се три подрачја вклучени во националната Емералд мрежа: Овче Поле (27 км), Кањон на р. Брегалница (10 км), Орлово Брдо (15 км).




**Слика 17.Емералд Подрачја на Република Северна Македонија**

Земајќи ја во предвид природата на проектот, најзасегната е орнитофауната. Притоа планскиот опфат не е во граници на идентификувани Значајни Орнитолошки Локалитети (ЗОЛ). Најблиска локација која е релевантна од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите е ЗОЛ Овче Поле.

*ЗНАЧАЕН ОРНИТОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ (ЗОЛ) „ОВЧЕ ПОЛЕ“*

Воспоставувањето на Значајни Орнитолошки Локалитети (ЗОЛ) е иницијатива што ја спроведува (BirdLife International) на глобално ниво со цел да се обезбеди зачувување на подрачјата што се значајни за заштита на дивите видови птици. До сега се идентификувани вкупно 24 вакви подрачја/локалитети, кои зафаќаат површина од 6.709 km2 или 26,9 % од вкупната територија на земјата. Во пошироко опкружување на проектната локација од околу 27 km североисточно се наоѓа подрачјето Значаен орнитолошки локалитет (ЗОЛ) „Овче Поле“. Овој локалитет е терестричен хабитат кој претставува обработливо земјиште со повеќегодишни култури и овошни култури. Зафаќа површина од 41.366 ha и висина од 210-707 m.

Во Овче Поле (BirdLife International, 2008), како клучни тригер видови се наведени Царскиот орел (Aquila heliaca), Степската ветрушка (Falco naumanni) и Модроврана (Coracias garrulus). Главни закани кои се карактеристични за овој значаен орнитолошки локалитет се следните: интензивно земјоделство, производство на енергија и рударство, транспортни и сервисни коридори итн. ЗОЛ „Овче Поле“ ги опфаќа рамничарските делови од областа Овче Поле и ридските долни делови од Градиштанска Планина, Кучукол и Манго (вон границите на планскиот опфат). Источните делови поддржуваат голема и многу важна популација на царски орел (10-12 двојки), а западните падини поддржуваат значајна популација на белонокта ветрушка, кај која е забележан голем пад на бројот на парови кои се размножуваат. Освен овие видови, областа поддржува големи популации на неколку степски видови (мала чучурлига, дебелоклуна чучирлига, степска трепетливка, чурулинци), други важни и/или ретки видови птици (модоврана, еребица камењарка, мало свраче, нубиско свраче) и можат да се видат белоглави и египетски мршојадци и бројни единки од различни видови грабливи птици во потрага по храна.




**Слика 18.Значајно орнитолошко подрачје и плански опфат**

Освен птиците, ветерните паркови негативно влијааат и на фауната на лилјаците. Согласно Директивата за живеалишта на ЕУ, сите видови лилјаци се заштитени. Следниве видови со висок до среден ризик од судирање (Rodrigues et al. 2014) најверојатно се присутни во проектното подрачје:

Високоризични

- Лисест вечерник, Nyctalus noctula;

- Обичен пипистрел, Pipistrellus pipistrellus;
- Натусиев пипистрел, Pipistrellus nathusii; и
- Џуџест пипистрел, Pipistrellus pygmaeus.

Средноризични

- Голем полноќник, Eptesicus serotinus; и
- Опашест лилјак, Tadarida teniotis.

Секундарните целни видови ги опфаќаат сите други видови лилјаци (т.е. оние оценети како нискоризични). Во близината на подрачјето постојат неколку евидентирани видови на лилјаци (Micevski et al. 2014), вклучувајќи и:

- *Myotis daubentonii или M capaccinii;*
- *Eptesicus serotinus;*
- *Vespertilio murinus или E. serotinus;*
- *Hypsugo savii;*
- *Pipistrellus pipistrellus;*
- *Pipistrellus pygmaeus;*
- *Pipistrellus kuhlii;*

*<u>НАЦИОНАЛНА ЕКОЛОШКА МРЕЖА МАК-НЕН</u>*




**Слика 19.МАК НЕН Национална еколошка мрежа**

Проектната локација се наоѓа во близина на Штипскиот коридор – кој служи за зачувување на виталните еколошки односи/интеракции преку одржување на поврзаноста помеѓу клучните подрачја.

# 6. ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Еден од најголемите предизвици за политиката на животната средина е постигнување на рамнотежа меѓу економската и социјалната димензија на развој, од една страна и заштита на животната средина од друга страна, кој предвидува зголемена употреба на економски инструменти во насока на заштита на животната средина. Водена од овие уставни одредби, во РС Македонија се воспоставува функционален и ефикасен национален систем за управување со животната средина, поврзан со:

- → Продолжување на процесот на приближување кон политиките на ЕУ во областа на животната средина;
- → Зајакнување на административните капацитети, потребни за ефикасно управување со заштита на животната средина;
- → Обезбедување платформа за ефикасна имплементација и спроведување на барањата за заштита на животната средина преку зајакнување на капацитетите за ефикасно управување со животната средина на сите нивоа на управување и преку обезбедување на тесна соработка помеѓу надлежните органи на хоризонтално и вертикално ниво;
- → Интеграција на политиката за заштита на животната средина во другите секторски политики;
- → Поттикнување на индустријата, давателите на услуги и другите субјекти во областа на животната средина, кон поголема одговорност за заштитата на животната средина;
- → Решавање на проблемите на животната средина кои се од национално значење;
- → Зголемување на степенот на исполнување на обврските, кои произлегуваат од регионалните и глобалните договори во областа на животната средина;
- → Зголемување на нивото на инвестиции во животната средина за постигнување на стандардите на ЕУ.

Специфични цели за заштита на животната средина:

- → Подобрување на квалитетот на животот и здравјето и зголемување на животниот стандард;
- → Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови;
- → Заштита и подобрување на квалитетот на водата и почвата;
- → Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство;
- → Заштита на карактеристиките на пределот;
- → Заштита на материјалните добра;
- → Заштита и унапредување на културното наследство

Правото на чиста и здрава животна средина е предмет на значителен број правни акти, стратешки, плански и програмски документи на национално ниво, како и на меѓународните договори и политики кои Р.С. Македонија ги има ратификувано.

Прашања за заштита на природата, обезбедување на чиста и здрава животна средина и целите за заштита на животната средина се дефинирани во согласност со националната и меѓународната легислатива и истите се земени во предвид при изработка на Стратегиската овена, а опфатени се и број други стратешки, плански и програмски документи.

Една од клучните меѓународни конвенции на кои Република Северна Македонија е потписничка е Конвенцијата за биолошка разновидност, ратификувана и објавена во „Службен весника на Република Македонија“ бр. 54/97. Конвенцијата има три главни цели:

- Зачувување на биолошката разновидност;
- Одржливо користење на компонентата на биолошката разновидност; и
- Праведна и еднаква распределба на придобивките кои произлегуваат од користењето на генетските ресурси.

Други конвенции и протоколи, ратификувани од страна на Р.С. Македонија за заштита на животната средина се:

- Конвенција на ОН за заштита на светското природно и културно наследство е ратификувана во поранешна СФРЈ во 1974 година со ЗАконот за ратификација („Сл. Весник на СФРЈ“ бр. 56/74), а Република Македонија па прифати со акт за сукцесија;
- КОнвенција за заштита на водните живеалишта со меѓународно значење за заштита на водните птици (Рамсар) “„Сл. Весник на СФРЈ“ бр.09/77);
- Картагенски Протокол за биосигурност кон Конвенцијата за биолопка разновидност („Сл.весник на РМ“ бр. 40/05);
- Бонска Конвенција за заштита на миграторни видови диви животни („Сл. Весник на РМ“ бр. 38/99) и Договор за заштита на лилјаците во Европа („Сл. Весник на РМ“ бр. 38/99 и 13/02).
- Бернска Конвенција за заштита на дивиот и растителен и животински свет и природните живелаишта („Сл. Весник на РМ“ бр. 49/97):
- Париската Конвенција за заштита на светското културно и природно наследстов („Сл. Весник на СФРЈ“ бр. 56/74);
- Европската Конвенција за пределот (Фиренца, 2000) („Сл. Весник на РМ“ бр. 44/2003);
- Закон за ратификација на Кигали Амандманот кон Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка („Сл. Весник на РСМ“ бр. 34/2020);
- Закон за ратификација на Амандманот од Доха на Протоколот од Кјото кон Рамковната Конвенција на Обединетите Нации за климатските промени („Сл. Весник на РМ“ бр. 152/19);
- Закон за ратификација на Договорт од Париз („Сл. Весник нанРМ“ бр. 161/17);
- Рамковна Конвенција на Обединетите Нации за климатски промени (Њујорк, Мај) („Сл. Весник на РМ“ бр. 61/97);
- Протоколот од Кјото кон Рамковната Конвенција на Обединетите Нации за климатски промени („Сл. Весник на РМ“ бр. 49/04);
- Конвенција за оценка на влијаниајта врз животната средина во прекуграничен контекст (Еспо, февруари 1991) („Сл. Весник на РМ “ бр. 44/99);
- Архуска Конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во донесување на одлуки и правна заштита за прашања од обласа на животната средина („Сл. Весник на РМ“ бр. 40/99);
- Протоколот за стратешка оценка на животната средина („Сл.весник на РМ“ бр. 120/13);

- Конвенција на Обединетите Нации за борба против опустинувањето во земјите што се соочуваат со сериозни суши и/или опустинување, особено во Африка („Сл. Весник на РМ“ бр. 13/02);
- Конвенција за заштита и користење на прекуграничните водотеци и меѓународни езера (Хелсинки) („Сл. Весник на РМ“ бр. 117/15);
- Виенска Конвенција за заштита на озонската обвивка („Сл. Венсик на РМ“ бр. 01/90), ратификувана од Република Македонија на 10 март, 1994 година;
- Стокхолмската Конвенција за заштита на човековото здравје и животната средина од отпорни органски соединенија, потпишана од Република Македонија на 23 мај, 2001 година и ратификувана на 19 март 1994 година;
- Комуникација од Комисијата од Европскиот Парламент, Советот, Економскиот и Социјален Комитет и Комитетот на регионите (Наше животно осигурување, наш природен капитал: ЕУ Стратегија за диверзитет до 2020 година);
- Рамковна Конвенција за вредностите на културното наследство за општеството (Фаро 205) („Сл. Весник на РМ“ бр. 25/11);
- Конвенцијата за вредностите на културното наследство на Европа (Гранада 1985):
- Конвенција за заштита на археолошкото наследство на Европа *Валета 1992) („Сл. Весник на РМ“ бр. 56/05) и др.

## 6.1 Корелација на целите на планскиот документ со цели на Стратегиската оцена на животната средина

Согласно Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина, потребно е да се потенцираат целите на заштитата на животната средина, одредени на национално или меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки. Спроведување на целите за животна средина со целите и активнстите во стратешкиот документ е вообичаен метод при спроведување на СОЖС, со цел да се оцени дели развојот, односно идната имплементација на Урбанистичкиот план е навремено да ги вклучи целите на заштита и унапредување на животната средина на подрачјето опфатено во целите на планскиот документ, ќе биде во насока на поставените цели за животна средина (СОЖС).

Целите на стратегиската оцена на животната средина се прикажани преку статусот на: населението и здравјето на населението, биолошката разновиснот, водата, почвата, воздухот, климатските промени, материјалните добра, пределот, културното наследство и интеракцијата помеѓу нив.

Во табелата што следува, презентирани се целите на СОЖС во однос на целите дефинирани во Урбанистичкиот план.

Компатибилноста/некомпатибилноста на целите е разгледувана во однос на Урбанистички план навремено да ги вклучи целите на заштита и унапредување на животната средина на подрачјето опфатено во целите на планскиот документ (цели за намена на просторот и активности за нивно постигнување) и во однос на негова идна имплементација во понизок ранг на плански документи или проектна документација.

**Табела 3.Корелација на целите на планскиот документ со цели на СОЖС**

| ОБЛАСТ | ЦЕЛИ НА СОЖС | ПРЕДМЕТ | ПОВРЗАНОСТ СО НАСОКИТЕ И ЦЕЛИТЕ НА | СОЖС ИНДИКАТОРИ |
|---|---|---|---|---|
| **Население и здравје на населението** | **Унапредување на животните услови на населението** | - подобрување и заштита на здравјето на луѓето,<br>- подобрување на квалитетот на живот на луѓето. | Компатибилност:<br>- усогласување на Урбанистичкиот план со Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ;<br>- развој на активности во кои ќе се применуваат принципите и стандардите за заштита на животната средина;<br>- поттикнување на економскиот развој (услуги), нови вработувања и подобрување на стандардот на населението.<br><br>Некомпатибилност:<br>-Урбанизација на простори кои имаат економска и социјална важност за локалното население; | - стапка на вработеност;<br>- животен стандард,<br>-стапка на сиромаштија;<br>- трендови на загадување на медиумите и областите од животната средина<br>- број на обештетени сопственици на приватни парцели<br>-Број на евидентирани жалби и поплаки од засегнати страни; |
| **Воздух и климатски промени** | **Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови** | - одржување и подобрување на квалитетот на воздухот,<br>- ограничување на загадувањето на воздухот до нивоа кои не ги загрозуваат присодните системи,<br>- ограничување на емисиите на воздух во согласност со стандардите за квалитет на воздух, | Компатибилност:<br>- Примена на мерки за подобрување на квалитетот на воздухот;<br>-Искористување на потенцијалот на Регионот за производство на енергија од обновливи извори;<br>-Примена на мерки за одржливо искористување на приордни ресурси;<br>-Примена на мерки за намалување на загадувањата од употреба фосилни горива за добивање енергија<br>Некомпатибилност:<br>- Урбанизација на просторот кој во моментот е природно неизградено земјиште, што може | Тренд на емисии во амбиентниот воздух;<br>-Тренд на производство и користење на енергија од обновливи извори. –<br>-Трендови на применети добра градежна пракса<br>-процент на производство на електрична енергија од обновливи извори. |

| ОБЛАСТ | ЦЕЛИ НА СОЖС | ПРЕДМЕТ | ПОВРЗАНОСТ СО НАСОКИТЕ И ЦЕЛИТЕ НА | СОЖС ИНДИКАТОРИ |
|---|---|---|---|---|
| | | - намалување на причините и последиците од климатските промени. | да резултира со емисии особено во градежна фаза | |
| **Води** | **Заштите и подобрување на квалитетот на водата и почвата** | - достапност до доволно количество на квалитетна вода;<br>- одржливо управување користење на водните ресурси,<br>- заштита, зачувување и подобрување состојбата крајбрежното земјиште, екосистеми екосистемите зависни од вода и заштита на здравјето на луѓето,<br>- намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни материи и супстанции во водите, | Компатибилност:<br>-Планирање на просторот во согласност со планските документи за одржливо искористување и управување со водите;<br>-Примена на мерки за спречување и управување со несреќи и хаварии и сл<br>- Организирано управување со отпад;<br><br>Некомпатибилност:<br>- Урбанизација на простор каде има времени водотеци и два издани; | -Тренд на одржани водотеци<br>-следење на препораки од МЖСПП<br>-добра градежна пракса |
| **Почва** | **Заштита и унапредување на состојбата на почвата** | Заштита на почвата од деградација и губење на нејзината плодност;<br>- Заштита на почвата од загадување; | Компатибилност:<br>- Планирање на просторот во согласност со потребите на Регионот за одржливо искористување и намена на земјиштето<br>; -Примена на мерки за одржливо | -Површина на пренаменето земјоделско земјиште и земјиште под шуми во градежно земјиште; --Површина на |

| ОБЛАСТ | ЦЕЛИ НА СОЖС | ПРЕДМЕТ | ПОВРЗАНОСТ СО НАСОКИТЕ И ЦЕЛИТЕ НА | СОЖС ИНДИКАТОРИ |
|---|---|---|---|---|
| | | -заштита на почвата од ерозија<br>- Зачувување на агробиолошката разновидност | Примена на мерки за подобрување на состојбата на медиумите во животната средина; -<br>-Примена на мерки за заштита од порои, ерозија и поплави и адаптација кон климатските промени<br><u>некомпатибилност</u><br>- Генерирање на емисии кои може да го нарушат квалитетот на почвите, особено во случај на инцидентни истекувања на масла, масти, нафта и сл.;<br>-ефект на запечатување на почвата поради изградба на објекти;<br>-конверзија на обработливо во градежно земјиште.<br>- Загуба на агробиолошка разновидност | деградирани простори; - % на применети компензациони мерки<br><br>-Стапка на трансформација на земјоделско земјиште за неземјоделско користење;<br><br>-Добиени дозволи и согласности |
| **Биолошка разновидност и природно наследство** | **Заштита и унапредување на биолошката разновидност, природно наследство** | намалување на притосоците и заканите врз биолошката разновидност<br>- подобрување на состојбата со биолошката разновидност преку заштита на екосистемите/ живеалиштата и видовите, | Компатибилност:<br>Планскиот опфат не е дел од заштитено подрачје или подрачје предложено или препознаено за заштита, заради неговите природни вредности или присуство на значајни видови на национално и меѓународно ниво<br>Некомпатибилност:<br>-Урбанизација на просторот, зафаќање на нови површини за градба, дејности, инфраструктура, и активности близу подрачја кое располагаат со биолошка разновидност или се предложени за заштита; | - не евидентирани загуби и штети врз билошката разновидност и пределот во опкружувањето, предизвикани од содржини во Планот.<br>-контролирана урбанизација<br>Добиени дозволи и согласности<br>Стапка на ревитализација на просторот |

| ОБЛАСТ | ЦЕЛИ НА СОЖС | ПРЕДМЕТ | ПОВРЗАНОСТ СО НАСОКИТЕ И ЦЕЛИТЕ НА | СОЖС ИНДИКАТОРИ |
|---|---|---|---|---|
| | | - подобрување на постојните деградирани живеалишта и нивна ревитализација, Заштита на екосистемски услуги | -Урбанизација на простори кои обезбедуваат екосистемски услуги за населението; | |
| **Бучава и Вибрации** | **Заштита на луѓето и биолошката разновидност од зголемено ниво на бучава и вибрации** | -Заштита на луѓето и биолошката разновидност од зголемено ниво на бучава и вибрации<br>- Одржување на нивото на бучава и вибрации до нивоа кои се прифатливи за населението и биолошката разновидност | - Компатибилност:<br>- Планските содржини при своето работење ќе допринесат за зголемување на нивото на бучава и вибрации, но планскиот опфат се наоѓа надвор од урбано подрачје (подрачје од IV категорија на заштита од бучава) и не располага со значителни животински видови, така што генерираните нивоа на бучава не се очекува значително да ја засегнат присутната биолошката разновидност во опкружувањето. | - нивото на бучава и вибрации во рамките на планскиот опфат се во согласност со законските прописи;<br>- применети се мерки за намалување на нивото на бучава и вибрации; |
| **Предел** | **Зачувување на карактеристики на пределот и пејажните карактеристики** | - Зачувување на природните карактеристики на пределот,<br>-Одржување на функционалните и структурни карактеристики на природните и полуприродните предели | Компатибилност:<br>- Поставување и распоред на објектите во планскиот опфат со што ќе се намали степенот на деградација на пределот.<br>Некомпатибилност:<br>- Урбанизација на простор со кој трајно ќе се деградира пределот. | • Добиени дозволи и согласности за пренамена на земјиштето и негова урбанизација;<br>• Извршена рекултивација на деградираниот простор. |

| ОБЛАСТ | ЦЕЛИ НА СОЖС | ПРЕДМЕТ | ПОВРЗАНОСТ СО НАСОКИТЕ И ЦЕЛИТЕ НА | СОЖС ИНДИКАТОРИ |
|---|---|---|---|---|
| **Материјални добра** | **Заштита на материјалните добра** | - изградба, заштита и подобрување;<br>- одржливо управување со отпадот;<br>- подобрување и ефикасно користење на постојната инфраструктура. | - поврзување на планскиот опфат со инфраструктурни мрежи во согласност со порепораките и мислењата од надлежните институции;<br>Некомпатибилност:<br>- Урбанизација на простор со кој трајно ќе се деградира пределот.<br>- со Планот се предвидува отпадот да се предава на овалстени компании/ регионална депонија | - количина на предаден отпад на овластени компании;<br>- почитување на евидентираните метеријални добра;<br>-постапување согласно препораки од институции. |
| **Културно наследство** | **Заштита и унапредување на културното наследство** | Зачувување и подобрување на историските градби, археолошки наоѓалишта и други важно локалитети. | Компатибилност<br>- Почитување на законските обврски за заштита на вредноста на културното наследство<br>Некомпатибилност :<br>- во планскиот опфат евидентирано е културно наследство - археолошкиот локалитет Јеребичова Вода- водовод од доцноантичко време и локалитет Градиште Петокрака. | - археолошки истражувања пред почнување<br>-стручен надзор од археолог за време на изградба<br>-стопирање на градба доколку се наиде на артефакт и известување на надлежна институција |

## 6.2 Корелација на целите на планскиот документ со други релевантни планови, програми/плански документи

Во Р. С. Македонија изработени се низа национални, регионални, локални стратешки и плански документи документи, кои главно се фокусирани на проблематиката на заштита на животната средина, природата и биолошката разновидност, покрај останатите и на подрачјето каде што се планира реализација на мерките предложени во планот.

Во табелите подолу даден е приказ на корелацијата (усогласеност/неусогласеност) на целите за развој и целите за заштита на животната средина со постојните национални, регионални и локални стратешки и плански документи, со целите и активностите од Планот. Под усогласеност на целите се подразбира дека имплементацијата на целите и активностите, предвидени во Планот ќе придонесат за постигнување на целите на веќе донесените стратешки и плански документи.

Под неусогласеност на целите се подразбира дека имплементацијата на дел од мерките и активностите дефинирани во Планот, заради нивната природа и трендови за развој, не може во целост да се усогласат на ниво на стратешки документ, туку тоа ќе се постигне на пониско ниво во процесот на имплементација на Планот на ниво на планска/проектна документација.

Во табелите, прикажани во продолжение, даден е краток преглед на корелацијата на целите од други релевантни локални, регионални и национални плански документи , со целите и активностите кои ги предвидува Планот.

**Табела 4. Корелација на целите на планскиот документ со други релевантни национални планови, програми/плански документи**

| Национални планови, програми и стратегии | Цели или барања на плановите/програмите и стратегиите на национално ниво | Како целите у барањата на плановите/програмите и стратегиите се инкорпорирани во УППГДЗ или ќе бидат постигнати при имплементација |
|---|---|---|
| **Просторен план на Република Македонија (2004-2020)** | - Остварување стабилен, ефикасен и динамичен стопански развој, со квалитетни структурни промени и вкупното стопанство и воспоставување на поусогласени односи во репродукцијата;<br>- Зголемување на ефикасноста и рационалноста на стопанисување и врз таа основа зголемување на производството и на извозот преку економски критериуми и со воспоставување процес на ревитализација и преструктуирање;<br>- Поуспешно и поинтензивно вклучување на стопанството во меѓународните економски односи и во меѓународната поделба на трудот;<br>- Зголемување на вработеноста, пред се, врз економски критериуми и со поголемо потпирање на развојот врз знаењата и умешноста на работната сила;<br>- Постојано подобрување на материјалните, културните, општествените и другите услови за живот и работата на граѓаните, задоволување на потребите и јакнење на материјалната и социјалната сигурност на населението, како основа и трајна определба на општеството;<br>- Остварување на порамномерен регионален развој, со побрз развој на стопански недоволно развиените краишта;<br>- Остварување на рационално користење, организирање и уредување на просторот во согласност со потребите од рационално разместување на производните сили;<br>- Менување на односот кон природната средина со системска, материјална, образовна и друга подршка на нејзиното зачувување, заштита и унапредување.<br>Согласно Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од ПП на<br>РМ произлегуваат заклучни согледувања, кои претходно детално се опишани.<br><u>Цели за заштита на водите</u> | *Усогласеност:* Насоките за урбанизација на планскиот опфат произлегуваат од Просторниот План на РМ чии смерници се земени предвид при изработката на Условите за планирање на просторот за УППГДЗ за изградба на ветерен пак „ВЕЦ ГРОМОВНИК“ и претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во планскиот документ. Врз основа на овие насоки се предвидени плански решенија. Со планските содржини ке се подобрат условите за живот, економијата итн. Со планските содржини ке се намали увозната зависност и планираниот развој на производство на енергија; |

| Национални планови, програми и стратегии | Цели или барања на плановите/програмите и стратегиите на национално ниво | Како целите у барањата на плановите/програмите и стратегиите се инкорпорирани во УППГДЗ или ќе бидат постигнати при имплементација |
|---|---|---|
| | - обезбедување на доволна количина квалитетна вода, првенствено за водоснабдување на населението и за сите други дејности кои произлегуваат од сегашниот и планираниот развој на Републиката, како појдовна основа и цел во развојот во водостопанството.<br>Цели за зачувување на природното наследство<br>- зачувување и заштита на сите простори (места) со исклучиви и неповторливи природни вредности од значење за научната, културно образовната, воспитната, рекреативната и други функции.<br>Цели за зачувување на почвата<br>стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.<br>Цели на енергетски извори и енергетска инфраструктура<br>- Усогласување на стопанскиот развој со однапред планираниот развој на производство на енергија, врз основа на реалните енергетски и финансиски можности на Републиката;<br>- Рационално ангажирање на домашните енергетски извори, оптимално искористување на расположливата енергија и намалување на увозната зависност;<br>- Зголемување на производството на енергија без последици врз животната средина. | |
| Стратегија за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година | Македонската стратегија за развој на енергетиката се потпира на релевантните глобални и ЕУ енергетски политики и трендови, а особено на aquis-от на Енергетската заедница. Конкретно, Македонија е подготвена да ја следи добрата практика на ЕУ политиките за ОИЕ и ЕЕ, како и декарбонизацијата, земајки ги предвид целите и траекториите со реална динамика, кои се прилагодени на домашните специфики и приоритети на Владата на Република Македонија. Согласно Законот за енергетика Стратегијата за | *Усогласеност:* Со имплементација на планските содржини, воспоставување на ветрен парк, ке се обезбеди производство на електрична енергија од обновливи извори, што во целост е во корелација со целите на Стратегијата за развој на енергетиката на РСМ, односно ќе ја намали зависноста на земјата од увоз на електрична енергија и ќе го зголеми % на произведена енергија од обновливи извори на енергија, во однос на произведена енергија од |

| Национални планови, програми и стратегии | Цели или барања на плановите/програмите и стратегиите на национално ниво | Како целите у барањата на плановите/програмите и стратегиите се инкорпорирани во УППГДЗ или ќе бидат постигнати при имплементација |
|---|---|---|
| | развој на енергетиката во Република Македонија до 2040 година треба да обезбеди:<br>- Безбедно, сигурно и квалитетно снабдување на потрошувачите со сите видови на енергија;<br>- Стабилност, конкурентност и економска функционалност на енергетскиот сектор;<br>- Ефикасно извршување на услугите и заштита и унапредување на правата на потрошувачите;<br>- Намалување на енергетската сиромаштија и заштитата на ранливите категории на потрошувачи;<br>- Вклучување на Република Македонија во регионалните и меѓународните енергетски пазари;<br>- Користење на енергетските извори на начин кој обезбедува одржлив енергетски развој;<br>- Промовирање на енергетска ефикасност;<br>- Намалување на употребата на фосилни горива за производство на енергија;<br>- Промовирање на користењето на обновливи извори на енергија;<br>- Заштита на јавното здравје, животната средина и ублажување на климатските промени предизвикани од штетните ефекти кои произлегуваат од извршувањето на енергетските активности; и<br>- Исполнување на обврските преземени од страна на Република Македонија кои произлегуваат од ратификуваните меѓународни договори. | фосилни горива, а со тоа ке ја намали емисијата на стакленички гасови на национално и глобално ниво. |
| Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност во Република Македонија | Стратегијата за унапредување на енергетска ефикасност во Р.С. Македонија до 2020 година превидува рамка за забрзано усвојување на практики за енергетска ефикасност на одржлив начин и преку намалување на зависноста од увозот, енергетската интензивност, непродуктивното користење на електричната енергија, подготовка на добра клима за да се | *Усогласеност:* Целите на Планот се усогласени со целите на Стратегијата, односно се во насока на производство на електрична енергија од обновливи извори, што треба да придонесат за обезбедување на енергетска стабилност и намалување на зависноста од увоз на електрична енергија. |

| Национални планови, програми и стратегии | Цели или барања на плановите/програмите и стратегиите на национално ниво | Како целите у барањата на плановите/програмите и стратегиите се инкорпорирани во УППГДЗ или ќе бидат постигнати при имплементација |
|---|---|---|
| | максимизира вклученоста и можностите на приватниот сектор, обука и подигање на јавна свест.<br>Финалниот резултат на постигнувањето на оваа цел треба да биде реализација на заштеди на енергија во 2018 година во износ од над 9% од просечната потрошувачка во петгодишниот период 2002-2006, со континуирана промоција на енергетската ефикасност и мониторинг и верификација до 2020 година. | |
| Стратегија за искористувањето на обновливите извори на енергија во Република Македонија | Главна цел на оваа стратегија е да се добијат информации за потенцијалот и можната експлоатација на обновливи извори на енергија во Р.С. Македонија.<br>Заштита на животната средина и намалување на емисиите на стакленички гасови, намалување на увозната зависност на Македонија од енергија, како и потребата за обезбедување на поголема разнообразност и со тоа и сигурност во снабдувањето со енергија што неминовно наметнуваат зголемено учество на обновливите извори во финалната потрошувачка на енергија. | *Усогласеност:* Целите на Планот се во корелација со целите на Стратегија, бидејки со планските содржини ке се обезбеди производството на електрична енергија од обновливи извори (ветер) со што ке се намалат емисиите на стакленички гасови. |
| Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030) | **Клучни Цели**<br><u>РМ 1: Добра владеење и подобро креирање на политики</u><br>Клучна Цел: Да се постави пристап за добро владеење и подобро креирање на политики врз база на подобра регулатива и врз принципот дека одржливиот развој мора да биде интегриран во креирањето на политики на сите нивоа. Ова наметнува сите нивоа на власт да се подржуваат и да соработуваат меѓусебно, зимајки ги предвид различната институционална поставеност, култури, и специфични околности во различните региони на Република Македонија.<br><u>РМ 2: Разновидност на приходите во рурални региони и предизвици на</u><br><u>одржливиот развој</u><br>Клучна Цел: Активно да се поттикнува одржлив развој со цел да се промени структурата на приходите во руралните региони на Република Македонија (РМ), генерирање на регионални услуги со додадена вредност, поттикнување | *Усогласеност:* Целите на Планот се во насока на подобрување на социјалниот и економскиот развој преку обезбедување на електрична енергија од обновливи извори што е во корелација со целите на Национална стратегија за одржлив развој.<br>*Неусогласеност:*<br>Планските содржини не се во насока на подобрување на земјоделскиот развој. Со урбанистичкиот план се предвидува пренамена на земјоделско земјиште, како и пасиште во градежно. |

| Национални планови, програми и стратегии | Цели или барања на плановите/програмите и стратегиите на национално ниво | Како целите у барањата на плановите/програмите и стратегиите се инкорпорирани во УППГДЗ или ќе бидат постигнати при имплементација |
|---|---|---|
| | регионален и урбан одржлив развој во просторно планирање, и осигурување дека внатрешните и надворешните политики на владата на РМ се конзистентни со глобалниот одржлив развој и неговите меѓународни задолженија.<br>РМ 3. Економски просперитет и креирање нови работни места<br>Клучна Цел: Да се придонесе кон зголемена конкурентност, економски развој и зголемување на работни места со извршување потребни структурни промени кои и овозможуваат на економијата на различни нивоа да се справи со предизвиците од глобализацијата со креирање на поле во кое што и динамичното, иновативното и креативното претприемништво ке може да напредува и во исто време да обезбедува социјална праведност и здрава животна средина.<br>РМ 4. Одржливи човечки населби<br>Клучни Цели: Да се подобри социјалниот, економскиот и квалитетот на животната средина во човековите населби, како и животната и работната средина на сите луѓе.<br>РМ 5. Меѓусекторски политики што го поткрепуваат општеството на знаење<br>Клучни Цели: Да се поттикне развој за општеството засновано на знаење во Република Македонија што ке им ги обезбеди на граѓаните клучните предиспозиции и функционална писменост која одредува глобална конкурентност, и истовремено ке го развие граѓанскиот став во правец на одржлив развој. | |
| Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020 | Намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија, преку подобро користење и зајакнување на расположливите човечки и материјални ресурси, подобрување на условите за живот, за работа и на општествените услови на сите граѓани, системско и институционално содејство во функција на побрз развој, повисок стандард, поквалитетно живеење и развиток на механизмите за социјално вклучување на ранливите категории граѓани во локален контекст. | *Усогласеност:* Планот предвидува активности кои ќе допринесат за производство на електрична енергија која треба да овозможи подобрување на условите за живот, побрз развој и сл. Изградбата на планските содржи ке овозможи ангажирање на локална работна сила. |

| Национални планови, програми и стратегии | Цели или барања на плановите/програмите и стратегиите на национално ниво | Како целите у барањата на плановите/програмите и стратегиите се инкорпорирани во УППГДЗ или ќе бидат постигнати при имплементација |
|---|---|---|
| Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2009-2019) | Главните стратешки цели на Стратегијата се:<br>- Конкурентни плански региони што се одликуваат со динамичен и одржлив развој;<br>- Поголема демографска, економска, социјална и просторна кохезијаж помеѓу и во рамките на планските региони во Република Македонија.<br>За постигнување на овие цели дефинирани се приоритети:<br>**Стратешка цел 1:**<br>Приоритет 1.1. Поттикнување на економскиот раст во планските региони,<br>Приоритет 1.2. Развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони,<br>Приоритет 1.4. Подигнување на нивото на човечкиот капитал во планските региони,<br>Приоритет 1.5. Креирање на конкурентски предности на планските<br>региони,<br>Приоритет 1.6. Оптимално користење и валоризација на природните ресурси и енергетските потенцијали во планските региони,<br>Приоритет 1.7. Заштита на животната средина во планските региони<br>**Стратешка цел 2:**<br>Приоритет 2.1. Демографска ревитализација и порамномерна дистрибуција на населението помеѓу и внатре во планските региони,<br>Приоритет 2.2. Градење на функционално-просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планските региони,<br>Приоритет 2.3. Зголемување и порамномерна дисперзија на инвестициите и вработеноста помеѓу и во рамките на регионите,<br>Приоритет 2.4. Подигнување на степенот на социјален развој во планските региони, | *Усогласеност:* Целите на Планот се во корелација со целите на Стратегијата за регионален развој, во однос на поттикнување на економскиот раст, развивање на современа инфраструктура, порамномерна дисперзија на инвестиции и вработувања и т.н.<br>*Неусогласеност:*<br>Планските содржини не се во насока на подобрување на земјоделскиот развој. Со урбанистичкиот план се предвидува пренамена на земјоделско земјиште, како и пасиште во градежно. |

| Национални планови, програми и стратегии | Цели или барања на плановите/програмите и стратегиите на национално ниво | Како целите у барањата на плановите/програмите и стратегиите се инкорпорирани во УППГДЗ или ќе бидат постигнати при имплементација |
|---|---|---|
| | Приоритет 2.5. Поддршка на подрачјата со специфични развојни потреби,<br>Приоритет 2.6. Развивање на преку гранична и меѓусебна соработка на планските региони,<br>Приоритет 2.7. Подигнување на капацитетите за планирање и реализација на развојот во планските региони. | |
| Национална стратегија за туризам на Република Македонија (2016-2021) | Осум клучни стратегии/стратешки цели се дефинирани за поддржување на професионалниот туристички развој на Македонија:<br>- Подигнување на свеста за Македонија како привлечна туристичка<br>дестинација;<br>- Подобрување на привлечноста на Македонија како туристичка<br>дестинација;<br>- Подобрување на организациските структури во туризмот;<br>- Подобрување на инвестициската клима за македонските претприемачи во однос на развојот на дополнителни објекти за сместување;<br>- Подобрување на квалитетот и квантитетот на достапни податоци за туризмот;<br>- Подобрување на рамковни услови за развој на туризмот;<br>- Подобрување на туристичкото знаење и квалитетот на услугите;<br>- Подобрување на свесноста на локалното население во однос на туризмот. | *Усогласеност:* Целите на Планот се во корелација со целите на Стратегијата за туризам, бидејќи стабилноста на земјата во однос на континуирано снабдување со електрична енергија ќе овозможи подобрување на условите за развој на туризмот и подобрување на привлечност на Државата како туристичка дестинација. |
| Национална стратегија за води (2011-2041) | Главна цел на управувањето со водите на Националната стратегија за води е постигнување на интегриран и координиран режим на водите на територијата на Р.С. Македонија. Главните цели, кои треба да се постигнат со интегрираното управување со водите во Република Македонија, се:<br>- да се обезбеди доволен квалитет на вода за пиење за јавно водоснабдување; | Усогласеност:<br>Во Планот се предвидени мерки за заштита на водите<br>Неусогласеност: Во Условите за планирање на просторот, дадена е препорака да побара точна локација од Геолошки завод за два издани кои се во проектното подрачје |

| Национални планови, програми и стратегии | Цели или барања на плановите/програмите и стратегиите на национално ниво | Како целите у барањата на плановите/програмите и стратегиите се инкорпорирани во УППГДЗ или ќе бидат постигнати при имплементација |
|---|---|---|
| | - да се обезбедат потребни количини вода со соодветен квалитет за разни комерцијални цели;<br>- заштита на луѓето и материјалните добра од штетните ефекти на водата;<br>- да се постигне и да се зачува добар статус на водата на површинските и<br>подземните водни тела;<br>- заштита на водата и екосистемите зависни од вода, и<br>- усогласување на мерките на управување со водите со корисниците на просторот од другите сектори.<br>Целта на заштита на водата е зачувување на здравјето на луѓето и животната средина, што вклучува остварување и зачувување на добра состојба на водата, спречување на загадувањето на водата, спречувањето хидро-морфолошките промени и рехабилитација на статусот на водата каде што е нарушен. Целите на заштита на водите во РМ се состојат од:<br>- Заштита на површинските и подземните води како резерви на вода за пиење (постојните и планираните резерви);<br>- Заштита на заштитените и други области од значење, во врска со водните површини-области на посебна заштита на водите, области за зачувување на здравјето на луѓето и на зачувување на вода и екосистемите зависни од вода и зачувување на биолошката разновидност во рамките на интегрираното управување со водите;<br>- Подобрување на еколошките функции на водите каде што квалитетот на водата е влошен и таму каде што потребниот квалитет на водата не е постигнат, интегрирано управување со водите и постепена имплементација на сеопфатните мерки за заштита и систематско следење на ефектите од спроведените мерки во речниот слив;<br>- Намалување на количеството на опасни супстанции на изворот на загадување со имплементација на мерките за заштита на водата, и<br>- Придонес кон одржливо управување со водите со рационално и одржливо користење на водните ресурси. | |

| Национални планови, програми и стратегии | Цели или барања на плановите/програмите и стратегиите на национално ниво | Како целите у барањата на плановите/програмите и стратегиите се инкорпорирани во УППГДЗ или ќе бидат постигнати при имплементација |
|---|---|---|
| Национална стратегија за биолошка разновидност со акционен план 2018-2023 | Главни цел на Стратегијата се:<br>- Да се надминат основните причини за загуба на биолошката разновидност преку нејзино интегрирање во целото општество;<br>- Да се намалат директните притисоци врз биолошката разновидност и да се промовира нејзиното одржливо користење;<br>- Да се подобри статусот на биолошката разновидност преку заштита на екосистемите, видовите и генетската разновидност;<br>- Да се зголемат придобивките од биолошката разновидност и екосистемските услуги за сите;<br>-,Да се подобри спроведувањето преку планирање со активно учество, управување со знаењето и градење капацитети. | Усогласеност: Планскиот опфат се наоѓа надвор од заштитено подрачје и во граници на истиот нема ретки, ендемични или заштитени видови.<br>*Неусогласеност:* ветерниот парк може да претставува ризик за дивиот свет, пред сѐ птиците и лилјаците |
| Национална стратегија за заштита на природата 2017-2027 | Во Националната стратегија за заштита на природата, дефинирани се<br>следните национални цели за заштита на природата:<br>**НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 1:** Геодиверзитетот и геонаследството и другите компоненти на природата (биолошката и пределската разновидност) соодветно да се идентификуваат, истражуваат, мониторираат и инвентаризираат.<br>**НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 2:** Да се заштитат, зачуваат и мониторираат компонентите на геодиверзитетот, геонаследството, биолошката и пределската разновидност.<br>**НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 3:** До 2022 година да се вгради политиката за заштита на природата во стратегиите, плановите и програмите во другите сектори.<br>**НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 4:** Да се воспостави и практикува одржливо користење на геодиверзитетот, геонаследството и другите компоненти на природата (биолошката и пределската разновидност) преку употреба на традиционални знаења, иновации, најдобри пракси и позитивни стимулации за зачувување и одржливо користење на природата.<br>**НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 5:** Да се унапреди законодавната рамка, согласно ЕУ легислативата и релевантните ратификувани | Усогласеност: Планскиот опфат се наоѓа надвор од заштитено подрачје и во граници на истиот нема ретки, ендемични или заштитени видови или геолошки форми.<br>*Неусогласеност:* ветерниот парк може да претставува ризик за дивиот свет, пред сѐ птиците и лилјаците |

| Национални планови, програми и стратегии | Цели или барања на плановите/програмите и стратегиите на национално ниво | Како целите у барањата на плановите/програмите и стратегиите се инкорпорирани во УППГДЗ или ќе бидат постигнати при имплементација |
|---|---|---|
| | меѓународни договори за заштита на природата и да се обезбеди соодветна институционална рамка преку зајакнување на административните капацитети.<br>**НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 6:** Да се подигне нивото на информираност, едукација и промоција за вредностите и значењето на геодиверзитетот и геонаследството и другите компоненти на природата (биолошката и пределската разновидност);<br>**НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 7:** Да се обезбеди континуирано и зголемено финансирање на заштитата на природата од буџетски средства на централно и локално ниво, од инвестиции и други извори на финансирање, преку воспоставување на соодветни одржливи и ефикасни модели на финансирање на заштитата и одржливото користење на природата. | |
| Национален план за заштита на амбиентниот воздух (2013-2019) | Главни цели на Планот се:<br>- Одржување на квалитетот на амбиентниот воздух во зоните каде што не се надминуваат граничните вредности на квалитет;<br>- Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во зоните каде што се надминуваат граничните вредности за квалитет;<br>- Преземање на мерки за намалување на емисиите од определени стационарни извори на загадување;<br>- Усвојување на неопходни мерки за минимизирање и целосно отстранување на негативните ефекти врз квалитетот на амбиентниот воздух. | *Усогласеност:* Целите на Националниот план за заштита на амбиентниот воздух, односно усвојување на мерки за намалување на негативи влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух се инкорпорирани во Урбанистичкиот план. |
| Национална стратегија за животна средина и климатски промени (2014-2020) | Главната цел на Национална стратегија за животна средина и климатски промени (нацрт) од аспект на одржлив развој е насочена кон подобрување на целокупниот квалитет на живот и избегнување на трајни штети врз животната средина. Од аспект на заштита на животната средина, целта е да се зачува и подобри квалитетот на водата, воздухот и почвата во | *Неусогласеност/Усогласеност:* Целите на урбанистичкиот план не се целосно во насока на зачувување на квалитетот на животната средина. Сепак производството на електрична енергија од обновливи извори ке придонесе за намалување на емисиите на стакленички гасови кои се генерираат |

| Национални планови, програми и стратегии | Цели или барања на плановите/програмите и стратегиите на национално ниво | Како целите у барањата на плановите/програмите и стратегиите се инкорпорирани во УППГДЗ или ќе бидат постигнати при имплементација |
|---|---|---|
| | Република Македонија, да се зачува постојната биолошка разновидност и природните ресурси. Од аспект на климатските промени целта на Стратегијата е да се намалт нивните негативни влијанија. | од производството на електрична енергија од необновливи |
| Трет Национален Плна на Република Македонија кон Рамковната конвенција на ОН за климатски промени (2014) | Зајанкнување на базара на информации, аналитичниот и инстутиционалниот капацитет на клучните национални институции за интегрирање на приоритетите за климатските промени во националните стратегии за развој и релевантните секторски програми со обезбедување финансиска и техничка подршка.<br>Вклучување на Република Македонија во глобалните напори за ублажување на климатските промени и спроведување на обврските преземени од членството во Рамковната конвенција на Обединетите Нации за климатски промени и Кјото Протоколот.<br>Исто така Планот вклучува:<br>- Воспоставување на национален фонд за тестирање мерки за адаптација и воведување на видови, отпорни на суша;<br>- Формирање на национален центар за суша;<br>- Утврдување техники и постапки за култивирање, користење вештачки ѓубрива и рекламација на почвата за клучните култури во регионите погодени од климатските промени;<br>- Воведување различни практики на орање за промовирање одржливи земјоделски практики;<br>- Развивање техники за наводнување и водоснабдување;<br>- Развивање критериуми и идентификација на начини на употреба на земјиштето и агроеколошки зони и сл.<br>Исто така, една од целите на овој документ е спречување или намалување на загубата на биолошката разновидност, заради влијанијата од климатските промени. При тоа, планот ги идентификува следните потенцијални мерки за адаптација кон климатските промени:<br>- Следење на состојбата со тугите (и инвазивни) видови растенија; | *Усогласеност:* Целите на УППГДЗ се искористување на силата на ветерот и обезбедување на електрична енергија од обновливи извори, што ке доведе до намалување на емисиите на стакленички гасови, а со тоа ке се намалат и влијанијата врз климатските промени. |

| Национални планови, програми и стратегии | Цели или барања на плановите/програмите и стратегиите на национално ниво | Како целите у барањата на плановите/програмите и стратегиите се инкорпорирани во УППГДЗ или ќе бидат постигнати при имплементација |
|---|---|---|
| | - Следење на состојбата со животинските видови-вектори на болести;<br>- Елаборација на листата видови за кои е потребно „ex situ" зачувување;<br>- Приспособување на плановите за управување со шумите во главните шумски биокоридори, со цел нивна подобра функционалност од аспект на ефектите од климатските промени;<br>- Дефинирање можни рути (биокоридори) за движење и миграција на животинските и растителни видови под закана од климатските промени;<br>Детална ревизија на системот на заштитени подрачја во Македонија во однос на адаптациіата на климатските промени. | |
| Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020) | Дел од општите и посебни стратешки цели во управувањето со отпадот се:<br>- Воведување на стабилни финансиски ресурси и соодветни економски механизми за обезбедување на целосно покривање на трошоците за одржување на интегрираниот систем за управување со отпад;<br>- Воспоставување систем за собирање податоци/информации за изворите, природата, количествата и судбината на тековите на отпадот, како и за капацитетите за обнова на материјали/енергија и за депонирање на отпадот и обезбедување на потребниот пристап на јавноста до истиот;<br>- Воспоставување на технички современ систем за управување со отпад;<br>Примена на ефикасни и исплатливи техники за управување со посебните текови отпад. | *Усогласеност:* Во урбанистичкиот план се предвидуваат мерки за управување со отпадот. Начинот на управување со различните видови на создаден отпад детално ке биде разработен на ниво на проектна документација и оцена на влијанијата врз животната средина од проектните активности. |
| План за управување со отпадот на Република Северна Македонија 2021-2031 | Управувањето со отпадот, заради поголема ефикасност на ресурсите има за цел:<br>- Да се управува со отпадот како со ресурс,<br>- Отпадот кој се создава по глава на жител да се намалува,<br>- Да се изнајдат економски опции за повторна употреба и рециклирање, | |

| Национални планови, програми и стратегии | Цели или барања на плановите/програмите и стратегиите на национално ниво | Како целите у барањата на плановите/програмите и стратегиите се инкорпорирани во УППГДЗ или ќе бидат постигнати при имплементација |
|---|---|---|
| | - Поголемо рециклирање на материјалите согласно висококвалитетни стандарди,<br>- Преработката за добивање енергија да биде лимитирана на материјали кои не може да се рециклираат,<br>- Депонирањето да биде сведено на минимум, и<br>- Да нема повеќе незаконски пратки на отпад. | |
| Национална стратегија за земјоделство и рурален развој (2021-2027) | Стратешки цели:<br>- подобрување на конкурентноста на земјоделско-прехрамбениот сектор, економската одржливост и приходот на земјоделските стопанства,<br>- примена на еколошки практики во производството кои водат кон намалување на влијанието на климатските промени и прилагодување кон истите. и<br>- обезбедување на одржлив развој на руралните средини. | *Усогласенот:* Со планските содржини ќе се овозможи обезбедување на електрична енергија која треба да придонесе за економски развој на подрачјето, а со тоа и на развој на руралните средини. |
| Стратегија за мониторинг на животната средина (2004) | - Мониторирање и известување за состојбата на сите медиуми на животната средина. | *Усогласеност:* Со стратегиската оцена на животната средина за УППГДЗ ќе се обезбеди мониторинг на медиумите на животната средина. |
| РЕГИОНАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО | | |
| **Просторен план на Источен плански регион (2013-2030)** | **Ц1.** Одржлив динамичен економски развој:<br>- зголемување на конкурентноста;<br>- интегрирање на политиката за заштита на животната средина во производствениот и услужниот сектор;<br>- нови работни места и зголемување на вработената популација;<br>- пораст на инвестиции и продуктивноста.<br>**Ц2.** Рамномерна дистрибуција на производните и услужните дејности:<br>- дисперзија на производни и услужни дејности во руралните подрачја;<br>- инфраструктурно доопремување на руралните и пограничните општини;<br>- наменско и рационално користење на урбаното земјиште со производна и усулужна намена.<br>**Ц3.** Развојна структура на дејностите | *Усогласеност:* Планскиот опфат ќе обезбеди снабдување со електрична енергија потребна за економски развој, а со тоа и создавање на работни места и намалување на миграцијата. |

| Национални планови, програми и стратегии | Цели или барања на плановите/програмите и стратегиите на национално ниво | Како целите у барањата на плановите/програмите и стратегиите се инкорпорирани во УППГДЗ или ќе бидат постигнати при имплементација |
|---|---|---|
| | **Ц4.** Зголемување на вработивањето и на стандардот на населението со потпирање на развојот врз знаењата и умешноста на работната сила:<br>- нови вработувања во производниот и услуѓен сектор;<br>- отварање нови работни места во зелената економија. | |
| Регионален план за управување со отпад во Источниот Регион | - Минимизирање на негативните влијанија на животната средина и здравјето на луѓето од создавањето и управувањето со отпад;<br>- Минимизирање на негативните социјални и економски влијанија и максимизирање на социјалните и економски можности;<br>- Усогласеност со законските барања, целите, принципите и политиките поставени со европската и националната правна и регулаторна рамка. | *Усогласеност:* Во урбанистичкиот план се предвидуваат мерки за управување со отпадот. Начинот на управување со различните видови на создаден отпад детално ќе биде разработен на ниво на проектната документација и оцена на влијанијата врз животната средина од изведување на проектот. |

# 7. АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ

При изработката на плански и програмски документи, со кои се планира изведување на проекти, треба да се земе предвид и анализата на алтернативи, која се прави од аспект на избор локација, најдобро решение од аспект на економска оправданост и заштита на животната средина и здравјето на луѓето.

Како појдовна основа за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип е потребата на Инвеститорите за урбанизација на просторот за веќе наведената намена, заради што се изработени Услови за планирање на просторот и е изработена и одобрена планска програма.

Не е разгледувана друга алтернативна локација за изградба на ветерен парк, со оглед на фактот што главни предуслови за реализација на Проектот биле условите на локацијата.

Затоа, од аспект на разгледувани алтернативи, во ова поглавје се разгледувани алтернативите без имплементација и со имплементација на Планот

**Алтернатива 1: Без имплементација на Планот на предметната локација**

- Губиток во снабдување со енергија. До 108.28 GWh електрична енергија на годишно ниво произведена од обновлив извор не би била доставена на националниот енергетски пазар.
- Непроменета (не-редуцирана) емисија на стакленички гасови. Оперативноста на фармата на ветер би овозожила редукција на овие емисии стакленички гасови на годишно ниво, што претставува придонес кон целите на Македонија и светската заедница за борба со климатските промени.
- Губиток на социјални и економски придобивки, во форма на кратко- и долгорочни вработувања и зголемување на индиректната потрошувачка во подрачјето.
- Не-искористување на обновлив извор на енергија.
- Зачувување на природата.
- Намалување на интересот на инвеститори за понатамошно искористување на обновливите извори на енерија во Република Македонија, што ќе резултира во загуба за можни идни инвестиции во овој сектор

Со искористувањето на електрична енергија преку поставување на ветерни електрани ќе се воведе стабилност во снабдувањето со електрична енергија, пред се во индустријата што ќе доведе до економски развој на сите региони во Република Северна Македонија. Производството на електрична енергија ќе придонесе за сигурност во снабдувањето, ќе донесе дополнителен извор на енергија и можност за раст на индустријата во одредени области. Исто така ќе донесе и нови инвестиции кои се поволни за државата.

**Алтернатива 2: Имплементација на Планот на предметната локација**

Имплементацијата на Планот предвидува изградба на ветерен парк на предметната локација, што ќе овозможи значајни придобивки од енергетски, еколошки, социјални и економски аспект.

- Сигурност и стабилност во снабдувањето со електрична енергија: Со имплементација на Планот се предвидува производство на околу 108.28 GWh електрична енергија годишно од обновлив извор, што ќе придонесе за зголемување на енергетската независност и сигурност во националниот енергетски систем.
- Намалување на емисии на стакленички гасови: Производството на електрична енергија од ветерот не генерира штетни емисии, со што ќе се намали вкупниот јаглероден отпечаток на државата и ќе се поддржат климатските цели на Република Северна Македонија.
- Поттикнување на економски развој: Реализацијата на проектот ќе придонесе за отворање на директни и индиректни вработувања во фазите на изградба, одржување и управување, како и за зголемена економска активност во локалната заедница.
- Поддршка на индустрискиот раст: Зголемената достапност на електрична енергија ќе овозможи подобри услови за развој на индустриски капацитети и други економски дејности, особено во енергетски зависни сектори.
- Привлекување на нови инвестиции: Успешната реализација на ветерниот парк ќе ја зајакне довербата на инвеститорите во секторот за обновлива енергија, со што ќе се зголемат шансите за нови вложувања во обновливи извори во земјата.
- Рационално искористување на природните ресурси: Локацијата ќе биде ставена во функција на одржливо користење, со минимален еколошки отпечаток и придонес кон транзицијата кон зелена економија.

Без имплементација на Планот ќе се намалат можностите за обезбедување на електрична енергија од обновливи извори, намалување на зависноста на земјата од увоз на електрична енергија, развој на стопанството и вработување/ангажирање на населението во општина Штип и пошироко на ниво на плански Регион. Доколку не се имплементираат содржините на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Громовник во општина Штип (Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „Громовник“ (со капацитет над 10 MW) на катастарските општини Долани, Драгоево, Штип-вонград и Ново Село Штип, во Општина Штип нема да се изградат Г3.7 – ветерни електрани (мали плантажи до 10 ветерници), пристапен пат до истите, подземен електричен вод и оптички кабел, патишта за нивно поврзување и трафостаница, со што состојбите во животната средина ќе останат непроменети, односно нема да се реализираат активности кои ќе бидат потенцијални извори на емисии во животната средина, во фазата на изградба, кои може дополнително да го нарушат квалитетот на медиумите и областите во животната средина, здравјето на луѓето, а особено во случај на несреќи и хаварии.

Со искористувањето на електрична енергија преку поставување на ветерни електрани ќе се воведе стабилност во снабдувањето со електрична енергија, пред се во индустријата што ќе доведе до економски развој на сите региони во Република Северна Македонија. Производството на електрична енергија ќе придонесе за сигурност во снабдувањето, ќе донесе дополнителен извор на енергија и можност за раст на индустријата во одредени области. Исто така ќе донесе и нови инвестиции кои се поволни за државата.

Можноста за изградба на ветрени електрани ќе придонесе за трите цели утврдени во енергетската политика на Унијата - безбедност, одржливост и конкурентност на енергетската политика на Унијата и амбиција да се создаде внатрешен енергетски пазар во кој ниту една земја-членка нема да остане изолирана од европските мрежи елекгрична енергија, обезбедувајќи енергијата да тече слободно низ Европската унија, без технички или регулаторни бариери.

# 8. ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Имплементацијата на планските содржини предвидени во Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење, кои се однесуваат на изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со вкупна инсталирана моќност над 10 MW (на територијата на КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград и КО Ново Село Штип, Општина Штип), може да резултира со определени влијанија врз животната средина и социјалните аспекти. Согласно *‘’Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена’’* извршена е анализа на влијанијата од имплементацијата на предвидениот плански документ. Притоа, нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина дава генерален преглед на можните влијанија врз сите компоненти на животната средина, како и врз социо-економските фактори, додека деталните влијанија врз специфични медиуми (воздух, вода, почва, биодиверзитет), како и врз здравјето на населението и социјалната сфера, ќе бидат дополнително обработени на ниво на конкретни проекти, преку изработка на Студија за оцена на влијанија врз животната средина или Елаборат за заштита на животната средина. Пред изградба на поединечните проекти/ објекти, кои влегуваат во состав на планскиот документ како поставување на ветерни турбини, пристапен пат до истите и трафостаница, ќе се пристапи кон подетална анализа на можните влијанија врз животната средина во конструктивна, оперативна и постоперативна фаза, согласно глава XI од Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и Сл. весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22). Во продолжение, потенцијалните влијанија врз медиумите од животната средина, здравјето на луѓето и социјалните аспекти, заедно со препорачаните мерки за нивно ублажување.

## 8.1 Влијание врз квалитетот на воздухот

Реализација на планскиот документ генерално гледано ќе има позитивно влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух и намалување на емисиите на гасови кои придонесуваат кон климатските промени. Производството на електрична енергија од ветер, како обновлив извор, ќе доведе до значително намалување на емисиите на стакленички гасови (GHG) во споредба со традиционалните извори базирани на фосилни горива.

Сепак Имплементацијата на Планот, на ниво на проектни активности, ќе допринесе за генерирање на емисии во воздух како резултат на зголемена фреквенција на возила, градежни активности (ископ на земја, порамнување и сл.) транспорт на суровини, работници, помошни материјали и отпад, особено во фазата на изградба. Генерираните емисии, доколку не се соодветно управувани, може да предизвикаат промени на квалитетот на воздухот во однос на SO2, NOx, VOC, Оз, CO, CO2. Генерираните емисии од планските содржини нема да предизвикаат кумулативни влијанија врз квалитетот на воздухот во поблиското опкружување на планскиот опфати поради отсуство на други антропогени активности. Кумулативно влијанија врз квалитетот на амбиетниот воздух единствено се очекуваат долж пристапните патишта, кои не се предмет на планскиот опфат.

Квалитетот на воздухот може да се наруши во услови на несреќи и хаварии, меѓутоа, во нормални оперативни услови и со примена на мерки за намалување на емисиите во воздух не се очекува значителни нарушувања на квалитетот на воздухот, кои може да имаат значителен придонес кон климатските промени.

Влијанија врз воздухот се **незначителни** и ограничени на многу мала зона околу самите турбини.

*Детална анализа на влијанија врз квалитетот на воздухот ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите.*

## 8.2 Влијанија врз микроклима

Реализација на планскиот документ односно изградбата и работењето на ветерниот парк, со оглед на неговата локација надвор од населени места и на значително растојание од најблиските станбени објекти, нема да предизвика значајни промени во локалните климатски услови. Ветерните турбини можат локално да влијаат на микроклимата преку:

- **Турбуленција и мешање на воздушните маси** – ротацијата на лопатките предизвикува благо зголемување на турбулентноста во непосредна близина на турбините, што може да доведе до мало изедначување на температурните слоеви во приземниот слој на атмосферата. Овој ефект е ограничен на многу мала зона (неколку десетици метри зад турбината) и не влијае значајно на поширокata околина.
- **Локални промени на влажност и температура** – можни се минимални и краткотрајни варијации на температурата и влажноста во непосредна близина на турбините поради мешањето на воздухот, но овие промени се во рамки на природната дневна флуктуација.
- **Ефект на сенка и засенчување на терен** – турбините не создаваат значаен ефект на засенчување кој би влијаел на температурата на подлогата или би го нарушил растителниот покривач.

Поради отсуството на масивни градежни објекти, значителни извори на топлина или промени во топографијата, очекуваните влијанија врз микроклимата се **незначителни** и ограничени на многу мала зона околу самите турбини.

*Детална анализа на влијанија врз микроклиматските услови ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите.*

## 8.3 Влијание врз водите

Согласно известувањето со арх.бр. 11-2746/2 од 28.05.2025 година од Секторот за води, Управата за животна средина при Министерство за животна средина и просторно планирање утврдено е дека дел од површината која е предмет на планскиот опфат, опфаќа повеќе повремени и постојани водотеци, во границата се наоѓаат два издани на вода, додека предметната локација не се наоѓа во граници на заштитени подрачја во Република Северна Македонија и не е во рамките на предвидените акумулации согласно Водостопанската основа од просторниот план на РМ 2002-2020. Реализацијата на планскиот документ каде во рамките на самиот опфат, има регистрирани времени водотеци, наметнува потреба од анализа на влијанија врз површинските и подземните води. Во градежна фаза можно е деградирање на сливот на реката преку сечење на дрва, уништување на вегетацијата, менување на пејсажот и сл. што би можело да предизвика појава на ерозија, порои и лизгање на земјиштето. Исто така можно е нарушување на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и одводнување на обработливите површини што би влијаело на нивното функционирање.

Водостопанско подрачје „Средна и Долна Брегалница”, каде се предвидува изградбата на ветерниот парк, спаѓа во подрачја кои се сиромашни со вода. Специфичното истекување за сливот на реката Брегалница изнесува од 11,8 л/сек/км2 кај мерното место „Берово“, додека на водомерните станици „Очи Пале” изнесува 5,9 л/сек/км2 и „Штип” изнесува 4,1 л/сек/км2.

Во границите на планскиот опфат има два издани на вода со голема издашност кои не се локациски поставени во графичките прилози и доколку не се земат во предвид, можни се негативни влијанија врз истите.

Низ дел од просторот поминува планиран регионален водоснабдителен систем Црна Река при што во градежна фаза можни се влијанија од физичко и хемиско потекло. Физичките влијанија се резултат на механичко загадување, како внесување на почвени честички и градежен материјал во водотеците. Хемиските влијанија, пак, произлегуваат од можни испуштања на масла, отпадни масла,отпадни санитарни води, нафтени деривати и други хемикалии.

Доколку не се земат во предвид при проектирање, влијанија врз водите би биле **значителни** и од локален карактер.

*Детална анализа на влијанија врз водите ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите.*

## 8.4 Влијание врз почвата

Имплементацијата на планскиот документ ќе влијае преку трајно покривање на почвата во делови каде е планирана линиска инфраструктура и површините за градба за ветерните турбини, преку запечатување на почвата. Планскиот опфат зафаќа пасишта и плодни земјишта, кои со урбанистичкиот план се пренаменуваат во градежно земјиште, со што се прави промена во идната намена на земјиштето, со можни влијанија врз плодноста, физичките/хемиските карактеристики.

Согласно Просторниот План на Република Македонија, со намена за изградба на ветерен парк "ВЕЦ ГРОМОВНИК" за производство на електрична енергија од обновливи извори, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип вон град, КО Ново Село Штип, Општина Штип, се наоѓа во потенцијална зона на свлечишта (согласно мислење од ДЗС) но всушност се мисли на интензивна ерозија при градежните активности а не и прави свлечишта. Подрачјето и во сегашна состојба е со процеси на интензивна површинска но и јаружеста ероизја, а со градежните активности се интензивира ерозија особено што подлогата е ранлива на еродирање. При изведба на градежните активности интензитетот на ерозијата и генерирање на ерозивен материјал е неколкукратно повисок отколку во номрлана состојба (според некои истражувања на земјоделски земјиште и 10 пати повисок интензитет).

Во согласност со потребите за урбан развој, а со цел заштита на медиумите на животната средина, вклучувајќи ја и почвата, со добро компонираните плански решенија за инфраструктурата од аспект на соодветно управување со отпадните води и отпадот генериран во рамките на планскиот опфат, како и следење на урбанистичките стандарди нема да се очекуваат значителни влијанија врз почвата. Со ваквите решенија се дава можност, работењето на идните деловни субјекти, како и инфраструктурните објекти да се остварува нормално и со доследно спроведување на законските обврски за да се спречи било какво загадување на почвата во самиот плански опфат и надвор од него.

*Детална анализа на влијанија врз почвите ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите.*

## 8.5 Влијанија врз биодиверзитетот и природното наследство

Заканите врз биодиверзитетот поврзани со развојот на урбанизацијата се манифестираат во директното зафаќање на живеалиштата и вознемирување на видовите. Градежништвото, преку пренамената на земјоделско земјиште, доведува до загуба на продуктивно земјиште, значајно за агробиолошката разновидност. Согласно дописот бр.11-2747/2 од 22.05.2025 година од Секторот за природа, Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање известено е дека планскиот опфат не влегува во граници на заштитени подрачја утврдени со закон и истиот не е во границите на Емералд подрачје и идентификуваните Натура 2000 подрачја во Република Северна Македонија.

Сепак имплементацијата на Планот, на ниво на проектни активности, ќе има влијанија врз авифауната која е присутна на локацијата и евентуално лилјаци. Влијанијата како вознемирување, миграција, колизија и и сл. ќе се манифестираат преку зголемената фреквенција на возила, градежни активности (ископ на земја, порамнување и сл.) транспорт на суровини, работници, помошни материјали и отпад, особено во фазата на изградба, како и од треперењето на сенката, како резултат на движењето на перкитево тековното работење на ветерниците. Во оваа фаза не може прецизно да се одреди големината и степенот на влијание.

Сепак доколку не се земат во предвид при проектирање, влијанија би биле **значителни** и од локален карактер.

*Детална анализа на влијанија врз биодиверзитетот ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите.*

## 8.6 Влијание врз пределот

Со оглед на фактот што сегашната состојба на планскиот опфат е природна и неизградена, имплементацијата на планскиот документ се очекува да има влијанија врз пределните карактеристики на опфатот. Исто така доколку големината на површините за градба, висините на градбите, процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, како и останатите урбанистички параметри не се според стандарди одредени според специфичноста на планскиот опфат, можни се негативни влијанија.

Од самите проектни активности на планот како привременото складирање на материјали, машини, изградба на привремени пристапни патишта и поставување на ветерниците ќе предизвикаат привремена промена на пејзажот и визуелно нарушување. Овие ефекти се краткорочни и ќе исчезнат по завршување на градежните активности. Во оперативна фаза ветерните турбини, како високи конструкции од околу 110 m и поставени на височина од 500–650 m н.в., ќе бидат видливи од голема далечина, што ќе влијае врз визуелниот изглед на пределот.

*Детална анализа на влијанија врз пределот ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите.*

## 8.7 Влијание врз културно-историско наследство

Согласно добиените податоци и информациите НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Штип со арх.бр. 08-186/4 од 03.06.2025 година за изработка на планскиот документ, констатирано е дека во планскиот опфат евидентирано е културно наследство - археолошкиот локалитет Јеребичова Вода- водовод од доцноантичко време и локалитет Градиште

Петокрака. Доколку не се направат археолошки истражувања и изградбата не се следи со стручен надзор од археолог, влијанијата врз културното наследство изразени преку физички оштетувања би биле значителни.

*Детална анализа на влијанија врз културно-историско наследство ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите.*

## 8.8 Влијание од зголемено ниво на бучава

Имплеметацијата на планскиот документ значи и зголемување на нивото на бучава во опфатот каде моментално нема изградени објекти. Интензитетот на бучавата ќе биде зголемен за време на градежната фаза, користењето на градежна механизација, активности како ископ на материјали, транспорт на градежен материјал, отпад и работници, како и изградба на пристапни патишта, ќе предизвикаат зголемени нивоа на бучава и вибрации. Поради тоа што во непосредната околина нема други чувствителни рецептори (населени места), овие влијанија ќе се однесуваат главно на работниците на локацијата и на животните во близина. Влијанијата ќе бидат ограничени на локацијата на градба и по пристапните патишта, а ќе траат само за време на градежните активности.

Во фазата на работа, ветерните турбини генерираат бучава од околу 100 dB која се намалува со зголемување на растојанието. Дополнително, при редовен сервис или во случај на дефекти и хаварии, се користи механизација што исто така придонесува кон бучавата. Сепак, поради оддалеченоста од населени места и чувствителни рецептори, влијанијата од бучавата во оперативната фаза се оценуваат како незначителни. Основен рецептор е биолошката разновидност во најблиското опкружување.

*Детална анализа на влијанија од бучава ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите.*

## 8.9 Управување со отпад

Со имплементацијата на изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изведба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, општина Штип во текот на изградбата на ветерниот парк ќе се генерираат различни видови отпад, како што се градежен отпад (бетон, метал, дрво, кабли), амбалажен отпад, како и опасен отпад како резултат на градежните работи, транспортот и монтажа на опремата, како и редовното одржување на објектите и инфраструктурата во форма на масла, хемикалии и батерии од градежната механизација. Во фазата на работење, количините на отпад ќе бидат значително помали и ќе вклучуваат претежно комунален отпад од сервисните објекти, амбалажен отпад, како

и ограничени количини на опасен отпад – потекнат од одржување на турбините (употребени масла, филтри, електронски компоненти).

Локацијата на проектот, која се наоѓа надвор од населено место и на значително растојание од најблиските станбени објекти, значително го намалува ризикот од негативни влијанија врз населението. Сепак, отпадот кој ќе настане во текот на различните фази од реализацијата мора да биде предмет на контролирано и уредно управување, со цел спречување на било какво деградирање на околината.

Во текот на фазата на изградба, најголем дел од отпадот ќе биде градежен, вклучувајќи бетонски и метални остатоци, дрвен материјал, пакувања, кабли и пластични фолии, како и земјен материјал од ископи. Ќе се појават и помали количини опасен отпад, како отпадни масла, хемиски материи и загадена амбалажа, најчесто поврзани со одржувањето на градежната механизација. Поради големината на опремата, особено на деловите на ветерните турбини, може да се генерира и значителна количина отпад од пакување кој ќе треба правилно да се отстрани или реупотреби.

Во фазата на експлоатација, количините на отпад ќе бидат значително помали и ограничени на рутинските активности за одржување на турбините и инфраструктурата. Во овој период отпадот ќе се состои претежно од заменети делови и компоненти, отпадни масла и филтри, како и отпад од пакување од испорака на резервни делови. Комуналниот отпад ќе биде минимален и поврзан со присуството на техничкиот персонал на терен.

Со оглед на карактерот и локацијата на проектот, отпадот нема да има значајно влијание врз животната средина на пошироката подрачје. Генерираните количини ќе бидат временски и просторно ограничени, а нивното појавување ќе биде предвидливо и контролирано. Иако влијанијата врз животната средина од аспект на отпадот се оценуваат како мали, потребно е да се одржува доследно и систематско управување со сите категории отпад за да се обезбеди зачувување на природните вредности и спречување на појава на локални загадувања.

*Детална анализа на влијанија од управувањето со отпадот ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите.*

## 8.10 Влијание врз населението и социо-економските услови

Врз основа на извршените анализи на веројатните влијанија при имплементација на планскиот документ утврдени се влијанијата кои позитивно се рефлектираат врз социо-економската состојба на населението. Со имплементацијата на урбанистичката планска документација, се очекуваат позитивни влијанија врз социо-економскиот развој на Општината и пошироко, како што се ангажирање директно во фазата на изградба и индиректно преку поддршка на локални услуги и дејности. Во подолг рок, ветерниот парк ќе придонесе за економски развој, зголемување на приходите во општинскиот буџет, како и за зајакнување на енергетската независност преку производство на електрична енергија од обновливи извори.

Локацијата за изградба на ветерен парк "ВЕЦ ГРОМОВНИК" за производство на електрична енергија од обновливи извори, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип вон град, КО Ново Село Штип, Општина Штип, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Иницијативата за изградба на ветерен парк "ВЕЦ ГРОМОВНИК" за производство на електрична енергија од обновливи извори, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип вон град, КО Ново Село Штип, Општина Штип, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.

Согласно дописот од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Секторот за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост со архивски бр. 40-7662/3 од 13.06.2025 година констатирано е дека во предметниот плански опфат има мал број катастарски парцели во приватна сопственост и земјишта со кои има склучено договор за закуп.

Доколку настане раслеување или одземање на земјиштето, очекувани се социо-економски влијанија, кои со почитување на националното закондавство кое се однесува за експропријација - ќе бидат намалени.

*Детална анализа на влијанија врз социо-екомоските услови ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите.*

## 8.11 Влијание врз човековото здравје

Реализацијата на проектот за ветерен парк носи потенцијални влијанија врз здравјето на населението, кои можат да се јават како резултат на различни активности поврзани со изградбата и експлоатацијата. Во фазата на испитување и градежни активности, активности како дупчење на подлогата, копање, бетонирање, како и несоодветно управување и третман на отпадните води и отпадот, може да предизвикаат загадување и непожелни емисии. Исто така, ризици постојат и поради неправилно складирање и ракување со горива и масла, како и можни истекувања и хаварии.

Директните и индиректните влијанија од овие ситуации може да имаат ефект врз здравјето на населението, особено ако не се применуваат соодветни мерки за заштита и превенција. Дополнително, постои ризик од вонредни ситуации, вклучувајќи природни катастрофи, кои можат да го влошат здравствениот статус на заедницата.

*Детална анализа на влијанија врз човековот здравје ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите.*

## 8.12 Кумулативни влијанија

Кумулативните влијанија претставуваат збирен ефект од повеќе активности, проекти или развојни иницијативи кои се спроведуваат во исто време или во последователни фази во исто или во соседни подрачја. Во контекст на овој плански документ за изградба на ветерен парк, оцената на кумулативните влијанија се однесува на можните ефекти што би настанале доколку овој проект се реализира заедно со други постојни или планирани проекти во поширокиот регион. Во регионот актуелни се следните проекти:

- фотоволтаична плантажа со моќност до 5MW на кп бр. 304 и 306 и изведба на среднонапонски кабел до најблиската прилучна трафостаница, КО Долани, Општина Штип (истата е во планскиот опфат)
- пристапен пат и подземни електрични 35кВ водови за приклучок на фве до постоечка трансформаторска станица „ТС Штип 2“ 110/35/10кВ, Општина Штип




**Слика 20.Местоположба на ВП Громовник и останати објекти**

- Ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци,




**Слика 21. ВП Алаказар Енерџи и Громовник (жолт круг)**

Во СОЖС, анализата на кумулативните влијанија од повеќе проекти за обновлива енергија оди подалеку од проценката на секој проект поединечно. Целта е да се разберат комбинираните, инкременталните и синергистичките ефекти врз животната средина, општеството и економијата во просторот и времето.

Во фазата на изградба, можни се привремени кумулативни ефекти доколку во истиот временски период се одвиваат градежни активности во околината, што би можело да доведе до зголемено присуство на механизација, поинтензивен транспорт, поголема количина прашина и бучава. Овие ефекти би биле временски ограничени и би се намалиле со завршувањето на работите.

Во фазата на експлоатација, кумулативните влијанија главно би можеле да се однесуваат на визуелниот аспект на просторот и можните интерференции во пејзажот во комбинација со другиот ветерен парк или други високи конструкции во истиот визуелен коридор. Исто така, можни се кумулативни ефекти врз авифауната (птиците)[1].

[1] Доколку мониторингот го докаже тоа

Очекувани се кумулативни влијанија од двата ветерни паркови Громовник и ветерниот парк на Алказар Енерџи. Географски, двата ветерни парка се доближуваат со поставеност на турбините според индикативниот просторен распоред[2] (сл.11). Во продолжение е даден табеларен приказ на влијанијата,нивната значајност, сензитивниот рецептор, мерките за ублажување.

**Табела 4.Матрикс на кумулативно влијание**

| Ресурс / Рецептор | Потенцијално кумулативно влијание | Значајност (пред ублажување) | Мерки за ублажување / управување | Резидуално влијание |
|---|---|---|---|---|
| **Птици и лилјаци** | Зголемен ризик од судир поради преклопување на турбински подрачја; вознемирување/дислокација на миграциски коридори | Висока (доколку е во близина на чувствителни патишта за миграција) | Усогласување на распоред на турбини, стопирање при врвна миграција, заедничка програма за мониторинг | Средна–Ниска |
| **Хабитати и биодиверзитет** | Фрагментација на хабитати од пристапни патишта, кабли и трафостаници; | Средна–Висока | Заеднички инфраструктурни коридори, обнова на хабитати, избегнување на критични зони | Ниска |
| **Почва и вода** | Зголемен ризик од ерозија од повеќе градилишта; хидролошки нарушувања | Средна | Координиран распоред на градба, мерки против ерозија, заеднички пристапни патишта | Ниска |
| **Пејзаж и визуелни аспекти** | Поголем визуелен отпечаток; кумулативна доминација на хоризонтот; ефекти од ноќно осветлување | Висока (во сценски/културни предели) | Хармонизирање на дизајн на турбини (висина, боја), засадување на дрва,минимизација на осветлување | Средна |
| **Бучава и сенкови ефекти** | Преклопување на зони со бучава и ефекти од треперење врз блиски населби | Средна | Заедничко моделирање на бучава/сенки, микро-локација на турбини, ограничување во чувствителни часови | Ниска |
| **Локални заедници** | Двоен притисок врз инфраструктурата за време на градба; кумулативно вознемирување; намален туристички потенцијал | Средна | Фазно градење, механизми за споделување придобивки, иницијативи за промоција на туризам | Ниска–Средна |
| **Културно наследство** | Потенцијално кумулативно нарушување на видливоста на споменици/археолошки локалитети | Средна | Визуелна проценка на влијание, заштитни зони, внимателно лоцирање | Ниска |

[2] https://alcazarenergy.com/wp-content/uploads/2025/01/mkd-scoping-report-stip-windfarm-01.pdf

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Социо-економски придобивки** | Зголемен капацитет за обновлива енергија, локална вработеност, приходи | Позитивно | Максимизирање на локална вработеност/обука, долгорочни заеднички инвестиции | Позитивно (Високо) |
| **Клима и квалитет на воздух** | Поголеми кумулативни намалувања на емисии на ГХГ во споредба со фосилни извори | Позитивно | – | Позитивно (Високо) |
| **Електроенергетска мрежа и инфраструктура** | Преоптоварување на мрежните врски; повеќе трафостаници и далекуводи што фрагментираат земјиште | Средна–Висока | Заеднички преносни коридори, зајакнување на мрежата | Ниска–Средна |

## 8.13 Влијанија од несреќи и хаварии

Имплементацијата на планскиот документ може да има влијание од несреќи и хаварии кои може да бидат изразени преку:

- Ризик од електрична опасност
- Ризик од експлозија
- Ризик од пожар
- Ризик од земјотрес
- Метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди, поплави, Инциденти и хаварии предизвикани од најразлични дефекти и технолошки непогоди
- Можност за поголеми загадувања на површинските и подземните води поради хаварии при транспорт на штетни материи, но исто така и за перманентни микро загадувања;

Потенцијалните ризици и опасности поврзани со проектот во градежната фаза се: ризик од природни непогоди, ризик од истекување на опасни супстанции (во градежната фаза и при поправка на дефект во оперативна фаза), ризик од појава на пожар, ризик од хаварија на ветерните турбини и енергетското напојување што може да предизвикаат негативни влијанија врз медиумите од животната средина и сл.

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот со намена за изградба на ветерен парк “ВЕЦ ГРОМОВНИК” за производство на електрична енергија од обновливи извори, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип вон град, КО Ново Село Штип, Општина Штип, се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства и во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Согласно Просторниот План на Република Македонија, со намена за изградба на ветерен парк “ВЕЦ ГРОМОВНИК” за производство на електрична енергија од обновливи извори, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип вон град, КО Ново Село Штип, Општина Штип, се наоѓа во потенцијална зона на

свлечишта. Доколку на предметната локација се потврди веројатноста за настанување на свлечишта, да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно законската регулатива.

Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Предметната локација се наоѓа во заштитната зона на карго аеродром Штип. При изработка на планската документација од аспект на безбедноста на Воздушниот сообраќај да се почитува релевантната законска регулатива како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитува релевантната законска регулатива од областа на Сообраќајот, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

# 9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И УБЛАЖУВАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Идентификуваните влијанија врз специфичните медиуми и области на животната средина во поглавје 8, ќе бидат неутрализирани или намалени доколку бидат доследно почитувани и имплементирани одредбите на Законот за животна средина и другите вертикални закони за секој медиум или област соодветно, како и другите законски одредби применливи за идентификуваните влијанија.

Спроведувањето и реализацијата на овој урбанистички план се предвидува со Основен проект или Основни проекти за фазна градба, со претходно дефинирана проектна програма. Оттаму мерките подетално ќе се утврдат при разработката на предметниот урбанистички план со Основни проекти. При реализација на предвидените активности за изградба на ветерни електрани и водови за пренос на електрична енергија во КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, треба да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот и количината и режимот на површинските и подземните води.

Конечните мерки, утврдени со точна локација, вид и обем на активности, ќе бидат дефинирани низ постапки за конкретна планска документација или на ниво на проект низ студиите за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина (за секој проект/објект поединечно). На тој начин мерките за заштита на животната средина и културно наследство ќе се вградат во проектот и ќе бидат земени предвид при изведбата. Имплементацијата на препораките даден во СОЖС, но и во подоцнежна фаза на ниво на проект, пред се зависи од заложбата на надлежните органи, како и од инвеститорите.

## 9.1 Мерки за намалување на влијанието врз квалитетот на воздухот и микроклима

За намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух и микроклимата од имплементацијата на изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изведба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, општина Штип, се предлагаат следните мерки:

- Почитување на законски барања за заштита на воздухот;
- Оптимизација на логистиката за намалување на бројот на возила и транспортни рути,
- Користење на возила и механизација со ниски емисии;
- Редовно одржување на градежна механизација за намалување на емисиите;
- Навлажнување на земјиште и патишта за намалување на прашината;
- Соодветно складирање и ракување со градежен отпад и помошни материјали;
- Превенција од истекување на штетни супстанции кои можат да загадуваат воздухот;

- Брза интервенција при идентификација на прекумерни емисии;
- Обезбедување на системи за известување и пријавување на хаварии и несреќи;
- Обука на персоналот за важноста од минимизирање на емисиите.
- Обезбедување на соодветна документација за заштита на животната средина (студија за ОВЖС, Елаборат за заштита на животната средина) пред започнување со градба на објектите за кои согласно Закон за заштита на животна средина задолжително се изработуваат горенаведените документи
- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина

*Други мерки за спречување и контрола на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух се очекува да произлезат со подетална анализа на влијанијата која ќе произлезе од студиите за оцена на влијанието врз животната средина, елаборатите за заштита на животната на ниво на проект.*

## 9.2 Мерки за намалување на влијанието врз водите

Во согласност со Законот на водите (Службен весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и Службен весник на РСМ бр. 151/21 и 3/25) заради заштита и спречување од оштетување на водостопанските објекти и постројки, во проектната документација потребно е да бидат вградени следните критериуми:

- Заради заштита и одржување иа природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон, изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта, односно нивната местоположба вон населени места треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините и советот на градот Скопје на предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци се забранува:
  - да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите
  - да се вади песок, чакал и камен од речното корита за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и да се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користење на водите
  - да се менува правецот на водогекот без согласност на Министерството за животна средина и просторно планирање
  - да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите без одобрение

- изградба на постројки и објекти или било кои работи и активности што опфаќаат преработка, постапување, складирање, отстранување или транспорт на опасни материи, супстанци и цврст или течен отпад
- да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10 метри од внатрешната страна и 10 метри од надворешната страна на ножицата на насипот
- да се врши сообраќај долж или преку водостопанските објекти и постројки, освен на определени места за тоа (природни рампи)
- да се фрла отпаден материјал (комунален, индустриски и др. отпад), земја, градежен шут, јаловина и слично.

- Изведувањето на водостопанските објекти и постојки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно – техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите врз корисниците
- Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанци
- Одговорните за изработка на проектна документација, потребно е да имаат во предвид дека испуштањето на атмосферските води од одводните канали не смее да предизвика нарушување и/или влошување на состојбата со квалитетот на водното тело- реципиент, утврдена во Уредбата за категоризација и класификација на водите на РМ (Сл.Весник бр. 18/99)
- Во однос на водотеците кои се опфатени со планскиот опфат, потребно е да бидат исцртани во графичкиот дел од проектната документација и да бидат разработени во текстуалниот дел. Воедно, потребно е да се има во предвид согласно Законот за води, Министерството за животна средина и просторно планирање издава Водостопанска согласност, заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјиште, а кои можат да влијаат врз режимот на водите.
- при изработката на документацијата и нејзината реализација да се избегнува деградирање на сливот на реката преку сечење на дрва, уништување на вегетацијата, менување на пејсажот и сл. што би можело да предизвика појава на ерозија, порои и лизгање на земјиштето. Исто така пред да се отпочне со изработка на проектна документација да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и одводнување на обработливите површини и соодветно на тоа да се преземат мерки за нивна заштита и непречено функционирање.
- за да не се наруши планираниот регионален водоснабдителен систем Црна Река при изработка на документацијата да се утврди планираната инфраструктура и соодветно на тоа да се преземат мерки за нивна заштита и непречено функционирање.

- Од причина што во границите на планскиот опфат се наоѓаат два издани на вода со голема издашност, потребно е да прибавите податоци и информации од Геолошки завод на Република Северна Македонија во однос на локациската поставеност и нивната издашност.
- За секое користење на вода и испуштање на водите, потребно е остварување на водно право, за што Министерството за животна средина и просторно планирање издава Дозвола за користење на вода и Дозвола за испуштање во водите во постапка пропишана согласно Закон за водите.
- при изработка на основниот проект за изградба на ветерниците и пристапниот пат, согласно Законот за води, во делот од заштитниот појас од 50м на постојните природни водотеци задолжителна е претходно добавена водостопанска согласност од МЖСПП- Сектор за води. За секое користење на вода и испуштање во водите, потребно е остварување на водно право, за што Министерството за животна средина и просторно планирање издава Дозвола за користење на вода и Дозвола за испуштање во водите во постапка пропишана согласно Законот за водите.
- Да се направи правилен избор на конструкција и техника за поставување на инсталациите во насока на заштита од ерозија предизвикана од ветер на околното земјиште и сливните подрачја на реките кои се наоѓаат во близина на предметната локација.
- обезбедување на соодветна документација за заштита на животната средина (студија за ОВЖС, Елаборат за заштита на животната средина) пред започнување со градба на објектите за кои согласно Закон за заштита на животна средина задолжително се изработуваат горенаведените документи
- добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина
- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, се забранува:
    - да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојаниот режим на водите и да се предизвика ерозија или се оневозможи користење на водите.
    - да се менува правецот на водотекот без согласност на Управата за Животна средина Сектор за води.
    - да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, без одобрение.
    - да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10 м од внатрешната страна и 10 м од надворешната страна на ножицата на насипот. за постоечките канали потребно е слободен пристап по 5 м лево и десно од надворешната страна на ножицата на насипот.

*Други мерки за спречување и контрола на емисии во води се очекува да произлезат со подетална анализа на влијанијата која ќе произлезе од студиите за оцена на влијанието врз животната средина, елаборатите за заштита на животната на ниво на проект*

## 9.3 Мерки за намалување на влијанието врз почвата

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Во време на градежните активности потребно е контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, да не се вршат поголеми ископи од планираните, како и вишокот на земја да се искористи повторно. Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на ископаниот материјал со времена покривка, озеленување, како и бариери на нагибите. Со донесување на планот земјиштето во границите на површините за градење и градежната парцела ќе добие статус на градежно земјиште. Земјиштето коешто не е под инфраструктурни градби може да остане земјоделско земјиште. Со доследно спроведување на мерките предвидени за води, ќе се спречи било какво загадување на почвата во самиот плански опфат надвор од него.

Се предлага мерките за заштита на почвата да се вградат во Оперативен план, кој ќе биде подготвен од експерт од таа област и воведување на строг и перманентен мониторинг на спроведување на планот.

- Доколку на предметната локација се потврди веројатноста за настанување на интензивна ерозија што е сосоема реално и аверојатно, да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно законската регулатива;
- Соодветно управување со отпад и спречување истекување на масла и горива;
- Редовно одржување и проверка на машините за спречување на технички дефекти и истекување;
- Обука на работниците за правилна манипулација со опрема и отпад;
- За подобрување на состојбата со почвите на самиот опфат, на сите слободни површини да се предвидат зелени површини;
- Обезбедување на соодветна документација за заштита на животната средина (студија за ОВЖС, Елаборат за заштита на животната средина) пред започнување со градба на објектите за кои согласно Закон за заштита на животна средина задолжително се изработуваат горенаведените документи;
- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина.

*Други мерки за спречување и контрола на емисии во почва се очекува да произлезат со подетална анализа на влијанијата која ќе произлезе од студиите за оцена на влијанието врз животната средина, елаборатите за заштита на животната на ниво на проект.*

## 9.4 Мерки за намалување на влијанието врз биодиверзитетот и природното наследство

Со Законот за заштита на природата ("Службен весник на РМ" бр: 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) се уредува заштитата на природата преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја и надвор од заштитени подрачја. Во современото планирање на просторот, задачите на заштитата на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина.

Од аспект на заштита на природата просторот кој е предмет на изработка на горенаведниот плански документ се наоѓа надвор од границите на заштитените подрачја во Р.С. Македонија и идентификуваните Натура 2000 подрачја. Доколку при разработка на урбанистичкиот план или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата (Сл.Весник на РМ бр. 67/04,14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и (Сл.Весник на РСМ бр. 151/21).

Потребно е да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалиштата и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите и деградација на биодиверзитетот. При изработката на документацијата на предметниот простор да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот:

- Извршување опсежен мониторинг на птици и лилјаци пред реализација на проектот и по потреба за време на градба и оперативност
- Минимизирање на отстранување на вегетацијата и превенција од ерозија преку стабилизација на почвата и поставување заштитни насади.
- Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е: навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма; апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и терените во непосредните сливови на вештачките акумулации; пошумувањето на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода и да се врши пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.
- да се направат испитувања под кој агол паѓаат сончевите зраци врз предметната локација во различни временски интервали од денот и во различните периоди од годината.
- Соодветно управување со отпадот и спречување на инцидентни излевања на опасни материјали и супстанции.
- временско усогласување на градежните активности со биолошките сезони,

- Намалување на бучавата преку примена на тивки и модерни машини и техники.
- Планирање и позиционирање на ветерниците за минимално влијание врз птиците и потенцијално лилјаците.
- Обезбедување на соодветна документација за заштита на животната средина (студија за ОВЖС, Елаборат за заштита на животната средина) пред започнување со градба на објектите за кои согласно Закон за заштита на животна средина задолжително се изработуваат горенаведените документи
- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина

*Други мерки за заштита на биодиверзитетот и природното наследство се очекува да произлезат со подетална анализа на влијанијата која ќе произлезе од студиите за оцена на влијанието врз животната средина, елаборатите за заштита на животната на ниво на проект.*

## 9.5 Мерки за намалување на влијанието врз пределот

Планирањето на големината на површините за градба, висините на градбите, процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, одредувањето на потребен број места за паркирање како и останатите урбанистички параметри треба да бидат во согласност со важечките стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, но одредени според специфичноста на планскиот опфат.

Условите за планирање издадени од Агенција за планирање на просторот , а за кои од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање е издадено Решение, треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во Просторниот план на Република Северна Македонија, а во согласност со истиот. За намалување на влијанијата врз пределот се препорачува:

- Минимизирање на површините за привремено складирање на материјали.
- Воспоставување на зелени појаси и засадување дрвја околу градилиштето за визуелна заштита.
- Информирање на јавноста за придобивките од проектот и позитивното влијание врз животната средина.

Придржување кон основните начела на заштита на културното наследство и културниот предел со примена на мерката на урбана реконструкција, односно воспоставување состојба која ќе ги подобри условите за живеење и работа со изградба на нови градби кои ќе ги почитуваат амбиенталните карактеристики со традиционалните форми и карактеристики на пејзажот и хармонијата со целината.

- Примена на мерките за намалување на влијанијата врз водите, почвата, воздухот, управувањето со отпад, мерките за заштита од несреќи и хаварии;

- Обезбедување на соодветна документација за заштита на животната средина (студија за ОВЖС, Елаборат за заштита на животната средина) пред започнување со градба на објектите за кои согласно Закон за заштита на животна средина задолжително се изработуваат горенаведените документи;
- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина.

*Други мерки за спречување и контрола на влијанија врз пределот се очекува да произлезат со подетална анализа на влијанијата која ќе произлезе од студиите за оцена на влијанието врз животната средина, елаборатите за заштита на животната на ниво на проект.*

## 9.6 Мерки за намалување на влијанието врз културното наследство

За заштита на културното наследство во текот на спроведување на проектниот опфат Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк "ВЕЦ Громовник" за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 KW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип се наложува задолжително вршење на археолошки истражувања согласно член 55 од Закон за заштита на културно наследство (службен весник на РМ бр.20/04, 115/07, 18/11 20/19) и задолжително присуство на овластен археолог конзерватор, кој ќе врши археолошки конзерваторски надзор при почеток на изведување на градежните активности.

Оттаму, пред отпочнување на градежните работи, Изведувачот е должен да ја извести надлежната институција односно НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Штип и да овозможи присуство на стручен кадар кој ќе врши стручен археолошки надзор.

Доколку при изведувањето на земјените работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство, односно веднаш да се запре со започнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство согласно член 129 од Законот за заштита на културното наследство.

- Обезбедување на соодветна документација за заштита на животната средина (студија за ОВЖС, Елаборат за заштита на животната средина) пред започнување со градба на објектите за кои согласно Закон за заштита на животна средина задолжително се изработуваат горенаведените документи
- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина

*Други мерки за спречување и контрола на влијанија врз културно наследство се очекува да произлезат со подетална анализа на влијанијата која ќе произлезе од студиите за оцена на влијанието врз животната средина, елаборатите за заштита на животната на ниво на проект.*

## 9.7 Мерки за намалување на влијанието од зголемено ниво на бучава

При поставувањето на ветерниот парк „Громовник“ треба да се почитуваат одредбите пропишани со законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа. Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава.
Во насока на минимизирање на негативните влијанија врз животната средина и намалување на бучавата до ниво кое нема да има негативно влијание врз луѓето и животинскиот свет во околината на предметната локација се препорачува современ дизајн на конструкцијата.

Мерките за намалување на нивото на бучава ќе се препорачаат на ниво на проект, при тоа најмалку да се примени:

- Ограничување на работното време на градежната механизација.
- Користење на современа и добро одржувана механизација и опрема.

Изградбата и работењето на ветерниот парк може да предизвика појава на бучава, која потекнува од два главни извори – аеродинамичниот шум од вртењето на лопатките и механичкиот шум од турбинските компоненти (менувачи, генератори). Нивото на бучава зависи од типот и технолошките карактеристики на турбините, брзината и насоката на ветерот, како и од релјефот на теренот. Во услови на нормално работење, бучавата се намалува со растојанието, но во непосредна близина на турбините може да биде забележлива.

За да се избегнат негативни влијанија врз населението и чувствителните приемници на бучава, при планирањето на ветерниот парк е предвидено турбините да бидат поставени на соодветна оддалеченост од населени места и зони со рекреативна или здравствена намена. Дополнително, ќе се користат современи турбини со оптимизиран аеродинамичен дизајн на лопатките, што значително го намалува аеродинамичниот шум.

Во фазата на работа ќе се спроведува редовно одржување на механичките компоненти со цел да се избегне зголемување на механичкиот шум поради абење или дефекти. При екстремни услови на висока брзина на ветер, кога нивото на бучава може да биде зголемено, ќе се применат режими на намалена работа или привремено исклучување на поединечни турбини, особено во ноќните часови.

Со цел континуирана контрола на состојбата, да се воспостави систем за мониторинг на бучавата на репрезентативни точки околу ветерниот парк, при што резултатите ќе се користат за навремено преземање на корективни мерки, доколку се утврди надминување на дозволените граници. Со ваквиот пристап, влијанијата врз бучавата ќе се задржат во рамките на законски дозволените нивоа и нема да се очекува значително нарушување на акустичната комфорност на околината.

- Обезбедување на соодветна документација за заштита на животната средина (студија за ОВЖС, Елаборат за заштита на животната средина) пред започнување со градба на објектите за кои согласно Закон за заштита на животна средина задолжително се изработуваат горенаведените документи
- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина

*Други мерки за спречување и контрола на влијанија од бучава се очекува да произлезат со подетална анализа на влијанијата која ќе произлезе од студиите за оцена на влијанието врз животната средина, елаборатите за заштита на животната на ниво на проект.*

## 9.8 Мерки за намалување на влијанијата предизвикани од управувањето со отпадот

Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија. Создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација.

Отстранувањето на градежниот шут и поголеми количини на отпадоци при изградбата ќе го врши директно на своја сметка причинителот на истите и тоа дирекно во регионалната депонија под услови кои ќе ги одреди управувачот на депонијат

Со цел минимизирање на влијанието врз животната средина, отпадот ќе се собира селективно уште на местото на неговото создавање. За секој вид отпад ќе се користат соодветно означени контејнери и садови, сместени на привремени складишта со цврста подлога и заштита од атмосферски влијанија. Опасниот отпад ќе се складира во непропустливи, затворени садови, со јасно означување, за да се спречи истекување и загадување на почвата и водите.

Целиот собран отпад, без разлика на категоријата, ќе се предава на овластени компании за транспорт, третман и отстранување, во согласност со важечките законски прописи. Металниот отпад, каблите, амбалажата и други рециклирачки материјали ќе се предаваат на оператори за рециклирање, со цел намалување на количината што завршува на депонии.

Персоналот и изведувачите ќе бидат обучени за правилно ракување со отпад, а за сите активности ќе се води евиденција во согласност со законските обврски, што ќе овозможи целосна следливост на движењето на отпадот – од неговото создавање до конечниот третман или отстранување. Со ваквите мерки, се обезбедува дека влијанието од отпадот врз животната средина ќе биде минимално, а управувањето ќе биде усогласено со принципите на одржлив развој.

- Обезбедување на соодветна документација за заштита на животната средина (студија за ОВЖС, Елаборат за заштита на животната средина) пред започнување со градба на

објектите за кои согласно Закон за заштита на животна средина задолжително се изработуваат горенаведените документи
- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина

*Други мерки за спречување и контрола на влијанија од управувањето со отпадот се очекува да произлезат со подетална анализа на влијанијата која ќе произлезе од студиите за оцена на влијанието врз животната средина, елаборатите за заштита на животната на ниво на проект.*

**Мерки за управување со отпадот:**

- **Селекција и складирање на отпадот** – сите видови отпад што ќе се генерираат при изградбата и работењето (градежен отпад, амбалажен отпад, метален отпад, масла, батерии, електронски компоненти) ќе се собираат селективно, според нивната класа и опасност, во соодветно означени и обезбедени контејнери;
- **Привремени локации за складирање** – ќе се обезбедат простори за привремено складирање на отпадот, со цврста подлога и заштита од атмосферски влијанија, за да се спречи истекување на загадувачки материи во почвата и водите;
- **Ангажирање овластени компании** – транспортот и конечниот третман/отстранување на отпадот ќе се врши исклучиво преку овластени правни лица, во согласност со Законот за управување со отпад;
- **Посебен третман на опасен отпад** – употребените масла, филтри, батерии и електронски отпад ќе се складираат во затворени и непропустливи садови, со јасна ознака, и ќе се предаваат на лиценцирани оператори за опасен отпад;
- **Рециклирање и повторна употреба** – каде што е можно, материјалите (метал, кабли, амбалажа) ќе се предаваат за рециклирање, со цел намалување на количината отпад што се одлага;
- **Едукација на персоналот** – сите вработени и изведувачи ќе бидат обучени за правилно ракување со отпад, селекција, обележување и пријавување на појави на несанкционирано фрлање;
- **Водење евиденција** – ќе се води детална евиденција за видовите и количините на отпад, датумите на предавање, превозниците и крајните одредишта, за целосна следливост.

## 9.9 Мерки за намалување на влијанието врз населението и социо-економските услови

Спроведувањето на планскиот документ се очекува позитивно да влијае врз демографскиот развој на населението во околината. Мерки кои се предлагаат се:

- Организирање на временски распореди за движење на тешка механизација за да се избегнат периоди на густ сообраќај;
- Обезбедување соодветна сигнализација и заштитни мерки на патиштата;
- Комуникација со локалното население за очекуваните промени во сообраќајот;
- Контрола на брзината на возилата во населени места и околина;
- Користење на механизација и опрема со намалена емисија на бучава;
- Редовно навлажнување на земјените површини за намалување на прашината;
- Поставување заштитни бариери за бучава во близина на населени места;
- Ограничување на градежните активности во временски периоди кога има најголемо влијание врз населението;
- Добра градежна пракса во конструктивна фаза на објектите и почитување на мерки кои произлегуваат од студија за ОВЖС / Елаборат за заштита на животната средина.
- При изработката на основните проекти за реализација на овој план, секаде каде што е можно да се обезбеди врска на пристапните патишта од ветерниот парк со околни некатегоризирани патишта заради континуитет на движење на лесни возила.

## 9.10 Мерки за намалување на влијанието врз човековото здравје

За намалување или избегнување на можните влијанија врз здравјето на населението се препорачува примена на сите предложени мерки за заштита на медиумите и областите од животната средина на ниво на планска и проектна документација. Се препорачува особено внимание да се посвети на управувањето со отпадните води, отпадот, како и мерките за заштита од несреќи хаварии.

- Спроведување на соодветни процедури за управување со отпадни води и отпад;
- Правилно складирање и ракување со горива, масла и хемикалии;
- Редовен мониторинг на емисиите и квалитетот на воздухот и водата;
- Превентивни мерки за спречување истекувања и хаварии;
- Обезбедување на обука за безбедна работа, вклучувајќи работа на височина и ракување со машини;
- Користење на лична заштитна опрема (ЛЗО);
- Јасни процедури и контроли за спречување на несреќи и повреди;

- Организирање на систем за пријавување и реагирање при вонредни ситуации;
- Организирање на безбедни патеки за движење и ограничување на пристапот до опасни зони;
- Контрола на чистотата и редот на градилиштето за намалување ризик од сопнување и паѓање;
- Редовна инспекција и одржување на опремата;

Примената на сите предложени мерки, дадени во сите фази на планирање и процесот на изведба на објектите планирани во рамките на опфатот, ќе овозможи елиминирање на евентуалните негативни влијанија врз животната средина, кои може да се рефлектираат на директен или индиректен начин врз здравјето на луѓето.

## 9.11 Мерки за намалување на кумулативни влијанија

За намалување на кумулативните влијанија, при планирањето на ветерниот парк се предвидува координација со другите активности во регионот, особено ветерниот парк на алказар Енерџи, со цел избегнување на дополнителни градежните работи и минимизирање на притисокот врз природните ресурси. Дополнително, изградбата може да се спроведува во фази, така што активностите ќе бидат распоредени во времето и нема да се создаде истовремено значителен притисок врз животната средина. Усогласување на распоред на турбини, заедничка програма за мониторинг, Заеднички инфраструктурни коридори, обнова на хабитати, избегнување на критични зони, оординиран распоред на градба, мерки против ерозија, заеднички пристапни патишта итн се дел од мерктие дадени во таблеарно во точка 9.12.

Генерално гледано, при планирање на просторот во рамките на планскиот опфат да се имаат во предвид заклучните соглесувања од Услови за планирање на просторот издадени од Агенција за планирање на просторот со тех.бр. Y23025 од мај 2025год., а за кои од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање е издадено Решение за Услови за планирање на просторот со број 15-2465/2 од 13.06.2025 година и Решение за исправка на техничка грешка на Решение за услови за планирање на просторот со арх.бр. 15-2464/2 од 13.06.2025 година. За таа цел потребно е:

- Планирање на површини за градење со урбанистички параметри во склад со зададеното од Условите за планирање на просторот

- Планирање на соодветна инфраструктура и комунална супраструктура со која непречено ќе се опслужуваат сите планирани содржини во просторот; и

- Задоволување на потребите на крајните корисници до мерка која нема да се загрози општото добро.

Кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми. Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Мониторингот да се врши интегрирано, вклучувајќи мерења на бучава, квалитет на воздух, биодиверзитет и водни ресурси, за да се утврди дали постои акумулиран ефект од повеќе проекти. Особено внимание ќе се посвети на заштитата на осетливите видови и нивните станишта. Преку овие мерки, како и преку редовна комуникација со локалната заедница, се обезбедува дека кумулативните влијанија ќе бидат минимизирани и управувани на одржлив начин.

## 9.12 Мерки предвидени за заштита од несреќи хаварии

При одвивање на активностите на локацијата како можни несреќи и хаварии кои можат да се случат се следниве: Инциденти поврзани со безбедноста и здравјето на работниците, инциденти поврзани со токсични или опасни хемиски супстанции, пожари, сеизмичка активност-земјотреси, лизгање на земјиштето и поплави. За избегнување на овие катастрофи и намалување на последиците се превземаат одредени методолошки постапки за планирање на просторот од аспект за заштита.

Сообраќајниот систем во планскиот опфат се состои од сообраќајница која овозможува лесен пристап на противпожарните возила до градбите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сите сообраќајници и пристапи планирани се така да овозможуваат несметан пристап за пожарни возила со доволна широчина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Системот за заштита и спасување се остварува преку:

- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и заемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средстата за заштита и спасување;
- Одредување и изведување на заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето.

Изведувачот треба да:

- Следи барања вградени во законодавството за противпожарна заштита:

- Употреби на опрема за гаснење на пожари поставен на локацијата за време на градежните активности;
- Редовни обуки и тренинзи за противпожарна заштита;
- Употреба на противпожарни системи - овие системи треба да бидат во согласност со прописите кои ја регулираат противпожарната заштита;
- Во никој случај да не се користи заварување за спојување и прицврстување на метални делови од и кон конструкцијата

Со оглед на конфигурацијата на теренот, не се очекува настанување на свлекување на земјиштето. Сепак, согласно насоките од Дирекцијата за заштита и спасување, во понатамошните фази е препорачано е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања. Доколку при реализација на урбанистичкиот проект се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Закон за заштита културното наследство („Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12). Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини. Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Урбанистичката Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на Државната урбанистичка планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања. Откако ќе ги разработите и вградите условите за заштита и спасување во Урбанистич ката документација за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк,, ВЕЦ Громовник за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност 10мм,КО Долани, КО Драгоево, КО Штип вонград, КО Ново Село-Општина Штип да ја доставите до Ди рекцијата за заштита и спасување, за да добиете мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување

Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај потребно еобележување на ветерни турбини како препреки во воздухопловството означени на следниот начин:

За дневно воочување:

- Боење на перките, куќиштето (nacelle) и горните две третини од носечкиот столб на ветерната турбина во бела рефлектирачка боја.

- На највисокиот дел од столбот да се постави 1 бело светло, тип А, СИ, 20.000cd, трептечко.

За ноќно воочување:

- На највисокиот дел од столбот да се постави 1 црвено светло, тип Б, СИ, 2.000cd, трептечко,

- На средина од столбот да се постават 3 црвени светла ( под агли 120 степени) тип Е (или тип А или В, доколку тип Е е несоодветен), НИ, 32cd, трептечки.

Секое светло со СИ поставено на највисоката точка (куќиштето), потребно е да се обезбеди и со резервно светло во случај на дефект на првото. Единечните светла на сите ветерници треба истовремено да трепкаат

Се задолжува сопственикот на препреките, во рок од 90 дена од приемот на решението, да склучи договор со давателот ATM/ATS услуги (М-НАВ АД Скопје) за објавување на сите ветерни турбини во Зборникот на воздухопловни информации (AIP) и издавање на безбедносни известувања (NOTAM) во случај на дефект/неисправност на ознаките за дневно/ноќно воочување.

Му се укажува на сопственикот на препреките дека е должен континуирано да ја одржува и следи состојбата на исправноста на визуелните ознаки за обележување

# 10. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ ВРЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Стратегиската оцена на животната средина вклучува мониторинг над реализацијата на планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип, и сите значителни идентификувани позитивни и негативни влијанија, кои би настанале од реализација на Планот.

Планот за мониторинг овозможува континуирано следење на спроведувањето на планските активности, како и анализа и оценка на промените во состојбите на медиумите на животната средина и релевантните социо-економски аспекти.

Планот овозможува воспоставување на интерактивна врска помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки. Основните придобивки од мониторингот над имплементација на Планот се:

- Потврдување дека договорените услови при одобрувањето на Планот се соодветно спроведени;
- Обезбедување податоци за понатамошно следење на состојбите/трендови во животната средина;
- Обезбедување поголем увид во промените на состојбите со медиумите во животната средина на одредени локации;
- Потврдување дека влијанија се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности;
- Следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија од имплементацијата на Планот и управување со истите;
- Потврдување дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- Утврдување кои активности треба да бидат преземени за редуцирање на влијанијата врз животната средина.

За да се обезбеди ефективно следење на спроведувањето на Планот, неопходно е да се врши мониторинг на дефинираните индикатори и нивниот напредок, при што треба да се земат предвид и податоците за моменталната состојба на животната средина. Ваквото следење ќе овозможи проценка на оправданоста, ефикасноста и применливоста на предложените мерки за ублажување на влијанијата, што е значајно за унапредување на заштитата на животната средина. Преку мониторингот ќе се потврди ефективноста на имплементацијата на Планот, релевантноста на предложените мерки, како и валидноста на целите поставени во Планот и во Стратегиската оцена на животната средина. Следењето ќе се базира на утврдени индикатори.

**Табела 5. Мониторинг на проектот**

| ЦЕЛИ | МОНИТОРИНГ | СОЖС ИНДИКАТОРИ | ИЗВОРИ НА ВЕРИФИКАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| **Унапредување на животните услови на населението** | - Мониторинг на медиумите во животната средина;<br>- Следење на состојбата на здравјето на населението;<br>- Следење на стапката на вработеност;<br>- Следење на приходите на вработените во планскиот опфат. | - Имплементација на планските содржини;<br>- Не се евидентирани нарушувања на медиумите од животната средина и ризици од несреќи и хаварии;<br>- Не се евидентирани заболувања кај населението како резултат на нарушен квалитет на животна средина од имплементација на Планот;<br>- Измерени вредности за емисии во медиумите на животната средина;<br>- Зголемена стапка на вработеност;<br>- Намалена миграција;<br>- Намален број на вработени. | - Редовни извештаи за мониторинг од МЖСПП или акредитирана институција;<br>- Извештаи од Министерство за здравство;<br>- Центар за развој на ЈЗР<br>- Институт за јавно здравје<br>- Агенција за вработување на РМ<br>- Финансиски извештаи;<br>- Статистички извештаи;<br>- Локална самоуправа. |
| **Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на стакленичките гасови** | - Мониторинг на амбиентниот воздух и квалитет на воздух од испуст на исталациите; | - Концентрација на измерените вредности е во границите на МДК;<br>- Евидентиран третман на емисиите;<br>- Состојбата со микроклиматските параметри е непроменета;<br>- Обезбедена електрична енергија од обновливи извори. | - Редовни извештаи од мониторинг на МЖСПП или акредитирана институција;<br>- Дирекција за заштита и спасување;<br>- Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство;<br>- Државен завод за статистика. |
| **Заштита и подобрување на квалитетот на водата и почвата** | -Следење на имплементацијата на содржините предвидени во Планот;<br>-Следење на имплементацијата на мерките за заштита на водите и почвата предвидени во | - Не се врши зафаќање и користење на површински води;<br>- Нема нарушување на квалитет на површински и подземни води;<br>- Нема ризик по здравјето на луѓето. | - Редовни извештаи од мониторинг на МЖСПП или аккредитирана институција;<br>- Локална самоуправа на општина Штип;<br>- МЖСПП;<br>- МЗШВ; |

| ЦЕЛИ | МОНИТОРИНГ | СОЖС ИНДИКАТОРИ | ИЗВОРИ НА ВЕРИФИКАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| | Планот, Извештајот за СОЖС и од останатите проекти;<br>-Следење на начинот на користење на водните ресурси и нивните количини;<br>-Следење на начинот на собирање и третман на санитарни отпадните води;<br>-Следење на квалитетот на почвата, доколку има индикации за можни загадувања;<br>-Следење на начинот на управување со отпад;<br>-Следење на квалитетот на воздухот. | | - Міністерство за транспорт;<br>- Јавно комунално претпријатие;<br>- Дирекција за заштита и спасување;<br>- Овластени компании за превземање на отпад. |
| **Заштита и унапредување на биолошката разновидност** | - Мониторинг врз квалитетот на живеалиштата и популациите на карактеристичните видови на флора и фауна;<br>- Мониторинг на биолошката разновидност присутна во опкружувањето на планскиот опфат; | - Процент на зачувани живеалишта/ видови;<br>- Непроменети карактеристики на квалитетот на почвата во однос на состојбата пред имплементација на планските содржини; | - Локална самоуправа на општина Штип;<br>- МЖСПП;<br>- МЗШВ;<br>- Министерство за транспорт;<br>- Јавно комунално претпријатие;<br>- Дирекција за заштита и спасување;<br>- Извештаи, проектни/плански документи, дозволи, одобренија, мислења итн. |

| ЦЕЛИ | МОНИТОРИНГ | СОЖС ИНДИКАТОРИ | ИЗВОРИ НА ВЕРИФИКАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| **Заштита и унапредување на пределот и пејсажните карактеристики** | - Мониторинг на имплементација на активностите предвидени во Планот;<br>- Мониторинг на начинот на управување со отпад; | - не се доставени поплаки од населението во однос на промените на пределот;<br>- со отпадот се управува во согласност со законските барања. | - Локална самоуправа на општина Штип;<br>- МЖСПП;<br>- МЗШВ;<br>- Министерство за транспорт; |
| **Заштита на материјалните добра** | - Следење на имплементација на содржините предвидени во Планот;<br>- Следење на начинот за управување со отад и сл.,<br>- Следење и имплементација на мерките за заштита од несреќи и хаварии. | - Имплементација на мерки за заштита на материјалните добра;<br>- Имплементирани мерки за заштита од несреќи и хаварии;<br>- Не се евидентирани појави на конфликти, ризици и хаварии. | - Локална самоуправа на општина Штип;<br>- МЖСПП;<br>- МЗШВ;<br>- Министерство за транспорт;<br>- Министерство за економија;<br>-Дирекција за заштита и спасување;<br>- Извештаи, проектни/плански документи, дозволи, одобренија и мислења и сл. |
| **Заштита на културните добра** | - Следење на имплементацијата на планските содржини во однос на почитување на законските обврски за заштита на вредноста на култруното населдство. | -извршени археолошки истражувања<br>- Усогласено постапување во случаи на евентуално откриени културни добра и нивна заштита. | - Локална самоуправа на општина Штип;<br>- Музеј Штип;<br>Министерство за култура. |

## 11. ЗАКЛУЧОК

Заклучоци кои се дефинирани при изработка на нацрт извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ ГРОМОВНИК“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново село штип, општина Штип се следните:

- Цел на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип е планирање на површини за градба на објекти со поединечна намена Г3.7 – ветерни електрани (мали плантажи до 10 ветерници), пристапен пат до истите, подземен електричен вод и оптички кабел;
- Нацрт извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистичкиот план за ветерен парк „Громовник“ во Општина Штип покажува дека реализацијата на проектот може да донесе значајни придобивки, но и дека постојат потенцијални ризици кои бараат внимателно управување;
- Согласно дописот бр.11-2747/2 од 22.05.2025 година од Секторот за природа, Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање известено е дека планскиот опфат не влегува во граници на заштитени подрачја утврдени со закон и истиот не е во границите на Емералд подрачје и идентификуваните Натура 2000 подрачја во Република Северна Македонија;
- Согласно добиените податоци и информациите НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Штип со арх.бр. 08-186/4 од 03.06.2025 година за изработка на планскиот документ, констатирано е дека во планскиот опфат евидентирано е културно наследство - археолошкиот локалитет Јеребичова Вода- водовод од доцноантичко време и локалитет Градиште Петокрака;
- Со оглед на состојбата на просторот и присуство на други проекти, кумулативните влијанија се оценуваат како значителни, доколку не се превземат мерки;
- Проектот е усогласен со националните и европските стратегии за развој на обновливите извори на енергија и претставува чекор напред кон зголемување на енергетската независност на државата. Со инсталирање на осум турбини со вкупен капацитет над 57 MW и годишно производство од околу 108 GWh електрична енергија, ќе се намали зависноста од фосилни горива и ќе се редуцираат емисиите на стакленички гасови, што ќе придонесе за ублажување на климатските промени;
- Идентификувани се негативни влијанија, како што се можни нарушувања на биодиверзитетот (особено кај птиците и лилјаците), промени во пејсажот, генерирање на бучава и ризик од ерозија и загадување за време на градежните активности. Овие влијанија

можат значително да се намалат доколку се спроведат предложените мерки: временско усогласување на градежните активности со биолошките сезони, примена на технологии и методи за намалување на бучавата, внимателно управување со отпадот и континуиран мониторинг на состојбата на животната средина;

Во таа насока се даваат следните препораки:

- Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот за изградба на ветерен парк “ВЕЦ ГРОМОВНИК” за производство на електрична енергија од обновливи извори, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип вон град, КО Ново Село Штип, Општина Штип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа;
- При изработување на планската документација да бидат почитувани сите податоци, информации, претходни услови и мислења добиени од органите на државната управа и другите надлежни субјекти и засегнатите страни и засегнатата јавност;
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности;
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот во периодот на изградба на ветерните електрани, со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии;
- При изработката на документацијата и нејзината реализација да се избегнува деградирање на сливот на реката преку сечење на дрва, уништување на вегетацијата, менување на пејсажот и сл. што би можело да предизвика појава на ерозија, порои и лизгање на земјиштето. Исто така пред да се отпочне со изработка на проектна документација да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и одводнување на обработливите површини и соодветно на тоа да се преземат мерки за нивна заштита и непречено функционирање;
- За да не се наруши планираниот регионален водоснабдителен систем Црна Река при изработка на документацијата да се утврди планираната инфраструктура и соодветно на тоа да се преземат мерки за нивна заштита и непречено функционирање;
- Од причина што во границите на планскиот опфат се наоѓаат два издани на вода со голема издашност, потребно е да прибавите податоци и информации од Геолошки завод на Република Северна Македонија во однос на локациската поставеност и нивната издашност;
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина;
- Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.

- Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалиштата и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите и деградација на биодиверзитетот;
- При изработката на документацијата на предметниот простор да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот;
- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата;
- Задолжително вршење на археолошки истражувања согласно член 55 од Закон за заштита на културно наследство (службен весник на РМ бр.20/04, 115/07, 18/11 20/19) и задолжително присуство на овластен археолог конзерватор, кој ќе врши археолошки конзерваторски надзор при почеток на изведување на градежните активности;
- Доколку при изведување на земјаните работи за поставување на објектот, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со Член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/1, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на Член 129 од Законот.
- Примена на мерките предложени во планската документација и Извештајот за СОЖС кои предвидуваат мерки за ефикасно користење на просторот, намалување на емисиите во животната средина, со цел избегнување на директните и индиректните ефекти врз медиумите и областите од животната средина и населението, особено мерките за заштита на водите, воздух, биодиверзитет, предел, бучава како и мерките за заштита од несреќи и хаварии;
- Подетална анализа на влијанијата врз животната средина од реализацијата на плански содржини да се направи на ниво на проект (со изработка на Елаборат за заштита на животната средина, Студија за оцена на влијанијата врз животната средина);
- Спроведување на мерки за намалување на кумулативни влијанија со останати проекти;
- Спроведување на Планот на мониторинг, ко кој ќе се добијат податоци за состојбата на одредени медиуми на животната средина и следење на ефектите од примената на мерките за ублажување на негативните влијанија;
- Спроведување на мерки за заштита и спасување, дефинирани во планската документација;
- Спроведување на процедурата за информирање на јавноста и организирање на јавна расправа.

# 12. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ

Основна цел на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник“ за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип е планирање на површини за градба на објекти со поединечна намена Г3.7 – ветерни електрани (мали плантажи до 10 ветерници), пристапен пат до истите, подземен електричен вод и оптички кабел.

### 1. Вовед

Овој документ е подготвен како дел од законската обврска за спроведување на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) за планираната изградба на ветерен парк „Громовник“ во Општина Штип. СОЖС е процес кој овозможува уште во фазата на планирање да се разгледаат сите можни влијанија врз природата, здравјето на луѓето и општеството, како и мерките со кои тие влијанија би се спречиле или намалиле. Проектот е дел од националната стратегија за зголемување на користењето на обновливи извори на енергија, со цел да се намали зависноста од фосилни горива и да се придонесе кон намалување на емисиите на стакленички гасови.

### 2. Вовед во стратегиската оцена

Стратегиската оцена на животната средина претставува систематски процес во кој се вклучуваат институциите, експертите и јавноста за да се идентификуваат можните последици од реализацијата на еден план или програма. Намерата е уште пред да се донесе одлука за изградба, да се обезбеди целосна слика за тоа како проектот би влијаел врз природата и луѓето. Во случајот со ветерниот парк „Громовник“, СОЖС помогна да се утврди дека избраната локација има одлични ветровни услови и релативно ниско влијание врз околината, но и дека постојат одредени ризици кои мора да се следат и контролираат.

СОЖС е процес во кој:

- Се разгледуваат можните последици по природата, здравјето и општеството.
- Се вклучуваат институции, експерти и јавност.
- Се прави избор на најсоодветната локација и техничко решение.

За „Громовник“, ова значеше утврдување на поволни ветровни услови и релативно ниски ризици по животната средина.

### 3. Цели на планскиот документ

Главната цел на планот е да се овозможи изградба на модерен ветерен парк кој ќе произведува чиста електрична енергија од ветер. Предвидени се осум турбини со вкупен инсталиран капацитет од над 57 MW и годишно производство од околу 108 GWh електрична енергија, што е доволно да се снабдат илјадници домаќинства. Планот опфаќа изградба на пристапни патишта, подземни

електрични и комуникациски кабли, како и приклучок на постојната електромрежа. Со тоа, се создаваат услови за долгорочна и стабилна експлоатација на обновливата енергија.

Целта е изградба на модерен ветерен парк со:

- 8 турбини со капацитет над **57 MW**.
- Годишно производство од околу **108 GWh**.
- Изградба на пристапни патишта, подземни кабли и приклучок на електромрежа.

## 4. Опис на постојната состојба

Планираната локација се наоѓа во источниот дел на државата, на површина од околу 54 хектари, во предел со ридско-рамничарски карактер и поволни ветровни услови. Околината е слабо населена и не е под значителен урбан притисок, што го намалува ризикот од конфликти со станбени или индустриски зони. Присутни се земјоделски и шумски површини, а природната средина е сочувана, иако постојат делови подложни на ерозија и со ограничени водни ресурси.

## 5. Карактеристики на животната средина

Во рамките на опфатот нема прогласени заштитени подрачја, но постојат живеалишта на диви птици и лилјаци, кои се чувствителни на промени во просторот. Почвата на одредени делови е ерозивна, што бара внимателно планирање на градежните активности. Климатските услови се погодни за ветерна енергија, а водните ресурси се ограничени, па е важно да се избегне какво било нивно загадување. Локацијата се наоѓа во сеизмичка зона, а во пошироката околина има регистрирани културни и археолошки локалитети.

- Нема прогласени заштитени подрачја;
- Постојат живеалишта на птици и лилјаци кои бараат заштита;
- Почвата е делумно ерозивна;
- Локацијата е во сеизмичка зона.

## 6. Цели за заштита на животната средина

Проектот има за цел да го зачува квалитетот на воздухот, водата и почвата, да го заштити биодиверзитетот и културното наследство, и да минимизира појавата на бучава и други нарушувања. Планирано е управувањето со отпадот да биде интегрирано и ефикасно, со селекција, транспорт и рециклирање на отпадните материјали. Ќе се преземат мерки за заштита од ерозија и заштита на водните текови.

Проектот предвидува:

- Зачувување на квалитетот на воздухот, водата и почвата.
- Заштита на биодиверзитетот и културното наследство.
- Минимизирање на бучавата.
- Интегрално управување со отпадот.

**7. Анализа на алтернативи**

При подготовката на планот беа разгледани повеќе можности за локација и техничко решение на ветерниот парк. Избраната локација е оценета како најповолна поради ветровните карактеристики, оддалеченоста од густо населени места и релативно малиот ризик по природните вредности. Алтернативи кои би предизвикале поголеми влијанија беа отфрлени.

**8. Веројатни влијанија**

Реализацијата на проектот ќе има низа позитивни ефекти – намалување на емисиите на стакленички гасови, производство на чиста енергија, зголемување на енергетската независност и поттикнување на локалниот економски развој. Сепак, постојат и можни негативни влијанија: промени во пејсажот, создавање на бучава од турбините, ризик за птиците и лилјаците и нарушувања на почвата и водните текови за време на градбата. Со внимателно планирање и спроведување на предложените мерки, овие влијанија ќе се сведат на минимум.

**9. План за мониторинг**

Во текот на изградбата и експлоатацијата ќе се спроведува редовно следење на состојбата на воздухот, почвата, водата, нивото на бучава и биодиверзитетот. Резултатите ќе се користат за навремена интервенција во случај на појава на непредвидени проблеми.

**10. Заклучоци и препораки**

Ветерниот парк „Громовник“ претставува инвестиција со значајни придобивки за локалната и националната заедница. Тој е во согласност со европските и националните стратегии за обновливи извори на енергија и има потенцијал да придонесе за одржлив економски развој. При доследна примена на мерките за заштита, негативните влијанија врз животната средина ќе бидат минимални, а користа за општеството ќе биде долгорочна.

# 13. ИЗВЕШТАЈ ОД ЈАВНА РАСПРАВА

# 14. ПРИЛОЗИ

Прилог 1. Одлука и формулар за спроведување на Стратегиска оцена

Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 и 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 03/25), Министерството за транспорт на ден 21.07.2025 донесе:

## Одлука за спроведување на стратегиска оцена

За планскиот документ, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРЕН ПАРК „ВЕЦ ГРОМОВНИК" ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО МОЌНОСТ НАД 10 MW, КО ДОЛАНИ, КО ДРАГОЕВО, КО ШТИП-ВОНГРАД, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП што се усвојува од страна на Владата на Република Северна Македонија, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, во согласност со член 65 од Законот за животната средина.

Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРЕН ПАРК „ВЕЦ ГРОМОВНИК" ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО МОЌНОСТ НАД 10 MW, КО ДОЛАНИ, КО ДРАГОЕВО, КО ШТИП-ВОНГРАД, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП, се определуваат: Министерство за транспорт, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Агенција за планирање на просторот, Општина Штип, Државен инспекторат за животна средина, регионални и локални невладини организации, локални бизнис заедници и стопанските комори, локални земјоделци и земјоделски здруженија итн.

За планскиот документ, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРЕН ПАРК „ВЕЦ ГРОМОВНИК" ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО МОЌНОСТ НАД 10 MW, КО ДОЛАНИ, КО ДРАГОЕВО, КО ШТИП-ВОНГРАД, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП чија изработка е одговорно Министерството за транспорт и што се усвојува од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за транспорт, усвојувањето на планскиот документ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРЕН ПАРК „ВЕЦ ГРОМОВНИК" ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО МОЌНОСТ НАД 10 MW, КО ДОЛАНИ, КО ДРАГОЕВО, КО ШТИП-ВОНГРАД, КО НОВО СЕЛО ШТИП, ОПШТИНА ШТИП се очекува да има влијание врз животната средина.

Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: идентификација на можните влијанија врз медиумите и областите на животната средина: воздух, површински и подземни води, почва, бучава, управување со отпад, природа и биолошка разновидност, климатски промени, здравје на луѓето и социо-економски аспекти. Во извештајот треба да се предвидат мерки за надминување на сите идентификувани влијанија, како и да се утврдат мерки за следење на влијанијата.

Одлуката заедно со формуларот за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на интернет страната на Министерството за транспорт, www.mtc.gov.mk.

Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр.07-3743/10

Датум: 21.07.2025

Место: Скопје

Министер

Александар Николоски

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник" за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот** | ТИМ Проект ДООЕЛ Скопје |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Тонка Ромева, дипл. инж. арх., овл. бр. 0.0447 |
| **Назив на работното место** | Управител / Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | ул. Љубљанска 6/1-16, Скопје-Карпош<br>тел: 075424277<br>e-mail: timproekt@yahoo.com |

Страна 1 од 9

**Основни податоци за планскиот документ**

**Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)**

Специфичните потреби и можности за просторен развој на подрачјето во рамки на опфатот произлегуваат од основата за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник" за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип, во согласност со:

- Член 17 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и

- Член 47, став (3), точка 6, алинеја 1 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25).

Основа за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник" за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип, треба да бидат Услови за планирање на просторот од Агенција за планирање на просторот и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во Просторниот план на Република Северна Македонија, а во согласност со истиот.

**Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?**

ДА ☒
НЕ ☐

**Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?**

/

**Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.**

Да, Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник" за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип е плански документ за кој задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето. Од областите определени со член 65 став 2 за кои се спроведува стратегиска оцена на животната средина, планот спаѓа во: Енергетика.

**Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Да** ☒<br>**Не** ☐ | **Член:** 3 | **Точка** 4 | **Алинеја:/** |

**Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**

Со планскиот документ се планира изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник" за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип.

Согласно Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија број 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22 и 03/25) и Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува Елаборат, за чие одобрување е надележен органот за вршење на

стручни работи од областа на животната средина (Службен весник на РМ бр. 80/2009, 36/2012 и 233/2022), дејноста е наведена во поглавје V – Енергетика, Точката 5 – Електрани кои користат обновливи извори на енергија (сонце, ветер, биомаса, биогас, геотермална и др.) со моќност до 200 MW, освен фотонапонски електроцентрали - поставени на кровни површини.

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**
Не.

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

Целта на изработувањето и донесувањето Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник" за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип е усогласување на планските одредби за реализација на просторот со условите зададени во Просторниот план на РМ, урбанизација и рационално уредување на просторот и одржлив развој, дефинирање на наменска употреба на земјиштето и пропратни содржини, како и заштита и унапредување на животната средина и културното наследство, а пред се почитувајќи ја важечката законска регулатива во планирањето и уредување на просторот.

Со изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник" за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип треба да се овозможи планско решение за изградба на ветерен парк со капацитет над 10 MW, да се дефинираат сите архитектонско-урбанистички параметри, нивната функционалност, диспозиција и капацитет, максимално користење на просторот од сите аспекти.

**Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**
Предмет на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник" за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип, произлегуваат од потребата предметниот плански опфат да обезбеди детално урбанистичко решение на планскиот опфат, регулација и парцелација на просторот, планирање на површини за градење и урбанистички параметри за истите, кои ќе бидат во функција на развој на енергетскиот сектор преку производство на енергија од обновливи извори и намалување на увозот на електрична енергија и емисиите на стакленичките гасови, што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Република Македонија за одржлив развој.
Согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25), предвидени намени во планскиот опфат се следните:
Г3.7 - Ветерни електрани
Е1 - Сообраќајна, линска и друга инфраструктура
Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури
Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија
Комплементарни и компатибилни намени, ќе бидат утврдени во самиот урбанистички план, а согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25). Применувањето на системот на немени да е во согласност со Член 80, 81 и Член 83 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25).
**Периодот за донесување на планскиот документ.**
Планирањето на просторот се врши за одреден плански период, кој служи за пресметување на идните потреби за просторен развој и за предвидување на програмските параметри на просторниот развој во постапката за изработување и спроведување на плановите. Планскиот период е време за кое се прави проекција на сите состојби и развојни тенденции врз основа на податоците собрани во базната година на отпочнување со изработка на урбанистички план и временски период за кој се очекува урбанистичкиот план да се реализира.
Плански период 2025-2035

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**
/

**Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).**
Планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк „ВЕЦ Громовник"за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW, КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип, Општина Штип опфаќа катастарски парцели и дел од катастарски парцели во КО Долани, КО Драгоево, КО Штип- вонград, КО Ново Село Штип и зафаќа површина од 545497m² или 54,55 ha.



**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да☒
Не☐

**Дали е приложена копија од целите?**

Да ☐
Не ☒

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето).
Проектот предвидува изградба на ветерен парк, кој ќе има различни влијанија врз животната средина во различни фази на реализација. Во подготвителната и конструктивната фаза, најголемите влијанија се очекуваат од емисија на прашина, издувни гасови, бучава, вибрации и потенцијални влијанија врз почвата и водите, кои ќе зависат од примената на мерки за ублажување. Од особена важност е управувањето со отпадот и избегнување на инцидентни загадувања.
**Очекувани позитивни влијанија:**
Проектот за изградба на ветерен парк ќе има бројни позитивни влијанија, како што се економски придобивки преку создавање на работни места и локален економски развој. Со користењето на обновлива енергија, проектот ќе придонесе за намалување на емисиите на стакленички гасови и ќе поддржи одржлив развој. Заедно со подобрувањето на инфраструктурата и развојот на нови економски можности, се очекува проектот да донесе корист и за локалната заедница.
**Очекувани негативни влијанија:**
Меѓутоа, проектот може да има и негативни влијанија. Во градежната фаза се очекува зголемување на бучавата, прашината и вибрациите, што може да го наруши квалитетот на животот на локалното население. Понатаму, потенцијалните ризици за водите, почвата и биодиверзитетот, како и управувањето со отпадот, се клучни аспекти кои бараат внимателно управување за да се избегнат

Страна 4 од 9

долговечни негативни последици. Визуелното влијание на пејзажот и потенцијалната опасност за птици и животни во околината се исто така предизвици на кои треба да се внимава.

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Изградбата на ветерен парк може да има значајни, но привремени влијанија врз животната средина и локалното население, особено во подготвителната и конструктивната фаза. Во текот на овие фази, генерирањето прашина, издувни гасови и бучава од градежната механизација може да го наруши квалитетот на воздухот и да предизвика краткорочни визуелни и еколошки промени. Влијанијата на водите ќе бидат минимални, доколку се примени соодветна градежна пракса и мерки за заштита од загадување. Истовремено, појавата на ерозија и деградација на почвата е можно да се случи во областите каде ќе се вршат геотехнички испитувања и манипулација со градежен материјал. Во оперативната фаза, влегувањето на ветерните турбини во функција може да предизвика незначителни влијанија врз биодиверзитетот, особено врз птиците, но соодветните мониторинг студии ќе помогнат во минимизирање на овие ефекти. Социјалните влијанија ќе бидат најизразени во фазата на изградба преку зголемен сообраќај и привремени нарушувања, додека во оперативната фаза, ефектите ќе се сведат на долгорочни придобивки како што се нови работни места и намалување на визуелното нарушување по адаптацијата на околината на ветерниот парк. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Кумулативната природа на влијанијата се однесува на тоа дека ефектите од проектот не се појавуваат изолирано, туку се надоврзуваат со веќе постоечки влијанија од други активности во регионот. Во контекст на животната средина, позитивните влијанија – како подобрување на биодиверзитетот, зачувување на екосистемите и зголемена еколошка свест – можат да се засилат со слични иницијативи и политики на локално ниво. Истовремено, и негативните влијанија, особено оние што се поврзани со градежни активности (како бучава, нарушување на хабитати или привремено загадување), можат да се акумулираат со ефектите од други проекти и да предизвикаат поголемо краткорочно оптоварување врз животната средина и здравјето на луѓето. Затоа е клучно навремено планирање и примена на мерки за управување со кумулативните ефекти. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Потенцијалните ризици и опасности поврзани со проектот се: ризик од природни непогоди, ризик од истекување на опасни супстанции (во градежната фаза и при поправка на дефект во оперативна фаза), ризик од појава на пожар, ризик од хаварија на ветерните турбини и енергетското напојување што може да предизвикаат негативни влијанија врз медиумите од животната средина и сл. кои со применување на соодветни мерки ќе гарантираат максимално одбегнување на истите. |

Страна 5 од 9

| | |
|---|---|
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 545497m² или 54,55 ha. Опфаќа катастарски парцели и дел од катастарски парцели во КО Долани, КО Драгоево, КО Штип-вонград, КО Ново Село Штип. Според Попис на населението, домаќинствата и становите во Македонија во 2021 година, вкупната популација во Општина Штип изнесува вкупно 44.866 жители. Густината на населението е 77 лица на квадратен километар. |

**Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**

